ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО - ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА - СКОПЈЕ

# РАЗВОЈОТ НА УРБАНИТЕ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 1997

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА - СКОПЈЕ

# РАЗВОЈ НА УРБАНИТЕ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL POLITICAL AND JURIDICAL RESERCH - S K O P J E

ILIJA ACESKI
NAUM MATILOV

# DEVELOPMENT OF URBAN CENTRES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Skopje, 1997 year

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА - СКОПЈЕ

Илија Ацески
Наум Матилов

# РАЗВОЈ НА УРБАНИТЕ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје 1997 година

Рецензенти:
**Проф.д-р Јован Корубин**
**Проф.д-р Блага Петреска**

За издавачот:
**Проф.д-р Јорде Јакимовски**

Извршен уредник:
**Проф.д-р Наум Матилов**

Јазична редакција:
**Марија Станкова**

Издавач:
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје,**
**Паризански одреди б.б. 91000 Скопје, Македонија**
**тел. 258-222, факс 361-282**

Тираж: 300 примероци
Одобрено со одлука бр.08-307/ од 4.12.1995 год. на научно-наставниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

CIP - каталогизација во публикацијата

316.334.56 (497.17)(082)

Развој на урбаните центри во Република Македонија/Илија Ацевски, Наум Матилов - Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 1993.-172 стр.

1. Ацевски, Илија
а) Урбани центри- Македонија

Проектот е реализиран со материјална подршка од Министерството за наука
Според мислењето на Министерството за култура бр. 08/1-4/300 од 10.03.1997 година за ова издание се плаќа повластена даночна стапка

Печати: **САК СТИЛ Скопје**

# С О Д Р Ж И Н А

РАЗВОЈ НА УРБАНИТЕ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Теоретски и емпириски истражувања -


стр.

I. УРБАНИТЕ ПРОТИВРЕЧНОСТИ ВО РАЗВОЈОТ НА МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО.............................................. 7

II. КРИЗАТА, ГРАДОТ И ПОЛОЖБАТА НА ЧОВЕКОТ ВО МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО.........................19

III. НЕКОИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ, ПРОСТОРНО-ФИЗИЧКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.................................................................29

IV. СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОВИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.................45
- анализа на резултатите од анкетното истражување -

А. Квалитет на живот, големина на градот и типот на населбата.................................................................47

Б. Слободното време и културните потреби на градското население.....................................................................64

В. Неформални групи (соседство и пријателство) и стил на живот.......................................................................69

Г. Промената на местото на живеење и големината на градот.......................................................76

Д. Социјална и етничка сегрегација на градското население.............................................................78

Ѓ. Градот како пријатно место за живеење......................................................................................80

Е. Еколошката свест кај градското население............................83

ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ.........................................................................89

## СОЦИОЛОШКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СЕМЕЈСТВОТО ВО УРБАНИТЕ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


I. ПРОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО КАКО ЧОВЕЧКА ЗАЕДНИЦА

1. Промените на роднинскиот состав на семејството....................99
   а) Промени во големината на семејството....................101
   б) Промени во роднинскиот состав на семејството....................105
   в) Промени во семејното јадро....................108

2. Промени во семејните односи....................112
   а) Односот на мажот кон жената во моментот на несогласување....................113

3. Некои аспекти на промените на семејниот систем на вредности и норми....................118

II. ПРОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО КАКО ИНСТИТУЦИЈА....................127

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК....................133

# РАЗВОЈ НА УРБАНИТЕ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. УРБАНИ ПРОТИВРЕЧНОСТИ ВО РАЗВОЈОТ НА МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

Во анализата на процесот на урбанизацијата, промените на просторно-физичката структура и динамика на развојот на градот поаѓаме од конкретниот начин на производство, кој како "тоталитет" се остварува во "својот простор". Сликата на градот "вистински" ја одразува конкретната општествена практика, односно, урбаната форма се јавува како прсоторен израз на продукцијата и репродукцијата на општествените односи во секоја историска формација. (Трумиќ, ал.1981, стр.144). Лефевр смета дека капитализмот "својот" простор, на сите нивоа, (архитектонски, просторно, урбанистички) го остварил дури во XX век (H.Lefevre, 1974).

Кога се говори за градот и урбанизацијата воопшто, во развиените општества пред се за Западна Европа и Северна Америка) тогаш, неминовно се наметнува прашањето за улогата на државата во организацијата на елементите во просторот. Имено, државата ја превзема улогата таа да ги организира елементите во просторот "почитувајќи" ги интересите на општествените групи.

Организацијата на урбаниот простор "во доцниот капитализам" добива се поголемо значење во манифестирањето на моќта. Политичката моќ се повеќе го креира градот. "Интеракциајта на државата со градот, директно и индиректно е основниот елемент во организацијата на јавните добра што ја сочинуваат урбанта структура" (Castells, M.1980, стр.48) Политизацијата на урбаните прашања, резултира пред се, од општествено-економските противречности во развојот на капитализмот. Меѓузависноста на елементите во капиталистичкиот систем наложува нивно усогласување кое е препуштено на државата и на нејзините институции.

Противречностите што произлегуваат од потребите од можностите за задоволување на средствата за колективна потрошувачка, на ниво на една урбана целина, главно се базираат на

суштината на капиталистичкиот систем и на логиката на капиталот да создава профит по секоја цена. За колективните средства за потрошувачка, кои се во основата на урбаниот систем, капиталот што е ориентиран на извлекување профит по секоја цена не е заинтересиран да ги финансира.

Државата решително интервенира во производството, во распределбата и во управувањето со средствата за колективни потрошувачки, со цел да ги разрешува пројавените противречности во таа област. Интересот на државата на планот на распределбата на колективната опрема е резултат и во урбанииот простор на политичките процеси што во голема мера се определени од класната борба. За Ложкин (Lojkin,Jean, 1977, стр.124, 129) формите на урбанизацијата резултираат пред се, од општествената поделба на трудот (и територијално) тие се во средиштето на противречностите меѓу новите потреби предизвикани од техничкиот прогрес, значајни за проширување на човечките продуктивни сили и законите на акумулацијата на капиталот.

Организацијата на градот се јавува како директен продукт на потребата на штедење споредни трошоци на производството, на транспортот и на потрошувачката, со цел да се забрза обртот на капиталот и да се зголеми вредноста.

Потребно е да се нагласи дека развиените индустриски општества не се повеќе општества на акумулација, туку општества на планирање. Развојот на општеството не е повеќе осигуран со приватната иницијатива, зашто државата гарантира и насочува се поголем број стопански инвестиции. "Поради тоа, ефикасноата на инвестициите се повеќе зависи од сложената политичка стратегија и од испадите на административната организација. Со еден збор, инвестицијата не е повеќе во функција на развојот на еден сектор на општеството или на една класа, туку на општеството во целина. Политиката повеќе не ја следи економската организација, таа и претходи и и наредува. Технократијата општеството го сфаќа, смета Турен, "како збир на можности што ги мобилизира за се поголем развој. Таа, според него, е доминантна класа и по тоа што прогласува единство на економскиот раст и на општествениот прогрес, и ги идентификува општествениот интерес и големите организации, но, кои, иако големи и безлични "сепак се центри на посебни интереси". (Турен, Ален, 1980, стр.51).

Судирите во доцниот капитализам се присутни и нивниот корен е во акумулацијата и концентрацијата на моќта. Тоа се центри на моќ кои што создаваат нови форми на нееднаквости и привилегии. Во

светски размери на поделбата на трудот, се говори за "централни и периферни нации", што вистински ги става владејачките класи наспроти оние со кои се владее. Исто така, внатре во една нација се зголемуваат разликите меѓу централните и водечките делови, сместени во големите организации и нивните маси кои се потчинуваат на промените, публицитетот, пропагандата и распаѓањето на претходните општествени рамки" (исто, стр.57). Во програмираното општество, како што го нарекува Турен модерното - постиндустриско општество, со кое управуваат "апарати на растот", подредената класа повеќе не го определува односот спрема сопственоста.

Динамичниот раст на градот води кон конструирање станбени целини што одговараат на елементарните потреби на домување на работната сила, која е лишена од "автономен живот". Современиот град го разорува општествениот простор и го препушта на игрите на "спекулација и технократска моќ, ја разорува способноста на општеството да го промени својот начин на живот, да создаде нов свет и нови форми на општествени односи и на културни активности" (Paul-Henri Chombart de Lauwe, 1982, стр.15).

Трансформацијата на просторната структура е во функција на техничко-технолошките и економските промени што настануваат во општествените односи коишто во исто време имаат одредена улога во неговата организација.

"Проекцијата" на општествената структура во просторот се формира преку "посредување на градоградителите" низ модели што ги имаат во своите претстави, а што директно или индиректно произлегуваат од интересите на владејачките групи. Промените на условите за живеење и работа, организацијата на просторот, средствата за комуникација се насочувани од владејачките групи во полза на нивните интереси и амбиции. Тоа се манифестира, како на ниво на градот - во неговата внатрешна структура, така и во неговата околина или на меѓународен план и сл.

Просторно-физичката структура и организација на градот во капитализмот е во функција на технократската држава. Просторот се претвара во елемент кој го формира, остварува и распределува вишокот на вредноста. Тој е објективизиран и материјализиран израз на класните спротивнсоти на антагонистичката општествена репродукција, којашто ја сочинуваат противречности на ниво на процесот на производството и на процесот на репродукцијата на работната сила. (Павловиќ, Јосиф, 1983, стр.12). Тежиштето на алиенацијата на работникот од процесот на непосредното материјално производство се проширува на целината на општествениот живот. Она

што е ново во "најновиот развој на капитализмот, во понатамошното подвојување на трудот од страна на капиталот се случува, пред се, на сцената на просторот кој што е класно подреден на функционирањето на капиталот.

На ниво на градот, во процесот на општествената репродукција се манифестираат повеќе противречности. Тие главно се содржини во зголемената зависност на репродукцијата на капиталот од репродукцијата на работната сила и настојувањето на капиталот да заштеди на сметка на работната сила и во проширување на социјалната сегрегација во просторот на градот, која што и натаму е претежно класно фундирана, и, во таа смисла се врши понатамошно раселување на пониските класи од централнтоо градско подрачје и создавање на нови (лажни) потреби на градското население, што се директно во функција на обртот на капиталот и на зголемување на профитот.

Организацијата на просторот повратно влијае врз целината на општествената репродукција и со право некои истражувачи современиот град го сметаат за "фабрика на вишокот на вредноста, а доходот за важен дел од целокупната надградба".

Анализирајки ја стратегијата на капиталот во преуредувањето на старите работнички квартови и уривањето на старите згради во Париз, Кастел (Castells, 1975, стр.30-50) ја илустрира тезата за доминантната улога на крупниот капитал во организацијата на градот. Тој смета дека стратегијата на капиталот, во случајот на Париз, е насочена кон "уривање на старите згради во поедини квартови и изградба на нови статусни згради и населби што би ги поскапеле градежното земјиште и станарините.

Едмонт Претсеј (E.Pretsej, 1977, стр.184) проблемот на урбанизмот го поврзува со проблемите на општествениот простор воопшто, кој ја обезбедува репродукцијата на работната сила, задоволувањето на општествените потреби и потрошувачката. "Тоа значи, смета тој, дека урбанизмот е нераскинливо поврзан со станбената политика, потоа со политиката на изградба на социјални образовни, здравствени и транспортни објекти и најпосле со индустриската и научната политика".

Интервенцијата на државата во урбанистичкото планирање е тесно поврзана со спекулативнисот профит, а се помалку е ориентирана кон продукцијата и репродукцијата на општествените услови на производството, циркуклацијата и репродукцијата на работната сила што доведува до блокирање на производните сили.

Еден од најзначајните процеси што ги зафатил градовите во развиените земји е процесот на метрополитанизацијата. Тој е пред се процес на ширење на влијанието на централниот град над околината и формирање на функционален систем на населби. Околу централниот град - метропола се формираат повеќе мали и средни градови - сателити и предградија, како и урбанизирани земјоделски подрачја и населени простори (Вујовиќ, Сретен, 1982 г. стр.146).

Во метрополскиот регион се губи значењето на физичката средина како детерминанта на функционалниот и општествениот систем, се брише разликата меѓу селото и градот, и на прво место доаѓа динамиката на просторот и општеството, како историска коњуктура на социјалните односи што ја сочинуваат неговата основа“ (Castells, M.1981, стр.39).

Според Кастелс, урбаната дисперзија и формирањето на метрополскиот регион се поврзани меѓу себе и формираат еден општествен тип на развиен капитализам, кој идеолошки е означен под поимот “масовно општество“. Тој претставува нов квалитет во процесот на урбанизацијата што се карактеризира со голема густина на населеност, дислокација на центарот за трговијата на мало, администрација, банкарство, ситно занаетчиство и сл. За разлика од градот во индустрискиот период, метрополската регија формира поинаква урбана структура и овозможува нов распоред на општествените групи во просторот.

Сврзувањето на повеќе населби со различна големина и значење, во една органска, просторно-социјална целина, целосно урбанизирана, претставува само еден “неадекватен израз на урбаниот начин на живот, и степен на концентрација, а без соодветна вистинска урбана фунакција, со која урбаните агломерации треба да зрачат и со него да го апсорбираат руралниот прсотор на своите гравитациони зони (Мариновиќ, Анте-Узелац, 1986, стр.126).

Човекот низ историјата успевал да воспостави рамнотежа на силите кои го формирале градот и да формира соодветна институционална и физичка структура. Современиот град за да избегне секаква можност од недостаток за нешто, целата своја активност ја насочува кон квантитативен раст, не водејќи сметка дека е потребно да се осигигура и “правилен ритам на развој, како и правична распределба на производството“ (Mamford, Luis, 1967, стр.591).

Општо за процесот на метрополитамизацијата, субурбанизацијата, како нови форми на просторната организација и структура, може да се каже следното: тие се резултат на мноштво

чинители, меѓу кои економско-технолошкиот напредок, кој создава објективни услови за голема концентрација на население и економски потенцијал и развиена мрежа на комуникации и средства за масовна потрошувачка на еден мал простор.

Последиците што ги создава мегалополисот се тешко согледливи. Дали тоа е почеток на една нова етапа од развојот на човечката цивилизација, "лулка на едно ново уредување", тешко може потврдно да се одговори. Повеќе истражувачи на модерниот град со песимизам гледаат кон развојот на модерниот град и не веруваат дека тој може да биде "човечки град" (Доксијадис, К. 1982 г. стр.107-114).

Анализата на урбанизацијата во недоволно развиените и земјите во развој треба да се разгледува во рамките на нивниот севкупен општествено-економски развој, кој што е проследен со повеќе специфичности. Процесот на урбанизацијата (Латинска Америка, Африка, дел од земјите во Азија) е последица на демографската експлозија и интензивната миграција на селанството во градовите, посебно во поголемите градови. Од друга страна, специфичностите на урбанизацијата произлегуваат од долго време присутната доминација на развиените каписталистички земји, кои и денес се присутни и влијаат на различни начини врз нивниот развој.

Урбанизацијата на економски неразвиените земји не е повторување на процесот што го поминале индустриските земји во текот на нивниот развој. Со еднаков број на градско население, на пример, кој денес го постигнале економски неразвиените, во развиените бил постигнат пред повеќе од педесет години, а степенот на индустријализацијата е многу понизок. Ако степенот на урбанизацијата е поголем од оној кој "нормално" би се очекувал во однос на развојот на индустријата, тогаш тоа е хиперурбанизација. Порастот на градското население е значително поголем од развојот на општествено-економските дејности и од изградбата и уредувањето на просторно-физичката структура на градот (Стефановиќ,Душан, Урбанизација, 1973 стр.32).

Процесот на урбанизацијата во недоволно развиените земји главно се карактеризира со следното: прво, присутна е голема концентрација на население во големите градови без истовремено формирање на соодветна урбана мрежа; второ, отсуствува континуитет во урбаната хиерархија; трето, создадени се големи социјални и културни разлики меѓу селското и градското население, меѓу селсктие и градските населби; четврто, забележено е истовремено постоење на два типа градови (во рамките на еден град)

автохтони и наследени од колонијалниот период (Castsells, 1975, стр.57, 58).

Миграцијата на селското население во големите градови не е резултат на економската развиеност туку, пред се, на аграрната пренаселеност и распаѓањето на општествената струактура на селото. Последиците од неконтролираниот прилив на селското население се согледуваат во големата концентрација, во еден, најчесто главниот град (или неколку поголеми градови, што создава проблеми со вработувањето, недостаток на станови, изградбата на инфраструктурата и интеграцијата на мигрантите во општествениот систем. На периферијата на градовите никнуваат "привремени" живеалишта, во кои се сместува значителен дел од вкупното население. Така, процентот на ова население изнесува: во Казабланка 25%, во Џакарта 30%, во Лима и Каракас по 40% од вкупното население (Claude Chaline 1980, стр.191.

Проблемот на хиперурбанизацијата во Африка, е, исто така, присутен. Десетици и стотици илјади рурални мигранти се упатуваат кон градовите во кои владеат крајно непогодни услови за живеење; без елементарна опрема, вода, електрична енергија, здравствена заштита. Во нив се формираат живеалишта кои се резултат на една несоодветна економија која е карактеристична не само за градот, туку и за целокупното општество. Порастот на градот најчесто е пренагласен и во никој случај не кореспондира со развојот на индустријата која создава несоодветна урбанизација. (Harvie Carrier, 1965).

Големиот прилив на селско население во градовите е детерминиран од изразито големата поуперизација на селанството кое останува без земја и оснвони средства во производството. На периферијата на големите градови никнуваат неконтролирани населби во градовите наЈужна Америка, за кои постојат различни имиња; Виллас мисериа (Буено Аирес), Љуабрадос (во Каракас), Фавеллас (Рио де Женеиро и сл.). Се градат наземјиште од слаб квалитет и најчесто во сопственост на општината. Најчесто се градени од отпаден материјал и се без основа урбана оспрема (водовод, канализација, асфалт).

Урбаниот маргиналитет што е формиран во сиромашните квартови е сублимација на се она што со себе ја носи нееднаквоста во сите сфери од општествениот живот на човекот. Сиромашните квартови се производ пред се на општествено-економските услови, на поделеноста на општеството на класи и на нерамномерната распределба на урбаните придобивки. Сиромаштијата тешко може да се дефинира, "бидејќи критериумите се општествено променливи".

Според мислењето на Оскар Луис, културата на сиромаштијата е адаптација и реакција на сиромашните на својата маргинална позиција во класностратифицираните високо развиени индустријализирани општества (Lewis,O 197 стр.43). Истражувањата на "сиромашните квартови" во големите градови покажуваат дека тие стануваат неподносливи за живот во оној момент кога се претвараат во средина на "културна сиромаштија" и преминуваат во погодно тло за криминал, порок - кога формираат луѓе изгубени за себе и за општеството, Берцел (E.E. Bergel, 1955 стр.41-428) смета дека "условите за живот се однесуваат повеќе на животниот стандард, отколку на физичкиот изглед на една градба. Исто така и терминот "субстандард не треба да се сфати во објективна или техничка смисла, туку во релативно социјална смисла, компариран со дадени стандарди во конкретната држава и време.

## 1. Современото општество и урбаните типови

Општествените процеси навлегуваат во сите области на градската стварност и во зависност од степенот на развиеноста на општеството формираат посебни типови урбани средини.

Поделеноста на општеството на спротивставени групи, низ историскиот развој на градот се изразува, меѓу другото, и во присвојувањето на моќ за формирање простор во зависност од местоположбата во општествениот систем. Всушност, структура на урбаниот простор ја формираат оние сили кои ја поседуваат вистинската моќ на одлучување . Вебер смета дека градот пред индустријализацијата бил место на групирање на луѓето со високи примања, што овозможил развој на разни видови занаетчиство во служба на една префинетост на живеење, која не се ограничувала само внатре во живеалиштето, туку го воведувала постоењето на извесен број места за колективни активности каде што доминирал забавниот живот. (Remy-Voye, 1981, стр.33-43) Со создавањето на една динамичка целина, според Ж.Рени, не е доволно градот да произведе колективни предности, туку тој станува средина во вистинска смисла на зборот, во моментот кога започнува да се препознава процесот на колективна идентификација. Во тој случај секој град добива специфично обележје кое го разликува од другите градови.

Имено, модерниот град е зафатен со значајни внатре грардски групирања кои настојуваат да формираат поинаква просторно-физичка структура. Урбаниот тип директно произлегува

одкарактерот на општествената организаација која јамодифицира или ја урива старата наследена урбана струактура и организација.

Егзистенцијата на прединдустрискиот град зависела од храната и суровините, снабдени однадвор и поради тоа тој претставува еден вид маркетинг центар. Потоа, внатрешното уредување на прединдустрискиот град произлегува од карактерот на општествената структура. Повеќето од улиците се често претесни за луѓе и запрежни возила, зградите се ниски и залепени една до друга. Ограничените услови за живеење, комбинирани со ограничено знаење, создале сериозни санитарни проблеми. (Sjoberg, G.1955, стр.30-40). Новата форма на производството и енергијата, електриката и пареата, го измениле производствениот капацитет на урбанизацијата, со што се создаваат услови за коренити промени во еколошката, економската и општествената организација на градовите.

Во прединдустрискиот град присутна е неразвиена поделба на трудот. Занаетчијата учествува во сите фази на изработка на производот, организиран во посебни здруженија - гилди. Тој врши директна контрола над условите за работа и начинот на производство. "Меѓутоа меѓу елитата и пониските класи постојат остри спротивности, но и во двете групи постоела градација на рангот. Членовите на елитата им припаѓале на "угледните" семејства и имале моќ, имот и одредени лични атрибути со висока вредност, смета Сјеберг. во моментот кога манастирот, гилдата и црквата како основни елементи на средновековниот град станале видливи, кога почнале да делуваат и го оформуваат секој дел од градот, можеме да речеме дека прототипот на средновековниот град ја доибва својата форма (Mumford.L. 1967, стр.355). Средновековниот град претставува "збир на мали градови од кои секој уживал извесен степен на автномија". Тој е строго поделен на квартови, предели - во зависност од етничката и професионалната припадност на неговите жители. Градовите претставувале енклава во еден рурален свет (Bassand,M. 19/74; стр.262).

Основата на физиономијата на новиот тип на град е содржана во интензивниот развој, примената на нови средства за производство, енергија и новиот начин на транспорт. Урбанизацијата е во функција на индустрискиот развој и навлегува во сите сфери на општеството. Индустријата создава услови за брза и масовна концентрација на население околу производствените капацитети сместени во поголемите градови. Таквата урбанизација предизвикува радикални промени во постојната урбана стварност и создава претпоставка за нова организација на елементите на градот.

Урбанизацијата на современото општество се мснифестира како повеќедимензионален процес и може да се посматра во неколку рамништа; како урбанизација на просторот, урбанизацијата на општествената структура и урбанизација на културата или начинот на живот, а кои што треба да се анализираат во взаемна поврзаност. Тоа не е процес кој се одвива унилинеарно, "така што трите нејзини димензии се усогласуваат меѓу себе". Често урбанизацијата на општествената структура оди пред урбанизацијата на просторот, а далеку пред урбанизацијата на начинот на живот. Тоа во голема мера се манифестира во градовите на неразвиените земји. (Ѓуриќ, В. 19, стр.96).

Социолошките аспекти на урбанизацијата треба да бидат посматрани низ процесот на организација и развој ,и во таа смисла да се тргне од односите кои се воспоставуваат меѓу производните сили, социјалните класи и формите на културата, но не на еден апстрактен начин, туку преку секое нивно конкретно исполнување.

Урбанизацијата поврзана со првата индусдтриска револуција и развој на капиталистичкиот начин на производство е процес на организација на просторот што се базира на два основни факта: распаѓање на претходната аграрна социјална структура и емиграција на населението кон веќе постојните поголеми урбани центри, во кои се концентрирани средсдтвата за производство како неопходен услов за индустријализација и премин од една домашна и мануфактурна економија во фабричка економија, за која може да се рече дека во исто време врши концентрација на рабортна сила, создава пазар и формира нова индустриска средина (Castells, 1981, стр.27)

Градовите ја привлекуваат индустријата, која е причина за концентрација на работна сила. Таа е основниот детерминатор кој го организира "внатрешиот градски пејсаж". Градот се појавува како единство на функции на микроекономски и макроекономски план. На микроекономски план тој се манифестира како економска форма на зголемување на продуктивноста на претпријатијата кои се наоѓаат во рамките на неговиот простор, а на макроекономски план се изразува како социјален услов кој ја помага организацијата на целината во функција на економскиот развој (Castells, цит.дело стр.27)

Капитализмот ја поткопува локалната автономија на средновековниот град, ставајќи го тежиштето на "спекулацијата наместо сигурноста, профитерските иновации, наместо традиционалните вредности и континуитет, постепено ја разорува целокупната структура на урбаниот живот и ја поставува на нова безлична основа, - на парите и профитот. (Mumfort, L. 1968, стр.468).

Во новите градски агломерации човекот ја губи способноста за сфаќање на тоталитетот на неговите живеалишта. Тој не е во состојба да ја разбере еволуцијата на своето живеалиште. Тој одново се населува во "пештери кои што сега се отруени од задушливиот заразен здив на цивилизацијата, а во однос на оние кои се чувствуваат неуверено, како спрема туѓа сила што може секој ден да му се отргне и од кои можат секој ден да го исфрлат, ако не ја плати станарината" (Маркс-Енгелс, 1961, стр.323).

Социјалната организација во урбаниот простор е поттикната од интензивниот развој на индустријата и примената на нови техничко-технолошки иновации и воведување нови транспортни средства, потоа, таа добива карактеристики на социјална и функционална сегрегација, односно понатамошна специјализација на просторот. Во социјална смисла, настанува понатамошно одвојување на социјалните групи во просторот во зависност од местоположбата во структурата на моќта на одлучувањето и економскиот статус. Во функционална смисла, градскиот простор понатаму се дели главно на простори за производна активност, деловен центар, ситна трговија, банкарство, администрација, рекреација, забава, односно, се врши интензивна "специјализација на тлото". За да може градот да ја врши производната функција мора просторот да биде класифициран, во него секоја функција мора да заземе специјализирано подрачје (,Soe,F., 1978, стр.30). Овој прогрестички модел на развој, како што го нарекува Шое, само ја следи логиката на економски план кој ја насочува кон една единствена цел - ефикасноста. "Таа како вредност го оправдува крупното определување на животните рамки. Неоправдано одредената вклопеност на секоја човечка активност во просторните форми ја симболизира улогата на тој урбанизам, кој не може повпечатливо да се претстави од она како што го опишал самиот Ле Корбизие: ништо повеќе не е противречно... секој е точно поставен во ред и хиерархија, го зазема своето место (Bassand,M. 1974, стр.265).

Постиндустриското општество се разликува по многу суштински елементи од индустриското, меѓу другото и на планот на понатамошна промена на урбаните типови. Тоа е зафатено со нови тенденции во економскиот, социјалниот и техничко-технолошкиот развој кој главно се изразува во: рационализација на сите области во општествениот живот, формирање на огромни национални и мултинационални претпријатија, промени на општествениот систем и преструктуирање на општествените групи на просторот, каде технобирократијата има доминантна улога.

Основните противречности што се манифестираат во современото општество, а кои што директно или индиректно се поврзани со просторната организација на градските агломерации, главно се содржани во се поголемата зависност на репродукцијата на капиталот од репродукцијата на работната сила. Процесот на изразита социјална сегрегација во просторот, главно се манифестира преку создавањето на субурбани зони на привилегирани слоеви, децентрализација на потесното градско подрачје и раселување на тешката индусдтрија, како и во процесот на сламизација на централното јадро.

Анализаата на градот во социјализмот покажува дека не била надмината "логиката на граѓанското општество" во формирање на просторотг. факт е дека социјалистичката револуција победи во изразито неразвиени општества, од кои некои уште се наоѓале во фаза на изразито неразвиени капиталистички односи и неразвиена економија, и биле доведени во ситуација во процесот на изградбата на социјалистичките односи да поминуваат низ процес на интензивна индустријализација, која создава еднакви или слични ефекти на планот на формирањето на урбаниот простор. Тоа создаде реални услови, општествената организација, базирана врз социјалистички принципи, практично да не создаде суштински различни урбани агломерации од оние кои се познати во капитализмот. Всушност останаа ненадминати, општествената поделба на трудот, спротивноста меѓу градот и селото, социјалната сегрегација во просторот, разликите во достапноста и задоволувањето на колективните потреби во зависност од местото на живеење и сл.

Првиот обид на советските теоретичари меѓу дваесетите и триесетите години, да создадат нови урбани простори кои би одговориле на новите општествени односи, може на повеќе начини да се интерпретира, но, останува основниот факт дека во целокупниот период од изградбата на социјализмот, како реален општествен систем, многу малку се трагало по нови форми кои би биле инхерентни на тој развој. (Korr A, 1978).

.Урбаните противречности не се јавуваат како апсолутно самостојни и независни од општествените противречности. "Со надминувањето на општествените противречности не мораат да се надминат и урбаните противречности, зашто тие не можат да се манифестираат и покрај структуралните промени на општеството - и да создаваат нови рамки (архитектонски, урбанистички) на нови отуѓувања" (Павловиќ, Ј. 1981, стр.38).

## II. КРИЗАТА НА ГРАДОТ И ПОЛОЖБАТА НА ЧОВЕКОТ ВО МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

Анализата на положбата на човекот во модерната урбана средина е неразделна од процесите кои се случуваат, во целината на општествено-економските, социјалните и културните промени во глобалнаото општество. "Урбанизмот како начин на живот", станува доминантна форма наспроти традиционалниот селско-паланечки начин на живот.

За класиците на марксизмот (Маркс, Енгелс, Ленин), како што смета Шое (Šoe, 1978, стр.18), градот се јавува само како посебен вид на општиот проблем, а неговата идна форма се поврзува со постанокот на бескласното општество. Пред воспоставувањето на револуционерната власт, не е можно, а и бескорисно е да се обидуваме однапред да го предвидуваме идното уредување на градот. За нив, решавањето на проблемите што ги создава урбанизацијата, особено брзото ширење на градските подрачја се базира на револуционерната дејност, за која како една од првите задачи се наметнува "укинувањето на разликите меѓу градот и селото". Човековиот свет, а градот претставува еден од најкомплексните човекови творби, треба да се уреди по барање на човековата природа. (Маркс, Енгелс, Дела, Том 4, стр.62).

За Георг Зимл (G.Simmel, 1969) психолошката основа на личноста во големиот град (метрополата) се состои во интензивна нервна стимулација која произлегува од брзината и непрекинатоста на промените во надворешните и внатрешните стимуланси.

Големиот град е нешто спротивно на малиот и на селото, посебно кога станува збор за чуствената основа на психичкиот живот. Животот во големиот град е незамислив без рационална, јасна интеграција на сите активности и взаемни односи во јасно определениот простор и време.

Зимл говори за блазираниот човек како продукт на велеградскиот живот, исполнет со брзи промени и противречни стимулатори на нервниот систем. Поединецот станува индиферентен кон секој поединечен случај,и во градот најчесто е резервиран, што резултира пред се од големата концентрација на луѓе на многу мал простор. Тој не е во состојба да реагира сетилно за секој поединечен случај, како што тоа би го правел во малиот град или село. Како

резултат на таа резервираност на пример, соседите со години не успеваат поблиску да се запознаат. Тоа, според Зимл, доведува до отуѓување, до затвореност и до претварање на сите односи во една безлична маса.

Но, големиот град на поединецот му овозможува и таков вид и степен на слобода "за која на друго место не би можело да се говори". Градската средина содржи и една противречна ситуација што има суштинско влијание врз поединецот. Од една страна "животот го прави да биде полесен, зашто му се нудат разни стимулатори и можности да го исполни времето со најразлични активности, а од друга страна, целиот живот го формираат безлични елементи што ги потиснуваат "вистинските индивидуални црти по кои се разликуваат и забележуваат разликите".

Како резултат на поделбата на трудот, која бара од човекот посветување на само еден определен круг на дејности, тој (човекот) не е во можност во целост да ги следи достигањата, особено во културата и уметноста.

Роберт Пал (Pahl..1968) го анализира гледиштето кое урбанизмот го третира како начин на живот, кој е различен од оној што го наоѓаме во селското општество: како безличен, вештачки, менлив и сегментарен, и тоа дека човекот во градот го губи спонтаното самоодржување, моралот и чувството за активност.

Но, смета Пал, во центарот на грдското подрачје, како што тоа го покажуваат повеќе истражувања, постојат и "урбани села" кои имаат висок степен на општествена кохезија, што се заснова врз испреплетените роднински врски и висок степен на примарни контакти со познати лица. Една студија, на примерот на градот Мексико, покажува дека селаните кои мигрирале во градот, се адаптирале на градскиот живот многу полесно отколку што би можело да сугерира рурално-урбаната теорија; семејниот живот бил стабилен, па дури и семејните врски.

Во централното градско подрачје формирана е една конфузна смеша на подгрупи и подкултури и тешко може да се види како густината и големината на градот имаат заедничко влијание врз богатите и сиромасите.

За Вилсон, градот претставува природно место на западниот човек. Тој речиси целосно е создаден од него. Како место на живеење човекот се адаптира, ги исполнува неговите барања, а како негов производ, тој го дополнува човекот во сите негови димензии. Градот со своите многубројни и различни локации нуди мноштво различни стилови, "од боемски до конзервативен, од нежен до вулгарен,

одразувајќи ги боите и врвовите на светските народи и убедувања“. Тие, народите во САД, се сретнуваат во поголем број отколку во градовите на нивната претходна татковина.

Во градот е можно да се манифестираат противречностите на идеите, вредностите и стиловите на живот. Но, во него еден голем дел од населението живее вон цивилизираните тековини, судирајќи се со неможноста за стекнување на најосновните средства за живот. Денес градовите се соочуваат со повеќе проблеми што изгледаат бескрајни и безнадежни. Проблемот е во перспективите, смета Вилсон. За Американските градови, централните делови од градот стануваат се посиромашни и “обоени“ а предградијата се побогати и “бели“. (Njillson,Robert/David A.Schulls, 1978, стр.129) “Скоро 69% од американската популација живеат во она што со пописот се нарекува стандардна статистичка област на метрополата; 75% од црнците живеат во оваа област, а 58% живеат во централниот град.

Клод Леви-Лебоје (C.L.Leboyer, 1980, стр.105-125) смета дека истражувањата на стресовите во градот се обидуваат да ја докажат патогената природа на големиот град, и во таа смисла беа докажани две тези: првата, дека животот во големиот град ги фаворизира развојот на душевните болести и деликвентното однесување, и втората, дека градот ги осиромашува социјалните односи и ја зголемува рамнодушноста кон другите луѓе.

Овие две тези, Клод Леви-Лебоје ги илустрира со резултатите од мноштво истражувања реализирани во повеќе градови од Европа и Америка и други подрачја. Така на пример, истражувањата во Шведска спроведени под раководство на Калстрам и Леви (Calstrom et Levi 1971 год.) покажаа дека во Стокхолм, иако во него живеат само 10% од целокупната популација во Шведска, се случуваат 39% од кражбите направени во целата земја. Потоа, истражувањата на Тимс, (Timms) на примерот на Литон, работничко предградие на Лондон, и истражувањата на Шмит (Schmitt) на Хонолулу, за односот меѓу криминалитетот и делинквенциајта од една, и густината на населеност од друга страна, дојдоа до сознанието дека, постои меѓувлијание, односно, дека видот на населбата и густината на населеност условуваат висок степен на криминалитет и делинквентно однесување на младите. Но, Клод Леви-Лебоје наведува и повеќе истражувања кои не ја потврдуваат основната теза за поврзаност меѓу особините на урбанта средина и однесувањето на поединецот и групите.

Кирмајер (Kirmeyer 1978 год.) доаѓа до сознание дека резултатите од статистичките истражувања кои настојуваат да ја

приближат густината на населенот и менталната патологија или делинквенција се котрадикторни. Таа оваа разновидност ја припишува на постоењето на културнтие разлики кои ја прават густината повеќе или помалку поднослива. Секогаш истражувањата кои ги проверуваат променливите величини не доведуваат до појасни резултати, веројатно и поради тоа што присуството на другите фактори, а не густината, се тие кои ја предизвикуваат делинквенцијата и менталната патологија. (Cland Levz Lebozer, цит.стр.114).

Џемс Кин (James Ljuin) за урбаниот психолошки тип смета дека е отелотворување на еден културен став, дека е чувствителен на појавите и свесен за времето и има доверба во ефикасноста на општествената контрола. За Роз Хам Ли (Rose Hum Lee) во градските агломерации присутен е натпревар и селективна сегрегација како контраст на традиционалнаото општество, кое се базира на традицијата и обредните церемонии, со цел да привлече, изрази и да ја зајакне културната заедница и идентитетот на поединецот; градскиот општествен ред ужива секакви привилегии кои се резултат на преговори, договори и дрдуги слични формални средства.

Хол (Hall 1979, стр.220-221) смета дека градот е израз на културата на народот што го создал и продолжение на општеството задолжено да исполни цела низа функции . За него се важни неколку моменти при планирањето на градот во врска со човековиот живот. Прво, да се откријат соодветни методи за да се процени човековиот размер преку сите негови димензии, подразбирајќи ги и димензиите на културата; второ, треба да се научиме конструктивно да ја употребуваме етничката енклава. Човекот има тенденција да ја идентификува својата слика во прсторот во кој живее; трето, треба да се сочуваат слободните простори во градовите; четврто, треба да се сочуваат старите делови од градовите кои поседуваат и минимална вредност; и само неколку куќи заслужуваат да бидат сочувани, затоа што тие го потврдуваат континуитетот на минатото со сегашноста и внесуваат разноликост во урбаниот пејсаж“.

Масовната примена на автомобилот создаде услови за “изолација на чиовекот од неговата околина и од социјалните контакти“. Тој автомобилот, дозволува само елементарни видови на односи кои најчесто се манифестираат како соперништво, агресивност и деструктивност.

Проблемот на приспособувањето на селсктие мигранти не се поставува само од економски причини “туку тој се однесува на еден стил на животот, смета Хол.

Роберт Парк (R.Park) го разработува концептот на маргиналност во врска со општествената положба на културните хибриди, од исти или различни раси, кои ги задржале традициите на два различни народи или општествено, кои не се способни, "поради расни предрасуди" да си обезбедат припадност во општеството.

Релативно изолираните општества, особено оние кои се цврсто поврзани со традицијата, го обликуваат поединецот во согласност со оние вредности во кои интеграцијата со културата се рефлектира во интеграцијата на личноста на поединецот.

Брзиот демографски пораст на градот, според Барџес, влијае менливоста и хетерогеноста да бидат доминантни особини на современиот свет. Наглиот премин од една состојба - традиционална во друга, - урбана создава услови за маргиналност. Маргиналниот човек е оној кој лебди во психолошката несигурнсот меѓу два или повеќе светови и кој во себе ги одразуваат несогласувањата и хармониите, одбивањето и привлечноста од кои еден е секогаш доминантен над другите, и во кој припадноста се базира имплицитно, ако не е експлицитно, на раѓањето или потеклото, на расната или националната припадност. Најлесно препознатлив тип на маргиналниот човек е оној кој потекнува од различни раси. Поврзувањето на различни раси и културната асимилација се потикнувани или спречувани поради следните услови; прво, малиот број на жени од доминантната раса условува мешани бракови. На тој начин потомците од ваквите мешани бракови се вклужуваат во групата на која и припаѓа таткото; второ, трговските врски се погодни за меѓусебно мешање, трето, религиозните здруженија ја помагаат асимилацијата; четврто, влијанијата на политичките односи се базираат на судири и освојувања; петто, сфаќањата за бракот и сексот го управуваат и забрзуваат процесот на асимилацијата и сл.

Колективниот живот на градот не изчезнува во онаа мера во која тој просторно и демографски се зголемува. Тој живот, смета Рајмон Ледри (Ledrut 1968, стр.74) се губи во онаа мера во која градот ги зголемува границите вон стариот дел на градот.

"Колективниот живот е оној кој ги обединува единките и нивните односи во една целина која има свој сопствен живот. Овој живот може да се набљудува преку манифестациите, церемониите и разните собири...

Градскиот колективен живорт е далеку поинтензивен ако овие манифестации се помалубројни, собираат многу лица и го менуваат животот на единките и другите групации. Проблемот на колективниот живот, а посебно оној кој се засновува на учеството во политичкиот

живот на заедницата, е проблем на колективната интеграција на жителите на една локална заедница. Недостигот на интеграција се манифестира како тегоба, како притисок и взаемна сомничавост која владее меѓу оние кои управуваат со една локална заедница и оние со кои се управува.

Недоволното учество во јавниот живот и недоволната колективна интеграција не се израз на незаинтересираноста, туку на недостигот на развиени односи меѓу популацијата, од една страна и општинската власт од друга страна.

Градот, како социо-културна средина на отуѓени луѓе со различни "улоги и статуси" ги хомогенизира на ниво на начинот на живот". Исполнувањето на човековиот секојдневен живот во градската средина е соочен со мноштво проблеми. секојдневието на човекот директно е поврзано со културните потреби. Во градската средина процесот на социокултурната диференцијација се изразува, пред се, низ индивидуализмот како стил на живот, низ масификацијата, детерминацијата и рутинизацијата на работните функции на човекот.

Маргиналноста и отуѓувањето е најчесто упсотребувани поими во објаснувањето на положбата на мигрантите во градот и нивниот секојдневен живот. Тие се манифестираат во речиси сите области и дејности од животот на луѓето. Кога станува збор за урбаната култура, таа во најмала мера го вклучува деградацијата на просторот и просторната деградација, потоа кризата на формите на човечката и општествената индивидуализација и дегредација на социо-антрополошката природа и културните потреби. Истражувањето на животот во градот треба да се базира: прво. на хетерогената културна традиција на градот, кој го сочинуваат и формираат специфични просторни одделни социо-економски и општественокултурни заедници; второ, постоење на одредени типични обележја на културата на жителите на градот или локалитетот на кој се наоѓа; трето, хетерогени културни традиции на околните рурални локалитети со кои градот се шири, и, четврто, хетерогени културни традиции, со процесот на урбанизацијата на новодојденото население (Р.Супек, 1975)

Во просторот на кој се шири градот веќе постојат населени места - села за кои е карактеристична одредена култура, начин на живот и односи. Во овие простори се случуваат сложени општествени процеси на меѓусебно влијание на новодојденото население, без разлика дали е од селско или градско потекло, со автохтоното население. Често на просторот на новоформираните населби останувaат одделни просторно-социјални целини за кои е

карактеристично тоа што го одржуваат успешно општествениот живот карактеристичен за традиционалното општество, кој се карактеризира со цврсти социјални врски внатре во семејството и соседството. Комуникацијата со пошироката средина и со градот како целина не успева да го уништи традиционалниот живот.

Вредноста на местото на живеење, кое понекогаш добива симболичко значење при преселувањето предизвикува негативни последици. Стравот од социјалната изолација во новите населби, отсуството на непосредни соседски односи во новата средина ги принудува овие жители, и по цена на полоши станбени услови да останат во старата населба.

Кризата на социјалната интеграција во градот е резултат на распаѓањето на традиционалниот начин на интеграција и на стихијноста на формирањето на новите урбани средини. Градот, едноставно го наметнува "социјалниот живот" , кој не одговара секогаш на човековите индивидуални интереси. На пример, човековата осаменост начесто се доведува во врска со губењето на непосредниот контакт со природната средина. Индустриското општество го претвора човекот во предмет, а предметите немаат свој идентитет, смета Ерих Фром.

"Чувството на осаменост, издвоеност и немоќ го следат современиот човек. Односите меѓу поединците го изгубиле обележјето на непосредност и човечност и добиле обележје на манипулација и инструменталност, законите на пазарот се правило во сите отуѓени општествени и човечки врски. (Ерих Фром, 1969, стр.117).

Отуѓениот човек се доживува себеси како предмет, како инвестиција со која треба да се управува, нему му недостига свест за сопственото "јас". Тој се чувствува индиферрентно, безперспективно, несреќно. (Ерих Фром, 1969, стр.192-206). Човековата суштина во духот на Марксовата теорија може да се разбере само како негова "историски дадена човечка можност„. Човекот се отуѓува од "реализацијата на сволите историски креирани човечки можности".

Причините за отуѓувањето на човекот во модерните градови се резултат на процесот на индустријализацијата. Индустрискиот систем е во "остра спротивност не само со поединечните интереси на современиот човек, туку и со понатамошниот живот на човештвото во целина".

За Иван Илич (Ilich) индустриското општество му го оневозможува на човекот неговото самопотврдување; за Хуизинга (Huizinga)"варварството оди заедно со високото техничко совршенство; за Лефевр (Lefebvre) индустријата не е врзана за градот

туку за не-градот; за Рихта (Richta) социјалистичкото општество мора да создаде сопствен цивилизациски фонд кој ги надминува границите на индустрискиот систем; за Шувар, стопанските и општествените фактори понекогаш не гледаат дека од некои производни капацитети, ќе има повеќе штета отколку корист; Корбизје, (Gorbiasier),говори за губење на свеста во предметите: Мамфорд (Mumford) говори за заслепеноста на техниката која доведува до “патолошка лудост“; Фром, за повторно воспоставување на човечката контрола над општествениот систем и хуманизацијата на техниката и сл.

Во Корбизјевото поимање на урбанизмот, на пример, ги препоз наваме модерните теории за изградбата и планирањето на градовите. За него, воспоставувањето на еден стандард значи да се исцрпат сите практични и разумни можности во изградбата на градот. Тој едноставно поаѓа од човекот - тип кој го сочинуваат психо-физички константи дефинирани од компетентни луѓе, како што се биолозите, физичарите, хемичарите, социолозите, поетите. (Корбизје, 1974, стр.49).

Сите луѓе имаат исти организми, исти функции, еднакви потреби. Во разгледувањето на суштината на човекот - поединец оваа концепција ја заокружува неговата индивидуалност. Така на пример во Атинската повелба, зонирањето на градот е сфатено како операција која има за цел, за секоја група и за секој човек поединечно да го одреди неговото место во градот. Секоја активност бара свое посебно место - локација за домување, индустрија, трговија, терени за користење на слободното време, кои понатаму се класираат и делат на поткатегории... (Le Corbusier, 1975). Прогресистичкиот план на градот, како што ја нарекува оваа концепција Франсоаз Шое, не се врзува за конкретно место ниту пак за конкретна култура“. Тој треба да биде само израз на една демиуршка слобода на мислата ставена во служба на ефикасноста и естетиката. Тоа се два императиви кои на просторот на прогресистичкиот модел му даваат посебни карактеристики. (Soe, цит.дело стр.25).

“Болеста на нашата денешна хаотична средина“, многу познавачи на модерниот град ја гледаат во неможноста да се задоволат и постават основните човечки потреби над економските и индустриските барања. Подолго време, како во урбанизмот така и во архитектурата, а и во општествдените и хуманистичките науки, се трага по вистинскиот концепт на изградбата на градот кој треба да се формира во “согласност со човековите потреби и вредности“. Под “човечки потреби и вредности“ денес почесто се подразбираат и оние кои некогаш беа нормално задоволувани, но кои со појавата на

индустријализацијата и порастот на градовите беа доведени во прашање, како на пример: потребата од чист воздух, слободните простори, или "најелементарната сигурнсот за движење во градот" (Gidion, S. 1969, стр.86).

Надминувањето на проблемите, со кои се соочи човекот во модерните градови, кои настанаа како резултат на силниот економски и демографски развој, се содржи во напуштањето на изградбата на сметка на развивањето на вистинските човекови потреби. Техниката сама по себе не создава вредностси, таа треба да биде во функција на збогатување на човековиот духовен и материјален живот, наспроти урбаниот технократизам, како владејачка идеологија денес.

Современкиот велеград, по Мамфорд, е изразит пример на културно заостанување внатре во смата техника, тоа е пример на продолжување на застарените форми и цели на општествено застарената цивилизација, со помош на високо развиени технички средства. Во тој правец се насочени и размислувањата на Хаксли и Орвел (Xaxli i Orwel) кои ни доловуваат една застрашувачка слика на идниот развој на градот, кој во техничка смисла би се развивал до совршенство, но човекот во него би се нашол во ситуација на целосна отуѓеност. Отсуството на оптимизам за иднината на градот, се базира главно на губењето на вербата во претераната бирократизација, технизација и стандардизација на животот.

# III. НЕКОИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ, ПРОСТОРНИ, ФИЗИЧКИ И СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Урбанизацијата претставува комплексен процес, кој е во тесна врска со силниот развој на производните сили кои создаваат реални услови за просторен, економски и демографски развој на градовите.

Во истражувањето на урбанизацијата се присутни повеќе пристапи, меѓу кои два се општо прифатени: првиот, кој урбанизацијата ја ограничува само на развојот на градовите, и, пред се е поврзан со порастот на градското население, промените на структурните белези на населението, начинот на живот, односно преминот од состојба на традицонален и селско-паланечки начин на живот во состојба на градско-индустриски начин на живот, и, вториот, во поширока смисла, кој го опфаќа претходното, но ги вклучува и процесите и промените на квантитативните и квалитативните карактеристики на промените на просторот на општеството во селските средини (Стефановиќ, Душан, 1973, стр.12).

Урбанизацијата ја детерминираат повеќе значајни општествени претпоставки, меѓу кои: техничко-технолошката развиеност, општата поделба на трудот, политичките фактори, планирањето, вредностите и сл. се меѓу најважните.

Развојот на индустријата го поттикна и усоврши земјоделското производство и ја зголеми продуктивноста на трудот преку примена на разни индустриски машини, вештачки ѓубрива и сл. Примената на овие иновации создаде огромен вишок на работна сила во земјоделството и селото која нужно се упатува кон неземјоделсксите занимања и мигрира во градовите.

## 1.Општествено-економските промени на селото и процесот на урбанизацијата

Процесот на урбанизацијата се манифестира и преку интензивните миграции на селското население, а со тоа и во радикална трансофрмација на селото и земјоделството. Тоа претставува

глобален процес на премин од "аграрно-рурална во индустриска форма на општествената организација".

Индустријализацијата предизвика коренити промени на селото и селанството, од кои како најважни се сметаат масовното напуштање на селото и земјоделството и распаѓањето на патријархалниот начин на живот.

Концептот за "социјалистичката индустријализација" во голема мера се засновал на административните мерки со кои се тежнеело да се создаде акумулациона основа за индустирјализацијата на земјата. Со помош на административно одреудвање на високи цени за индустриските производи а ниски за земјоделството, значително се пренел доходот од земјоделието во индустријата и останатите гранки. (Милиќ, 1978, стр.86) .

Во првата деценија од изградбата на социјализмот, со разни административни мерки,се отстранува "можноста за реставрација на каптиалистичките односи на село" и се создаваат услови за "масовна деаграризација и напуштање на селата. (Соколов, Л.1961 г. Георгиев, Ангел, 1988, стр.242-250, Н.Узунов, 1959, Јакоски,Б.1978 г.).

Имиграцијата на селанствоот во градовите е главниот фактор на пораст на градското население.

Стапката на природниот прираст на градското население е значител пониска од природниот прираст на селското население.

Внатрешните миграции село-град настануваат како резултат на интензивниот економски развој на градовите.Според некои автори, миграцијата село-град директно е во функција на развојот на "индустријализацијата и техничкиот прогрес" и другите промени кои настале во струкатурата на општеството. Интензитетот на миграционите движења село-град како и степенот на деаграризацијата се во дирекна зависност од репулзивните фактори како што се: нискиот стандард во земјоделството, несигурноста на производството и пласманот на производите, неповолниот политички и социјален статус на селанецот и сл..

Владимир Пуљиз прави класификација на клучните варијабли кои се значајни за процесот на деаграризацијата на селанството.

Според него, општествената, економската и политичката положба на земјоделското население се одлучувачки за интензитетот на миграциите во градот.

Селанецот во текот на изминативе неколку децении бил перманентно изложен на силен економски и политички притисок. Неуспешната колективизација, принудниот откуп на земјоделсктие производи, претставуваат само дел од рестриктивната политика

спрема индивидуалното земјоделско производство. Селото и земјоделството послужија за создавање на солидна акумулациона основа за потребите на индустријата и изградбата на градовите. Деаграризацијата на селското население е сложен процес и се одвива низ разни форми, а како критериум, во анализата обично се употребуваат просторната подвижност при напуштањето на земјоделството и степенот на одвојувањето од земјоделството. (Карталов, Р.1983).

За Република Македонија е карактеристично тоа што има побавна стапка на деаграризација од развиените подрдачја на Втора бивша Југославија. Но, иако била побавна, таа сепак била прекумерна и предвремена во однос на нискиот степен на модернизација на земјоделството и развојот на индустријата.

Редистрибуцијата на земјоделското население, особено интензивната миграција село-град и високиот степен на деаграризација, настанува како резултат на технолошкиот и економскиот развој, кој и во иднина ќе биде се повеќе одлучувачки.

## 2. Концентричен модел на урбанизацијата на градовите

На подрачјето на нашата земја преовладува процесот на изразита концентрација на населението во поголемите градови. Концентрацијата на населението во градовите била и основа и последица на концентрацијата и зголемувањето на производните сили во големите и најголемите градови[1] .

Развојот на големите градови беше и остана резултат на стихијниот развој. Во периодот по II светска војна и социјалистичката револуција, планското насочување на развојот на градовите остана безуспешно, и со право може да се коснтатира дека изградбата на социјализмот не создаде основа “за урбанизам“ кој би бил во согласност со она што се застапуваше во социјалистичката изградба на општеството. Целокупниот општествено-економски развој беше и уште долго време ќе остане под знакот на “трансформација од една селско-земјоделска во друга индустриско-урбана состојба“.

Процесот на пренагласената концентрација на населението во големите градови и индустриски центри се согледува низ повеќе квантитативни показатели. Од вкупниот број на населението во бивша Југославија во 1971 год., 28% живее во населби со над 15.000 жители, а најмалку, 9,4% во населби до 5.000. Ситуациајта во периодот 1971-81 не

[1] Таа констатација се однесува и за останатите држави на бивша Југославија.

само што не се подобрува во корист на помалите градови, туку е присутна појавата на уште поизразита концентрација на населението во најголемите градови. (Живковиќ, 1981). Тоа недвосмислено говори дека миграциите на селското население биле насочени главно кон поголемите градови. Фактот што 1/5 од населението е концентрирано во 22 најголеми градови и индустриски центри , во бивша Југославија покажува дека економските потенцијали главно биле концентрирани во развојот на сосема мал број населби.

Како резултат на интензивниот стопански развој и интензивните миграци село-град, концентрацијата на населението во градовите во Република Македонија, е насочена главно кон градовите кои имаат над 20.000 жители и кон Скопје, кој веќе во 1981 година, апсорбира речиси 40% од вкупното градско население. Учеството на населнеието во помалите градови (до 20.000 жители) во периодот 1948-81 год., се намалува од 19,6% на 14,8%, што недвосмислено покажува дека се работи за урбанизација од централистички тип. Во градовите со над 20.000 жители во 1981 год. живеат над 85,2% од градското население на СРМ (Статистички преглед на СРМ бр.129).

Големиот прилив на население во големите градови создава, меѓу другото, расчекор меѓу демографските, од една страна и просторно-физичките и функционалните компоненти на урбанизацијата, од друга страна. Кај нормалниот тип на урбанизација, присутна е релативна согласност меѓу основните компоненти, а кај хиперурбанизацијата, која е карактеристична за градовите во нашата држава, присутна е дисхармнија и нерационалност.

Во анализата на урбанизацијата, покрај наведената поделба на нормална и хиперурбанизација, во литературата се познати и други поделби. Така на пример, познати се типолошките анализи на процесот на урбанизацијата кои во својата основа ги земаат регионалните разлики. Во анализите главно се поаѓа од следните елементи: распостранетоста на примарната урбанизација, учеството на градското населнеие во вкупното население, интензивност на урбанизацијата (стапка на активнсот на градското население во спроедба со неградското население) мобилност на урбанизираното население, степенот на образование на урбаното население и рамномерноста на дистрибуцијата на урбанизираното населнеие во мрежата на градовите.

Имајќи ги предвид споменатите елементи, Македонија претставува подрачја со највисок процент на градско население во вкупното население, но во исто време е едно од најнеразвиените подрачја во Европа, што значи дека не постои цврста корелациона

зависност меѓу економскиот развој и урбанизацијата. Имено, ако урбанизацијата ја набљудуваме во поширока смисла, тогаш, на пример подрачјето на Словенија е на повисок степен на урбанизираност. Во Словенија, во прашање е развиеност на индустријализацијата, за разлика на градското население. Деаграризацијата во местото на живеење овозможува побрз и поквалитетен развој на селските населби, а развиената инфраструктура (особено патната мрежа и сообраќајн ата поврзаност) создава услови за голема дневна подвижност, со што се намалува притисокот на градовите, а со тоа се избегнуваат проблемите кои се појавуваат од претераната концентрација. Во услови кога стапката на економската активност на градското население е помала од стапката на активност на неградското население на едно подрачје, тогаш има доволно причини да се говори за хиперурбанизација или за како што некои ја нарекуваат “патолошка“ урбанизација.

Улогата на механичкиот прилив врз порастот на градското население во Македонија, за разлика од Словенија, е значително повисок. Речиси во целиот период од II светска војна, Македонија има значително повисока стапка на механички прилив на население во градовите а, во исто време двапати помалку вработени во индустријата од развиените региони.

Имајќи ја целта на нашата анализа, за социолошките аспекти на урбанизацијата на Република Македонија можат да се извлечат неколоку заклучоци: п р в о, пренагласениот квантитативен развој на градовите нужно доведе до квалитативен пад на животните услови кој главно се манифестира како: недостиг на станови, невработеност, недостиг на урбана опрема, слаба урбанизираност на периферните длеови на градот и сл. Непланското доселување во градовите создаде хаотичност и ги заостри сите проблеми кои произлегоа од “големиот цивилизациски скок“, од едно заостанато рурално општество кон едно развиено урбано-индустриско општество.

Второ, нерационалноста која се манифестира во повеќе подрачја на изградбата на градот, на планот на прераспределба на населението во просторот, создаде, од една страна, претерана концентрација на население и материјални добра, а на друга страна, делумно или целосно депопулазирани и неразвиени подрачја. Овој модел на урбанизација го афирмира како сиклучиво вредно тоа што се создава само во големиот град. Ирационалноста на тоа поимање на урбаното може да се “прочита“ во предградијата на сите наши поголеми градови, кои стихијно се формираа и останаа без минимални услови за нормален на живот човеков. За подобар живот стотици

илјади семејства само го заменија традиционалниот селски живот со нешто кое повеќе наликува на “имитација“ на вистинскиот урбан живот.

Ако досегашниот тек на изградба на општеството, со селото се “послужи“ само како со извор на свежа работна сила и за акумулација на капиталот за изградба на градовите и подигање на индустријата, за селанецот, тоа беше историска шанса да го напушти вековното огниште и да ги разбие традиционалните норми на локалната ограниченост и заостанатост. Новиот “цивилизациски пресврт“, во практиката на субјективните сили се поврза исклучиво со просторот на градот, и со негација на секоја идеја која на било кој начин значеше порамномерен развој на селото во однос на градот. Развојот на општеството, вистинските вредности на животот и градската култура, ги доведе до степен на целосна идентификација. Сите правци во развојот на општеството беа во прилог на развојот на градот, а на штета на селото и селанството. Создадените разлики во квалитетот на живот се доволен доказ за тоа.

Трето, во просторот на големите градови се формираа два спротивставени пола на развојот: центар и периферија. Центарот, како средиште каде се сконцентрирани речиси сите материјални доходовни вредности на градот и регионот, и периферијата, како деградиран простор.

Четврто, процесот на урбанизацијата на градовите во Македонија има карактеристики и хиперурбанизација со изразити централистички тенденции, кои се насочени претежно кон развојот на Скопје и кон неколку индустриски центри. Фактот што само во неколку најголеми градови (вклучувајќи го и Скопје) се сконцентрирани над 80% од сите производствени капацитети, недвосмислено ја потенцира ирационалнсота на концептот на урбанизацијата која објективно создаде услови за пренагласени миграции само кон неколку градски центри. Во таа смисла го истакнуваме и пренагласениот развој на индустријата на сметка на земјодеслството, а со тоа и положбата на селанството и селото во целината на општествено-економскиот и политичкиот развој на општеството. Тоа само ги продлабочи и заостри противречностите на развојот на селото изразени преку пренаселеноста, културната и социјалната изолираност и, во исто време, ги отвори цивилизациските текови на селото преку вклучување во стоковно-паричното стопанство и општите текови на модерната култура.

Петто, за подрачјето на Република Македонија е карактеристично и тоа што отсуствуваат т.н. преодни форми на

населби меѓу градот и селото. Во суштина, се формираат два јасно формирани типа: село и град, односно еден голем град кој апсорбира над 40% од градското население (Скопје) и неколку градови со средна големина. Во таа смисла можеме да говориме за Скопје и остатокот на Република Македонија, за Скопје и "македонската пустина" "Преодните форми меѓу градот и селото т.н. "рурални градчиња" или "урбани села" или "центри на заедници на села", изостанаа во плановите на општествено-економскиот развој што го наруши целокупниот развој на општеството. Поголемиот број од градовите на Република Македонија, само по бројот на жителите можеме да ги идентификуваме како населби од градски тип. Во однос на другите карактеристики, паланечкиот дух и традиционалната култура и начин на живот се уште се доминантни. Интензивниот процес на деаграризација, во услови на делумно или потполно запоставување на иградбата на неопхдната инфраструктура на селото, само го поттикнуваат механичкиот прилив кон градовите.

Отсуството на планска интервенција за позабрзан процес на урбанизација на селото, го забрза приливот кон градовите кои не беа подготвени рационално да ги вклучат во општествено-економските текови. Резултат од тоа се пренаселени градови, кои не се во состојба повратно да влијаат врз развојот на селото.

Ако се сложиме со ставот дека градот се повеќе ја "одредува физиономијата на нашата цивилизација и станува мерило на вистинскиот живот", тогаш, нужно се наметнува прашањето - каков урбанизам и каков град му е потребен на општеството, кој ќе создаде и ќе биде создаден на претпоставките на едно развиено модерно општество, во кое нема само профитот да ја игра "творечката" улога.

Во науката денес не е спорно дали е потребна "нова урбана концепција". Проблематично е како да се дојде до неа, врз кои елементи и принципи таа треба да се гради. Многу прашања во тој поглед остануваат отворени за теоријата и практиката на изградбата на модерниот град. Радикалната критика на урбанизмот, и како теорија и како практика, денес е еден од патиштата да се дојде до поцелосен концепт на изградбата на градот. Таа критика ќе биде поуспешна ако навлегува подлабоко во причините и корените кои ги раѓаат основите и процесите на хипер-урбанизацијата, понеуспешна ако запре само на последиците, како што во теоријата тоа најчесто се прави.

### 2.1. Станбеното прашање, социјалната сегрегација и планирањето на градот.

Решавањето на станбеното прашање, локацијата на станот во просторот на градот, како и распределбата на моќта во одлучувањето на изградбата на градот во зависност од социјалните карактеристики на припадниците на општествените групи, се тие значајни прашања од сложената урбана стварност кои заслужуваат да бидат посебно анализирани.

Прво, станбеното прашање и натаму останува едно од основните прашања, кое уште долго време ќе биде во центарот на активностсите во изградбата на градот. Тоа во суштина и понатаму ги задржа класните карактеристики, а тоа што не било предмет на сериозни социолошки истражувања доволно говори за карактерот на станбената политика.

Второ, еден од најважните елементи на социјалната физиономија на градот е групирањето на социјалнаите класи и слоеви во просторот.

Трето, урбаното планирање како процес на донесување на одлуки за развојот на градот не се остварува вр принципите на рационалната изградба на општеството: нереазвиеноста на планското управување со градот заедно со неразвиеноста на економската оснвоа, на планот на урбанизмот, создаде претпоставки за натрупување на повеќе противречности кои не се својствени на развиените општества.

### 2.2. Станбеното прашање и урбанизацијата

Станот задоволува една од егзистенцијалните потреби и во животот на човекот има повеќедимензионално значње. Тој едновремено претставува и едно од најскапите добра за човекот.

Човекот од почетоците на своето постоење градел живеалишта, во кои вложувал најголем дел од сопствената енергија, знаење, материјални добра и секогаш ги уредувал според сопствените потреби кои длабоко произлегувале од степенот на општествениот, културниот и економскиот развој воопшто. “Куќата нас не прима во себе внатре и ја задоволува нашата потреба да знаеме каде припаѓаме, да имаме свое живеалиште... Таа е централна сцена на човековото постоење, таа е место во кое детето учи да го разбере своето постоење во светот, место од кое човекот поаѓа и на кое му се враќа. (Кристијан Норберг-Шулц, 1973, стр.35).

Задоволувањето на потребата од постојано живеалиште - стан, заедно со храната и облекувањето, спроед Маркс е спретпсотавка за секое човечко постоење. "Правото на стан" е основно право на секој човек и општеството мора плански да го решава станбениот проблем. "Луѓето мораат да јадат, пијиат, домуваат се облекуваат пред да можат да почнат да се занимаваат со политика, наука, уметност, религија. (Маркс, Енгелс, Изабрани дела, Београд, 1950, стр.163).

Куќата ја отстранува неизвесноста и без неа човекот би бил разбиено, растргнато суштество. Таа го заштитува човекот од силите на небото и непогодите на животот, смета Башлар. Домувањето не е само задоволување на потребите на физичкиот опстанок, туку начин на реализација на човековите потреби воопшто...

Станот е еден од суштинските елементи на репродукцијата на работната сила. Како таков, тој го следи процесот на коцентрацијата, дисперзијата и дистрибуцијата на работниците во градот и во случај на социјална и еконосмка криза е тесно грло во процесот на производството.

Суштинскиот пристап во анализата на станот се однесува на условите на неговото производство, квалитет, квантитет, форма и институционален статус. (Castells, 1975, стр.192-4).

Модерното домување директно е поврзано со индустријата и другите неземјоделски дејности, како што се трговијата, сообраќајот, градежништвото и сл. Во услови на интензивна индустријализација на земјата и брзиот пораст на градското население, основно прашање е како да се обезбеди сместување на населението и работната сила. Во повисоките фази на урбаниот развој, се поставува проблемот на создавање услови за квалитетно домување односно за повисок станбен стандард, како во однос на квалитетот на станот (поголема квадратура по жител, поквалитетна изградба и сл.), така и во однос на опременоста на населбата со елементи на техничкиот и општествениот стандард (Антиќ, Лазо, Стефановиќ, Д. 1973).

Во услови на интензивна индустријализација и масовна миграција на селското население во градовите, во фаза на т.н. "рурализација" на градовите, изградбата на станот има натурален карактер, изразен најчесто преку бесправната станбена изградба. Станот (куќата) претежно се гради со сопствени средства и сопствен труд, и со помош на пријателите, роднините и соседите. На тој начин околу големите градови никнуваат населби и со неколку десетици илјади жители. Овој начин на градба завзема скоро половина од целокупната станбена изградба во поголемите градови.

Планскиот начин на изградба на станови, не може да ги задоволи нараснатите потреби од станови. Од друга страна, руралните мигранти не се во состојба да ја платат превисоката цена на станот, која се нуди на пазарот.

Големата побарувачка на станови, ниската продуктивнсот на трудот, ниската акумулација и недоволното издвојување на средства за станбена изградба, проследени со неадекватната распределба на станбениот фонд и недоследности во кредитирањето на станбената изградба, се основните причини кои создадоа услови за масовна индивидуална бесправна изградба, како еден од најнеповолните и најнерационалните начини за решавање на станбеното прашање што создаде несогледливи последици во просторно-физичкиот развој на градовите.

Човековата потреба за стан, во услови на изразена демографска коцентрација, се претвори во хаотична и неадекватна трансформација на урбаниот резиденцијален простор, особено во приградското подрачје на големите градови.

## 2.3. Социјалната сегрегација во просторот на градовите

Концентрацијата на општествените групи во одделни делови на градскиот простор, во зависност од местоположбата во општествениот систем, економскиот статус, етничката и религиозната припадност, е една од основните карактеристики во досегашниот развој на градот.

Социјалната сегрегација најчесто се манифестира како еколошко-населбска сегрегација, како расна сегрегација и најпосле како класна сегрегација. Нашиот интерес е насочен кон анализа на појавите поврзани со класната и еколошко-населпската сегрегација.

Кастел смета дека сегрегацијата во градскиот простор не се појавува само како резултат на поделеноста на општествените групи во просторот, туку и како резултат на нивото на репродукцијата на работната сила. Во таа смисла и структурата на резиденцијалниот простор е резултат на повеќе фактори, кои се манифестираат на различни нивоа: економско, политичко-институционално и идеолошко. (Castells , 1975, стр.218-236).

Мнозинството од социолозите се согласуваат со ставот дека проучувањата на просторната сегрегација треба да се базираат на дијалектичкото сфаќање на односите меѓу различните социјални групи во просторот, нивното групирање, можноста за користење на

урбаните придобивки, како и нивната нерамномерна распределба (Lacascade. J.L. 1979, стр.7-9).

Резиденцијалната сегрегација е детерминирана пред се од станбената политика и претставува најраспространета форма во просторот на модерните градовите. Таа може да биде стихијна или како што ја нарекуваат некои социолози спонтана и планска. Првата е типична за земјите во развој и најчесто се манифестира како бесправна станбена изградба (вон нормите на правниот систем и урбанистичкиот план), а втората, планската сегрегација, се согледува низ изградбата на новите колективни станбени населби за службеничките слоеви, кои, местото во општествената хиерархија го санкционираат преку квалитетот на местото на живеење. Таа може да се манифестира како "елитна" индивидуална станбена изградба на атрактивни локалитети кои се добиваат како награда за местото во општествената хиерархија на власта.

Проучувањата на француските градови, на пример, покажуваат дека социјалната сегрегација се изразува главно во разликите во квалитетот на домување (условите за живот на ниво на населба) а се согледува и преку раселувањето на работничките слоеви од централните делови на градот и еколошки подобрите делови за живеење, а во исто време и со нивно населување од ситуираните класи познато во развиените западно-европски земји како "поборжуаризирање на централните делови , преку подобрување на условите за живот во квартовите каде живеат економски моќните слоеви (Lojkin, J-1997, Castells, M.Godard, 1978).

Во анализата на социолошките апсекти на појавата на социјалната сегрегација тргнуваме од следното:

Прво, дека таа спрема местото и условите на домување е една од највидливите форми на општествената нееднаквост;

Второ, дека процесот на општесетвеното раслојување се рефлектира и во урбанизмот, односно разликите во располагањето со општествената, политичката и економската моќ се пренесуваат и во сферата на домувањето. Преку сегрегационизмот се врши промоција на општествениот статус и положба на поединците. Резултат на тоа се "елитните" наспроти "работничките населби", фаворизираниот "центар" наспроти запуштената и деградирана "периферија" и сл.

Трето, дека само економски и политички моќни слоеви се во можност да го бираат местото на живеење во просторот на градот;

Четврто, дека нееднаквостите во распределбата на становите се меѓу најважните фактори во социјалната сегрегација во градскиот простор;

Петто, дека негихиенските населби се израз на просторно-социјалната сегрегација;

Шесто, дека бесправната станбена изградба претставува еден од најзначајните показатели на општественото групирање во просторот;

Седмо, дека новите колективни станбени населби како плански создадени населби, претставуваат планска сегрегација “тежнение на технобирократијата за издвоено домување во конфорни станови“;

Осмо, дека резиденцијалната сегрегација, се јавува како резултат на тежнението на луѓето да се групираат во просторот кое може да биде мотивирано од различни причини.

### 2.4. “Спонтаната“ сегрегација и бесправната станбена изградба

Појавите на спонтаната сегрегација и диференцијација се присутни во сите поголеми градови. Колку е подинамичен демографскиот прилив во градот (пред се од редовите на селанството) толку повеќе доаѓа до израз бесправната станбена изградба, а со тоа и формирање на посебни подрачја во градот кои ги населува население со еднакви или слични карактеристики.

“Да му се даде на човекот работа или дури надеж за работа, макар колку да е тоа илузорно, тој ќ е се снајде за своето живеалиште (појавите на “диви“ населби) или ќе биде задоволен со било какво живеалиште“. (Вујовиќ, 1972, стр.56). Населението во бесправните станбени населби живее во социјално депривелегирана положба, што укажува на елементите на просторната сегрегација во нашите градови кои се формираат врз класно-социјални основи.

Истражувањата на загребската агломерација ја потврдија тезата дека разликите во класно-социјалната структура ја детерминираат и достапноста на урбаната опрема. Поголемиот број на “диво“ изградените населби во Загребската регија се резултат на стихијната урбанизација во нови, променети услови, од моментот кога настапила брза индустријализација и дошло до брзо распаѓање на традиционалната социјална структура, во која селанството било далеку побројна група. (Шувар, Стипе, 1973 стр.175).

Во Белград, до крајот на седумдесетите години, се формирани околу седумдесетина “диви“ населби. Повеќето од две третини од носителите на бесправната станбена изградба се вработени во непосредното материјално производство, а 95% се доселеници од другите краеви на државата. Истражувањата за бесправната станбена

изградба во Белград покажаа дека на речиси половина од носителите тоа им било единствениот начин да го решат станбеното прашање.

Истражувањата на бесправната станбена изградба и процесот на просторната социјална сегрегација во сараево, покажуваат дека носителите на бесправната станбена изградба, како и оние кои со сопствени средства подигаат станбени објекти во просек заработуваат значително помалку од оние кои добиваат општествдени станови.*)[2]

Споменатите истражувања, а и многу други кои овде не се наведени, недвосмислено покажуваат дека еден од несомнените показатели на социјалната диференцијација и социјална сегрегација се манифестира, како преку планската изградба на нови станбени населби, така и преку планскаста изградба. Бесправниот вид на групирање во просторот главно се врши на периферијата на градовите, на слободните простори, кои најчесто во урбанистичките планови се предвидува за други намени. Со физичкиот пораст на градот некогашните "диви" населби длабоко навлегуваат во градсктоо ткиво и постепено се претвораат во сламови. Историјата на скоро сите поголеми градови тоа го потврдува. Тие стануваат една од најголемите пречки за нормален развој на градот, а најчесто за нивното санирање. Никогаш нема доволно средства.

## 2.5. Урбанистичкото планирање во изградбата на градот

Со градот низ историјата секогаш управувала малубројна "елита". Мамфорд го издвојува грчкиот град Полис кој единствено "почнал да живее во личноста на граѓанинот", односно, градот бил создаден по мерката на човекот". Но, модерните агломерации со повеќе стотици илјади жители тешко можат да бидат целосно доживеани и "еден човечки ум не може да разбере повеќе од едно делче на сложените и тесно специјализирани дејнсоти на енговиот систем. (Mamford,L, 1968, стр.634).

Ако се согласиме со ставот дека градот треба да му овозможи на секој негов жител активно и творечки да го менува светот во кој живее, тогаш планската изградба е еден од начините која овозможува тоа рационално и организирано да се прави.

---

[2]Речиси сите емпириски истражувања го потврдуваат тоа. Вработените со работнички квалификации во помала мера учествуваат во распределбата на општествените станови.

## 2.6. Планирање на градот во модерното општество

Според Лефевр капитализмот го остварил својсот простор дури во дваесеттиот век. Но, на тој простор економските и политичките сили напразно се обидуваат да му наметнат еден хомоген ред. Урбаниот простор не е одвоен од идеологиијата и политиката. За Лефевр постои една "идеологија на просторот". (Lefebvre, 1970, Espaces, et societes).

За најновиот период од развојот на општеството карактеристично е тоа што се менуваат активнсотите, и формите на тие активнсоти, и што се преминува од производство на предмети, (кое останува и понатаму, но не како единствено значајно), и се применува "на директно производство на просторот како таков".

За Маркс просторот претставува збир на места за производство и подрачје за пазари. Градот се анализира во рамките на организацијата на производството и во функција на зголемување на профитот, но, не во смисла на интеграција на еден поширок план, туку како дезинтегриран простор, раздробен на безброј сегменти. Вредноста на просторот, како интегрална целина (на ниво на градот, регионот или целокупната национална територија) станува актуелна особено последниве педсетина години.

Суштината на општественото планирање, на денешниот степен од развојот на општеството, а во тие рамки и на урбанистичкото планирање, како негов составен дел, се поклопува со дефинитивната пропаст на конкурентско-капиталистичкото државно насочување на развојот. Планирањето се претвора во регулација на економските услови и на вреднување на капиталот, во стабилизација на политичките услови и задржување на постојната струактура и политичката власт. Во таа смисла може да се објасни суштината, карактеристиките и смислата на урбаното планирање како свесно насочување на развојот на урбаните агломерации и грижата за нивниот развој. Тоа има изразито инструментален карактер и е во функција на решавање на проблемите кои ги предизвикува "кризата на градовите". Државата, преку процесот на планирањето кое го прави во "интерес на целосно општество", само го прикрива класниот карактер на општествените односи. Оваа фунакција на државата особено доаѓа до израз при просторното и урбанистичко планирање, кое се повеќе станува општествено, односно планирање на развојните можности, внатре во капиталистичкиот систем, и се обидува да ја ублажи цикличната законитост на развојот да ги спречи кризите и стабилизира

целокупниот економски и политички развој, со што ќе овозможи непречено оплодување на капиталот (J Jakhel,R, 1/1971, стр.119)

Анализирајќи ја состојбата на големите градови, на планот на класната и расната сегрегација и нивното претворање во гета за расно и класно непривилигираните слоеви, особено поделеноста на градот на центар и предградие која во основа е класна и расна, Вивер, ја објаснува основната стратегија и цел на урбаното планирање, во чии рамки се реализира федералната програма за урбана обнова на САД во шеесетите години, а која се повеќе била насочувана кон елиминирање на нееднаквостите и дискриминацијата во сместувањето, а се со цел да се ублажат судирите и противречностите меѓу етничките групи и социјалнаите класи. Проблемот на класното и расното раслојување не се решава, туку преку "планско разместување на населението се ублажуваат конфликтите и се спречуваат острите судири кои го доведуваат во прашање целокупниот општествен систем во градот. (Robert C.Weaver, 1963).

Физичката блискост меѓу разните групи, формирани врз класна основа и етничка поделеност, кои бранат различни интереси, смета Вивер, создава значителни општествени интеракции и резултати во создавањето на заедничкиот идентите во намалувањето на општествената нетрпеливост.

Создавањето на "заедничкиот идентите" како планерска дејност, индиректно е во функција на непреченото функционирање на општествениот систем во градот, но никако не може да се сфати како елемент во надминувањето на класната и етничката поделеност.

Погрешно е да се мисли дека физичката блискост само по себе ќе ги надмине противречностите кои се создадени врз расна и класна основа. Но, дека планското создавање на хетерогени простори сигурно е чекор понатаму кон намалувањето на затегнатостите меѓу општествените групи во просторот на градот.

Политиката на инстиснување на ситниот капитал и истерување на пониските слоеви од централното подрачје на градовите, е само еден од моментите (можеби и најзначаен) на планерските дејствија на владејачката класа, која под паролата за "хуманизаација на просторот и подобрување на условите за живеење" само го реализира глобалниот план на постојниот систем за негова понатамошна егзистенција.

# IV. СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЖИВОТОТ ВО ГРАДОВИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## - анализа на резултатите од анкетното истражување -[3]

Во истражувањето на социолошките аспекти на животот во градовите на Република Македонија тргнавме од претпоставката дека интензивниот стопански развој, проследен, пред се од интензивниот процес на индустријализација и урбанизација, создаде реални претпоставки за радикални промени на општеството, кои ги зафатија сите сфери на животот на човекот, меѓу кои односите меѓу луѓето, начинот на животот на човекотѕ, културата на живеење и комуникацијата, потоа користењето на слободното време, спаѓаат меѓу најзначајните.

Карактерот на тие промени зависи главно од квалитетот и карактеристиките кои се воспоставуваат меѓу селото и градот, односно од типот на урбанизацијата, која во услови на пренагласен демографски посраст на градот создаде тешки последици во нивниот развој кои особено се манифестираат во задоволувањето на елементарните потреби, во тешкотиите со вработувањето, задоволувањето на културните потреби, слободното време и сл.

---

[3]Во анкетата беа застапени седум градови (Гевгелија, Струга, Штип, Тетово, Прилеп, Куманово и Скопје (Чаир и Кисела Вода). Сите градови беа претходно класифицирани во зависност од големината и националниот состав, а во рамките на еден град намерно беа одбрани месните заедници од кои по случаен пат беа избрани домаќинствата за анкетирање. Во анкетата беа опфатени 620 домаќинства (глава на домаќинство) и тоа: 60 испитаници од групата на најмалите градови, (Гевгелија и Струга) 160 од градовите со средна големина (Штип и Струга) 160 од градовите со средна големина (Штип и Тетово), 160 од големите градови (Прилеп и Куманово) и градот Скопје со 240 испитаници (Чаир и Кисела Вода). Во однос на просторната оддалеченост од централното подрачје, 240 испитаници беа земени од центарот на градот а 240 од периферијата до проширеното подрачје, и 60 од малите градови .

Во однос на староста, 73 (11,77%) се до 34 год. возраст, 204 (32,90) од 35-44 год. возраст, 151 (24,35%) од 45-54 год. возраст, 128 (20,65%) од 55-64 год. возраст и 64 испитаника (10,32%) со над 65 год. возраст Националниот состав на испитаниците е следниот: 461 (74,35) се од македонска нацкионалност, 105 (16,94) од албанска и останатите од другите националности. Анкетирањето беше реализирано во текот на април месец 1992 година, од асистентите при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Целта на нашата анализа не е “тоталитетот“ на животот на населението во градовите. За тоа се потребни повеќе дополнителни истражувања. Нашата цел е да претставиме дел од феномени на градскиот живот, а кои главно се однесуваат на следното:

а) Квалитетот на живот, анализиран во неколку сфери од животот во градовите (домување, опременост на населбата, квалитетот на одморот и рекреацијата, еколошките услови) потоа, субјективните ставови за задоволството од станбената и населската инфраструктура и сл.

Квалитетот на живот, исто така, беше посматран и во однос на структурните карактеристики на населението, типот и големината на градот и оддалеченоста од центарот на градот.

б) Слободното време и културните потреби на населението, како и социјалната интеграција на луѓето во една конкретна просторно-социјална целина каква што е градаската средина, претставува можеби една од најзначајните области во кои се согледуваат специфичностите на градскиот живот и преку кои може да се мери степенот на развиеноста на урбната средина воопшто. Одговорите на прашањата за состојбата на квалитетот на живот и карактерот на задоволувањето на културните потреби претставуваат вовед во одговорите на прашањата аповрзани со суштината и карактеристиките на урбанизацијата посматрана како промена на начинот на живот.

Во овие рамки посебно се наметнува прашањето на “стилот на живот“. Имено, дали урбаната култура која длабоко навлегува во сите сфери од животот на секој човек создава претпоставки за едно “ново разбирање на стилот на живот“ или можеби се работи за прилагодување на традиционалниот живот кон новите услови во овој момент, тешко со сигурност може да се одговори од расположивиот емпириски материјал.

в) Социолошката комуникација или перцепција во доживувањето на социјалната стварност во градот претставува еден од најзначајните елементи на човековото секојдневие. Наједноставно, примарните сегменти на човековиот живот како што се соседство, семејство, пријателство во градот добиваат нов квалитет и значење. Една од најпрепознатливите социолошки димензии на урбаниот живот се согледува во карактерот на доживувањето на непосредната околина - и како социјална средина и како физички простор.

г) Доживувањето на градот како пријатно место “сопствен дом“ на човекот е едно од централните прашања кое го покажува степенот на задоволство од животот и кое ги лоцира “повисоките“ потреби во

функција на вистинскиот живот. Тоа го проблематизира сфаќањето за задоволувањето на човековите потреби кои најчесто се поврзуваат со потребите кои имаат материјална природа.

## А. Квалитет на животот, големина на градот и тип на населбата

Како објективни показатели за квалитетот на животот во градот, најчесто, во емпириските истражувања, се земаат неколку индикатори, кои имаат за цел да ги покажат разликите и сличностите меѓу одделните типови на градови (по големина) и населби, како делови од градот, како во однос на оддалеченоста од центарот, така и во однос на социјалните карактеристики на испитаниците и нивната национална припадност.

Квалитетот на животот е ситуација на егзистенцијалната состојба, а кој се однесува пред се на "поголема или помала незадоволеност на потребите на поединците, односно потребите на различни групни ентитети, како што се општествените групи, слоеви или население на одредена територија (населба).

Квалитетот на живот е анализира со помош на четири основни димензии: социјална благосостојба, сигурност, ниво на култура и самореализација на личноста. Димензијата на благосостојба ја покрива сферата на материјалните потреби, во нашиот случај анализирана посредно преку степенот на урбаната неопременост на населбата за секојдневните активности, потоа во сферата на задоволувањето на културните потреби и најпосле во нивното субјективно вреднување од страна на жителите на градот.

Нивото на секојдневниот живот се посматра како "латентно поле на автентичниот човеков живот" - Под поимот "социјалната благосостојба" влегуваат и други индикатори на квалитетот на живортот (освен домувањето и степенот на опременост на населбата) како што се: здравствената состојба, редовна вработеност, можноста за повисоко образование и сл.

### а) Квалитетот на домувањето и опременоста на населбата

Станот претставува градежни целини, физичка рамка во која човекот го поминува најголемиот дел од својот живот. Домувањето е вкупност на човековото живеење во кое влегуваат работата, одморот, рекреацијата, социјализацијата и сл.

Во анализата на социолошката димензија на квалитетот на домувањето се поаѓа главно од неколку релевантни аспекти: прво, во начинот на решавањето на станбеното прашање се присутни значајни разлики меѓу општествените групи; второ, присутни се големи разлики во степенот на опременоста на населбите кои произлегуваат од карактеристиките на социјалниот состав, и од оддалеченоста од центарот на градот, што доведува до изразита концентрација на службенички слоеви во централните делови на градот и со тоа до повисока урбана опременост на населбата.

Станбената политика создаде услови за социјална сегрегација во урбаниот простор. Деградираното домување кое се јавува како резултат на општествените нееднаквости е највидливо во запуштените делови на градовите, каде добива и форма на етничка сегрегација (ромски населби и градска сиромаштија) и социјална сегрегација на населби /делови од градот кои се претежно населени со неквалификувана работна сила.

Квалитетот на домувањето го сочинуваат неколку елементи: број на соби во станотг и квадратура по член на домаќинството, опременост на домаќинството, опременост на домаќинствата (инсталации и опрема и опременост на населбата - непосредната околина на станот.

а1) Опременост на станот. Прашањето за тоа кои елементи ја формираат "долната" а кои "горната" граница на "лошите" и на "одличните" услови за домување, нема да биде поставено ниту во контекст на споредбени анализи со други земји, кои се наоѓаат на приближно еднаков степен на развој, ниту пак ќе биде поставено во рамките на социолошките, психолошксите или здравствените аспекти. Што тоа значи да се живее во "лоши" услови, а што во "добри"[4].

Станот е единствена заедничка животна средина на сите членови на семејството. Од тој аспект, потребата на семејството за стан е почетен услов за да може воопшто да се говори за воспоставување на таа "просторна рамка" со потребите на семејството. (Илиќ, Душан, 1983, стр.13)

[4] За Шамбард де Лов (Ch.de Lauwe) деградираното домување има пресудна улога во развојот на семејнтие односи, односно пренаселеноста е еден од важните фактори кои негативно влијаат врз развојот на личноста и семејните односи. Кога пренаселеноста ќе ја надмине бројката од 2,5 лица по станбена просторија често се јавува агресивно поведение кое се манифестира, не само во семејството туку и надвор од него. Кога станбената површина по член на семејство се спушта под 9м2 под т.н. "праг на издрживост" доаѓа до разни негативни психо-социолошки последици (Ch.de Lauwe), P.N. - Famille et habitation, C.N.R.S., vol.2, Paris, 1959.

Нашата анализа за квалитетот на домувањето се базира врз емпирисктие резултати од истражувањето. Тие покажуваат дека најголем дел од вкупниот број од анкетираните одмаќинства, се опремени со водовод, електрична енергија, туш или бања, клозет за помивање, канализација, бања со над 90% од становите. Влажност во станот не се јавува во 86%, а само во 55% има воведено централно греење и канализација што говори дека квалитетот на становите е на релативно високо ниво односно дека тие се опремени со најосновни елементи.

Слична констатација може да се извлече и од добиените податоци за опременост на домаќинствата со разни елементи на техничка опрема (фрижидер, електричен шпорет, телевизор во боја, автомобил, машина за перење и сл.).Фактот што од вкупниот број на домаќинства 36% поседуваат библиотека со над 50 книги, 63% автомобил, 87% телевизор во боја, 91% лмашина за перење, 87% фрижидер за длабоко смрзнување, 83% телефон, говори за една состојба на технички високо опремени домаќинства, што во голема мера го прави животот многу попријатен и полесен.

а2) Површината на станот и број на соби по член на домаќинство. Според површината, становите можеме да ги поделиме на три групи: мали до 40 м квадратни, средни - до 70 м квадратни и големи станови - над 70 м квадратни. Во првата група занемарливо е учеството на најмалите сдтанови (до 25 м2) само 0,81 (5) значително поголем е бројот на становите со површина со над 90 м2 (16,7%). Над 50% од становите имаат површина од 40-70 м2. Според бројот на соби најзастапени се трособните станови, речиси 40% од вкупниот број, а речиси 1/3 се двособни и 1/5 четирисобни и повеќе. Во однос на квалитетот на домување, врз основа на овие два најважни показатели присутни се значајни разлики, кај испитуваната популација и тоа во однос на типот на градот, (мали и големи), населбата (централно-градска или периферија), слојната припадност (занимањето, степенот на образование и сл.).

а3) Ако квалитетот на домувањето го мериме по бројот на собите, тогаш кај големите градови е забележан највисок процент на четири и повеќесобни, 40% од вкупниот број на станови а најмал процент, само 14% се регистрирани во Скопје. Интересно е да се забележи тоа што кај најмалите градови е регистриран висок процент

на двособни станови, скоро 40%. Во Скопје речиси половината од сите анкетирани домаќинства живеат во двособни станови.[5]

а4) Големина на градот и решавање на станбеното прашање

Од вкупниот број на анкетирани, повеќе од половината (53%) сметаат дека станбеното прашање го решиле на адекватен начин, и речиси 1/3 (29,5%) во моментот на истражувањето не го решаваат, а остнатите близу 20% го решаваат/подобруваат - со доградба, надградба, замена и сл.

Во најповолна ситуација, во тој поглед се жителите на најмалите градови. Речиси 70% сметаат дека адекватно го решиле станбеното прашање, а во најнеповолна ситуација се жителите на Скопје со само 45% од вкупниот број, кој кој се наоѓаат во слична систуација во малите градови.. Потоа, ако судиме по тоа дали во моментот на анкетирањето луѓето се преокупирани со станбената положба (подобрување) тогаш можеме да речеме дека средните градови (од типот на Штип и Тетово) се наоѓаат во фаза на интензивна изградба. Повеќе од 25% од анкетираните, во моментот на анкетирањето се зафатени со подобрување на станбената ситуација (секој четврти), 11% бараат замена, за разлика од Скопје каде ниеден од анкетираните во моментот на анкетирањето не гради куќа или купува стан, само 2% вршат надградба, поправки и сл. Тоа покажува дека интензитетот на станбената изградба опаѓа во Скопје и поголемите градови, и дека се повеќе се пренасочува кон малите и средните градови.

а5) Квалитетот на домување и занимањето на испитаниците

Квалитетот на домувањето (број на соби и површина во м2) во голема мера зависи и од занимањето на испитанциите).

Работниците со низок степен на квалификација, претежно вработени во градежната индустрија, трговијата и транспортот, за разлика од претставниците на службеничката структура:

[5] Податоците за просечната површина по жител во некои населби од градот Скопје, покажуваат дека околу 40000 - жители живеат во станови во кои просечната станбена површина по жител не достига на 6 м2, а бројот на оние кои се најдуваат на границата на "патолошкиот праг", од 6-10м2 се приближува до бројката од над 100.000 жители, што значи дека секој петти стан е пренаселен. Наспроти ова, во 16874 станови живеат само 37385 лица (1981) што значи дека едно лице располага со најмалку 30м2 станбена површина. (Извор, Основен план на град Скопје / Измени и дополнувања, кн.7.1985)

(раководители, стручњаци) во значително помал број живеат во станови кои се сметаат за конфорни (над 90 м2). Само 12% од работниците живеат во станови со над 90%, а кај службениците тој број е близу 1/5.[6] Нешто слично забележано е и со бројот на собите во станот.

Речиси кај 1/4 од службеничките занимања се сретнуваат станови со четири и повеќе соби, за разлика од работниците кај кои тој процент е многу помал. Ситуацијата станува уште понеповолна ако се знае фактот дека работничките семејства, во просек, се со поголем број членови, од службеничките:

И во поглед на тоа, дали испитаникот смета дека станбеното прашање му е адекватно решено или не, исто така, службеничките занимања се наоѓаат во поповолна состојба. Скоро 1/3 од вкупниот број од оние кои сметат дека адекватно го решиле станбеното прашање се од групата на службеничките занимања, а во вкупниот број на вработени нивниот број значиателно е помал. Потоа, значително поголем е бројот на оние кои ја подобруваат станбената положба, повеќе од 15% од вкупниот број.

б) Станбеното прашање и образование

Резултатите од истражувањето се недвосмислени кога се говори за односот на квалитетот на домувањето и степенот на образованието: анкетираните со највисок степен на образование во просек живеат во поконфорни станови (број на соби и површина во м2)[7]

Во поглед на станбената ситуација во најповолна состојба се оние со завршено техничко и економско училиште, речиси 2/3 од

---

[6] До слични резултати се доаѓа во едно истражување на приемрот на Скопје. Во најповолна положба во однос на собноста на станот се наоѓаат стручњаците со ВСС, потоа следат стручњаците со ССС, и во најнеповолна положба се наоѓаат вработените со низок астепен на квалификација (НКВ, ПКВ и КВ работници). Од вкупниот број на анкетирани стручњаци со ВСС и административни и интелектуални работници со ВСС, околу 40% живеат во најмногу двособен стан, а кај работниците тој број е околу 60%, потоа, само 22% од НКВ и ПКВ работници живеат во трособни станови, а кај стручњљаците тој процент е двојно поголем (Резултати од истражување реализирано од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, за потребите на изработка на урбанистичкиот план на Скопје (не публикувани)..

[7] Анализата на резултатите од претходно споменатото истражување на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, за односот на станбениот статус и степенот на школска подготовка, покажа дека пости значајна разлика меѓу оние со пониско и оние со повисоко образование.

Табела бр.1 Занимање на главата на домаќинството и решавање на станбеното прашање

| Занимање на главата на домаќи ството | Моментно не го решава станб. прашање | Чека стан од работа | Гради куќа | Врши доградба или надградба | Бара замена на стан | Купу ва стан | Друго | Живее под кирија | Реше но станб ено праш ање | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работник (град.трг.инд. транс.) | 51<br>26,0<br>30,1 | 2<br>1,02<br>20 | 6<br>3,1<br>37,5 | 7<br>3,6<br>31,8 | 4<br>2,0<br>33,3 | 9<br>4,6<br>69,2 | 3<br>1,5<br>33,3 | 8<br>4,1<br>38,1 | 106<br>54,1<br>33,4 | 196<br>(100) |
| Службеник (раководител стручњак) | 36<br>22,3<br>21,4 | 3<br>1,9<br>30 | 6<br>3,7<br>37,5 | 10<br>6,2<br>45,5 | 3<br>1,9<br>25,0 | 3<br>1,9<br>23,1 | 2<br>1,2<br>22,2 | 7<br>4,3<br>33,3 | 91<br>58,3<br>28,7 | 161<br>(100) |
| Лица со лични приходи (пензија и сл.) | 48<br>35,6<br>28,6 | 1<br>0,7<br>10 | 1<br>0,7<br>6,3 | 1<br>0,7<br>4,5 | 2<br>1,5<br>16,7 | 0 | 1<br>0,7<br>11,1 | 3<br>2,2<br>14,3 | 78<br>57,8<br>24,6 | 135<br>(100) |
| Домаќинка (учн.студент, невраб.друго) | 33<br>34,4<br>19,6 | 4<br>4,2<br>40 | 3<br>3,1<br>18,8 | 4<br>4,2<br>18,2 | 3<br>3,1<br>25,0 | 1<br>1,0<br>7,7 | 3<br>3,1<br>33,3 | 3<br>3,1<br>14,3 | 12<br>43,8<br>13,2 | 96<br>(100) |
| Вкупно | 168<br>(100) | 10<br>(100) | 16<br>(100) | 22<br>(100) | 12<br>(100) | 13<br>(100) | 9<br>(100) | 21<br>(100) | 317<br>(100) | 576<br>(100) |

вкупниот број, а во најнеповолна се оние со основно училиште, само 45%, сметаат дека адекватно го решиле станбеното прашање[8].

Во однос на начинот на решавање на станбеното прашање, исто така, се присутни разлики: бројот на анкетираните со високо образование кои добиле стан од работната организација учествуваат со близу 1/4 во вкупниот, а во бројот на вработените учествуваат со помалку од 10%.

### а7) Задоволство од станбените услови, квалитетот на станот и социјалните карактеристики на населението

Општ впечаток е дека најголем дел од анкетираните речиси 2/3, се задоволни од станбените услови. Само 15% се изјасниле дека се„ многу незадоволни„ а 1/5 дека се "многу задоволни". Субјективното задоволство зависи од повеќе фактори, и не мора да кореспондира со објективната ситуација во која се наоѓа испитаникот.

Сметавме дека за нашата анализа ке биде интересно ако степенот на субјективно чувство на задоволство од станбените услови, го доведеме во врска со влажноста на станот, (како најнеповолен елемент), начинот на решавање на станбеното прашање, големината на станот (површина и број на соби) поврзаноста со канализација и приклучок на централно парно греење и степенот на образованието и занимањето на испитаникот.

Присуството на влага во станот ги девалвира сите дрдуги квалитети. Дали процентот од 15% на влажни станови ќе го сместиме за висок или не, не е толку значајно колку големината на процентот на субјективното чувство на задоволстсво од тие станови. Речиси 1/5 од испитаниците се задоволни и многу задоволни од становите кои имаат влага, односно речиси 85% од становитге со влага, нивните сопственици се "најмалку задоволни", а само 27% "се незадоволни".

Степенот на задоволство од станбените услови е во тесна врска со начинот на решавање на станбеното прашање.[9]

[8] Со порастот на степенот на образованието расте и степенот на аспирациите за поголем стан, иако, како што се покажа во истражувањето, претежно припадниците со повисок степен на образование живеат во далеку подобри станбени услови, како во однос на големината, така и во однос на собноста. Всушност, кога станот е еден од симболите на општествениот статус, тогаш локацијата, големината и опременоста се значајни, без разлика дали тие ги надминуваат реалните потреби на семејството. Пример, системот на распределбата на општествените станови директно ги поттикнуваше аспирациите за поголеми станови, без разлика на тоа дали се или не во функција на реалните станбени потреби.

Најголем број од незадоволните од станот, речиси 1/3, до стан дошле со купување, а најмал 12% преку наследство. Но, исто така, од многу задоволните станот го купиле 40% или го изградиле во сопствена режија.

Субјективното чувство на задоволството од станбените услови зависи од големината (бројот на соби и површината) на станот. Резултатот од односот меѓу големината на станот (во м2) и задоволството од него, покажува дека задоволството расте со порастот на површината, но тоа е поизразито кога се доведува во врска со бројот на собите. Така на пример, категоријата на многу задоволни е поголема кај оние чии станови имаат над 3 соби, од оние чиј стан има над 70м2. Од вкупниот број на анкетирани кои изјавиле дека се многу задоволни, 68,7% живеат во станови со над 70м2, а бројот на оние кои живеат во трособни и повеќе станови изнесува 84%, што е навистина значајна разлика. Бројот на многу незадоволните кои живеат во станови со над 70м2 е 1/5, и што е нормално, најголем процент од нив живеат во станови до 55м2, речиси 50%, а тие претставуваат повеќе од 2/3 од вкупниот број на незадоволни.

Приклучокот на станот со централно парно греење претставува еден од значајните квалитети. Интересно е да се забележи дека во анкетата од вкупниот број на оние кои се задоволни речиси 1/3 не се приклучени на мрежата на централно греење.

а8) Претходно констатиравме дека станбените услови (мерени по сите индикатори) кај работничките семејства се понеповолни од условите кои се присутни кај службеничките семејства, но тоа не мора да значи дека тие се разликуваат и во однос на субјективното чувство за нивната станбена ситуација.

[9] Една анкета, на примерот на новата населба "Ново Лисиче", реализирана само две години од почетокот на вселувањето на првите станари, покажа дека само 10,4% од испитаниците не сакале да учествуваат во проектирање на станот, а 1/3 изјавија дека многу им смета што живеат во стан во кој не учествувале во неговото проектирање. Само 10,6% не би го менувале распоредот на станот, а останатите би извршиле некоја интервенција, се разбира ако би имале можност. Повеќе од 2/3 би сакале да имаат можност за промена (флексибилен стан) на станбената структура. (Анкетата ја реализираа студенти при Институтот за социологија на Филозофскиот факултет).

Табела бр.2 Задоволство од станбените услови и занимање на испитаникот

| Занимање на главата на домаќинство | Многу задоволни | Задоволни | Многу незадоволни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работник | 41<br>21,1 | 123<br>63,3 | 30<br>15,5 | 194<br>(100) |
| Службеник (раковод. стручњаци) | 43<br>25,4<br>32,03 | 102<br>60,4<br>27,2 | 24<br>14,2<br>27,0 | 169<br>(100) |
| Лице со лич.приходи | 31<br>30,0<br>24,2 | 90<br>66,7<br>24,0 | 14<br>10,4<br>15,7 | 135<br>(100) |
| Домаќинка (учен.студ. невработен. друго | 13<br>13,8<br>10,2 | 60<br>63,8<br>16,0 | 21<br>22,3<br>23,6 | 94<br>(100) |
| Вкупно | 128<br>(100) | 375<br>(100) | 89<br>(100) | 592<br>(100) |

Така на пример, практично не постои разлика меѓу службениците и работниците во однос на задоволството (многу незадоволни се и едните и другите во 15% случаеви), но во однос на тоа дали се многу задоволни, тој процент кај службениците е многу поголем - 21 отсто спрема 32 отсто во корист на службениците.

Општ заклучок е дека станбените услови на анкетираните домаќинства се добри, за (1/3) може да се рече дека се солидни, но, тие се разликуваат во однос на сите анализирани карактеристики на нивните носители, како и во однос на големината на градот. Потоа, очигледна е разликата во начинот на решавањето на станбеното прашање. Најголем дел од анкетираните со службеничко занимање и повисок степен на образование се корисници на станови кои ги добиле од работните организации, и поголем дел имаат поповолни станбени услови од претставниците на работничките занимања. Тоа во голема мера ја потврди нашата претпоставка за начинот на решавање на станбеното прашање и условите на домување од една и социо-професионалната припадност од друга страна. До слични резултати е дојдено и во други слични истражувања .

Во истражувањето (Laj Vl.1991, стр.23-4) се констатира дека "подобрите" занимања и претставниците на вишите слоеви домуваат

значајно поквалитетно . Потоа, оние со повисок степен на образование имаат повисок степен на квалитет на домување, а повисок квалитет е забележан и кај оние кои имаат подобри услови за работа и поквалитетно и почесто дневно, неделно, и годишно одмараат, се рекреираат и го трошат слободното време.

Истражувањата на станбеното прашање, на примерот на скопската агломерација, покажуваат дека само мал дел од работниците со понизок степен на квалификација (ПКВ, НКВ, КВ), се корисници на кредити од работните организации и банките, наспроти службеничките семејства, кај кои на прво место се наоѓа користењето кредит од банките или работните организации, и тоа, дека домаќинството со повисок доход по член и вработен биле во состојба да користат повеќе кредити од оние кои биле во полоша станбена ситуација.

Истражувањата покажаа дека поларизацијата во однос на начинот на обезбедување средства за станбена изградба го покажува местото на поединецот во општествениот систем.

Работничките семејства во поголем процент од останатите сами со сопствени средства си изградиле куќи.

### а9) Квалитет на живот на ниво на населба

Објективните показатели за стандардот на населбата се однесуваат на опременоста на населбата со објекти на комуналната инфраструктура - технички и општествен стандард, целовитост на животот во населбата (градот) присуство на повеќе функции и субјективно чувство на задоволство кое би требало да произлезе од присуството на наведените елементи.

Стандардот на населбите е посматран преку степенот на опременост на населбите, со елементи на минимална урбана техничка опрема (водовод, канализација, асфалт, телефон, сообраќајна поврзаност) потоа, општествена опрема (услуги, култури и образование) и најпосле полифункционалност на населбата (работа, домување, култура и услуги).

На прашањата, што најмногу недостига во населбата, беа предложени дванаесет елементи на техничкиот и општествениот стандард, за кој сметавме дека се значајни за еден нормален живот на ниво на населба. Од вкупниот број на одговори (беше дадена можност да се наведат најмногу три) најголем процент од испитаниците сметаат дека им недостасува простор за игра и рекреација (!) повеќе од 1/5, потоа тревнати простори (паркови!) со 15%, што вкупно сочинува

повеќе од 1/3 од вкупниот број. Потоа следат, асфалт со 15%, амбуланта (аптека) со 10%, канализација со 8%, кино (дом на култура) со 3%, водовод со 2%. Само 11% од анкетираните изјавиле дек во населбата во која живеат ги задоволува сите потреби.

На прв поглед се чини дека е несфатливо, зошто најголем дел од населението, слободните простори (паркови, терени за игра и сл.) ги става на прво место, кога станува збор за тоа што најмногу недостига во населбата.

Објаснувањето мора да се бара во непланскиот развој на градовите, каде навистина, за задоволување на потребите на луѓето, кое произлегува од сферата на слободното време, спортот и рекреациајта, воопшто не се водело сметка во планирањето. Тоа го потврдуваат и други слични истражувања.

Во анализата се поаѓа од ставот дека населбите кои се наоѓаат поблиску до центарот на градот (и центарот) во поглед на опременоста (техничка и општествена опрема) се наоѓаат во поповолна положба (се сретнуваат повеќе елементи), од населбите кои се наоѓаат на периферните делови од градот.

Тоа особено се однесува за поголемите градови и градот Скопје, а помалку за средните и малите градови а кои можат да се анализираат од аспект на целината на животот на ниво на град, а никако како сложени урбани структури (табела 3).

1) Факт е дека периферијата на сите поголеми градови во Македонија е бесправно и хаотично градена, што значи еден долг временски период просторот околу големите градови е сметан за помалку вреден и е препуштен на стихијните процеси на урбанизацијата. Тоа овозможи во нив да се изврши спонтана концентрација на население во однос на социјалната припадност и територијално потекло.

Ако периферните зони на градовите ги посматраме од просторен аспект, се забележува една голема разноликост на изградени просторни целини (фрагменти); како во однос на функционалноста (индустрија, домување), период на формирање, начин на градба, отсуство на планска изградба. Потоа и во однос на степенот на урбанистичка изграденост, населеност, и настанетост, и степен на етничка и социјална сегрегација. Во суштина, приградската зона ја формира хаотичноста на градовите. Се покажува дека станува збор за изразито дисфункционален простор, во кој отсуствуваат елементи на рационална организација. Во нив преовладуваат работничко-селските и делумно населби кои имаат селски карактер, а во некои локалитети се формираат и “викенд“ населби со изразито

добри услови за живеење. Потоа, најголем дел од населението го сочинуваат селски мигранти, кои се групираат и по територијално потекло и етничка припадност.

Одговорот на прашањето, зошто меѓу првите три елементи се наоѓа и потребата од асфалтирани улици, е сосема разбирливо, зашто уредно изградени и планирани улици, како еден од најпрепознатливите елементи (во физичка смисла) се сосема малку застапени.

Но, и покрај тоа, и за анкетираните од периферијата на градовите, слободните простори се она што најмногу недостасува (1/3 од вкупниот број), а тоа е она што не може целосно да се објасни од аспект на ниската урбанистичка изграденост на овие населби. Дали отсуството на другите “поважни“ елементи од доменот на техничкиот и општествениот стандард, се смета за помалку значајно од причини што и пред да се доселат во градот не ги имале овие елементи (најчесто како жители на селото) или е нешто друго во прашање, тешко може да се одговори само врз основа на една анкета. Останува прашањето, зошто, на пример, домот на културата, (кино, театар и сл.) е нешто што е помалку важно од на селскиот стандард, потоа, зошто е поважен слободниот простор од асфалтираниот влез пред зградата или телефонот?

Во просторот на големите градови, посебно на просторот на Скопје, се формира една зона на т.н. “пошироко-градско подрачје“ меѓу центарот на градот и периферијата. За разлика од периферната зона, каде само 10% од анкетираните изјавиле дека се целосно задоволни, во поширокото градско подрачје, тој процент на целосно задоволство е двојно поголем, и изнесува 19%. Од елементите на техничкиот стандард само 6% од испитаниците сметаат дека нивната населба нема уредни и асфалтирани улици, 26% сметаат дека им недостига амбуланта или аптека, а 20% спортски терени.

Би било нормално да се очекува центарот на градот, кога станува збор за степенот на опременост со елементите на техничкиот стандард да биде на повисоко ниво од останатите делови на градот. Но, тоа не мора да др се однесува за сите градови , од причина што еден не занемарлив дел (во некои градови и до 30% од изградениот простор) останале надвор од било какви плански урбанистички интервенции. Тоа се старите делови од градот кои не се зафатени од процесот на планската обнова, и се претворени во нехигиенски населби. Во тие рамки може да се најде објаснувањето дека 10% од испитаниците одговориле дека во нивната населба нема канализација (!), 12% асфалтирани улици, што заедно е повеќе од 1/5 од вкупниот број.

Табела бр.3 Опфат на дел од градот и што најмногу недостасува на населбата

| Опфат на едел од градот | ВКУПНО | Канализација | Асфалтирани улици | Основно училиште | Самопослуги,месарници | Ресторани, бифиња | Кино, дом за култура | Спорт,терени за рекр. | Банка | Рек.парк, базен, крос | Амбуланта, аптека | Водовод | Градинка | Парно греење | Осветлување | Има се, ништо не недост. | Б.О. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 620<br>100,0<br>100,0 | 50<br>8,1<br>100,0 | 95<br>15,3<br>100,0 | 6<br>1,0<br>100,0 | 6<br>1,0<br>100.0 | 7<br>1,1<br>100,0 | 19<br>3,1<br>100,0 | 138<br>22,3<br>100,0 | 6<br>1,0<br>100.0 | 97<br>15,6<br>100,0 | 65<br>10,5<br>100,0 | 11<br>1,8<br>100,0 | 2<br>0,3<br>100,0 | 9<br>1,5<br>100,0 | 6<br>1,0<br>100,0 | 68<br>11,0<br>100,0 | 35<br>5,6<br>100,0 |
| Цел град | 60 | 3 | 12 | - | - | 1<br>1,7<br>14,3 | 3<br>5,0<br>15,8 | 13<br>21,7<br>9,4 | - | 16<br>26,7<br>16,5 | 2<br>3,3<br>3,1 | - | - | - | 6<br>10,0<br>100,0 | 1<br>1,7<br>1,5 | 3<br>5,0<br>8,6 |
| Периферија | 240<br>100,0<br>38,7 | 22<br>9,2<br>44,0 | 48<br>20,0<br>50,5 | 1<br>0,4<br>16,7 | 5<br>2,1<br>83,3 | 2<br>0,8<br>28,6 | 10<br>4,2<br>52,6 | 44<br>18,3<br>31,9 | 6<br>2,5<br>100,0 | 29<br>12,1<br>29,9 | 33<br>13,7<br>50,8 | 6<br>2,5<br>54,5 | 1<br>0,4<br>50,0 | 1<br>0,4<br>11,1 | - | 23<br>9,6<br>33,8 | 9<br>3,7<br>25,7 |
| Пошироко градско подрачје | 80<br>100,0<br>12,9 | 2<br>2,5<br>4,0 | 5<br>6,2<br>5,3 | 2<br>2,5<br>33,3 | - | 2<br>2,5<br>28,6 | 3<br>3,7<br>15,8 | 16<br>20,0<br>11,6 | - | 6<br>7,5<br>6,2 | 21<br>26,2<br>32,3 | 4<br>5,0<br>36,4 | - | 4<br>5,0<br>44,4 | - | 15<br>18,7<br>22,1 | - |
| Центар на градот | 240<br>100,0<br>38,7 | 23<br>9,6<br>46,0 | 30<br>12,5<br>31,6 | 3<br>1,2<br>50,0 | 1<br>0,4<br>16,7 | 2<br>0,8<br>28,6 | 3<br>1,2<br>15,8 | 65<br>27,1<br>47,1 | - | 46<br>19,2<br>47,7 | 9<br>3,7<br>13,8 | 1<br>0,4<br>9,1 | 1<br>0,4<br>50,0 | 4<br>1,7<br>44,4 | - | 29<br>12,1<br>42,6 | 23<br>9,6<br>65,7 |

Само 12% изјавиле дека во нивната населба се присутни сите елементи на општествениот и техничкиот стандард.

а10) Големина на градот и квалитет на животот на ниво на населба

Ако судиме врз основа на тоа што според мислењето на анкетираните, им недостасува во нивната населба, тогаш фактот што на пример, на прво место се истакнуваат "тревнати простори, паркови, зеленило" кај малите и големите градови, потоа, натрето место асфалтирани улици кај испитанциите од Скопје и малите градови, спортски терени и терени за рекреација кај малите и големите, може на прв поглед да делува несфатливо, ако се има предвид карактерот на урбанизацијата. Заедничка карактеристика на урбанизацијата, без разлика на големината на градот кај поголемите градови последиците се потрагични е нејзиниот хаотичен карактер со крајно негативни последици врз организацијата на просторот, во смисла на нарушување на неговата функционалност и целосна дегредација. (Табела 4)

Најмногу во тој процес беа оштетени оние простори /делови кои беа наменети за слободни активности (спорт и рекреација) а во некои делови од поголемите градови такви простори и не постојат[10]

---

[10] Во едно истражување за квалитетот на животот, посматран од регионален аспект, се доаѓа до следниот заклучок: видлива е разликата во условите на живеење (станбени населби, а во рамките на домаќинството во однос на опременоста, начинот на користење на слободното време) во селските средини, од една и некои макрорегионални и регионални центри и Скопје како главен град, од друга страна. Разликите се поголеми меѓу селата и градовите воопшто, а помалку изразени меѓу големите и малите градови - населби. Воочливо е дека населението во внатрешноста во помала мера ги користи добрата во чие создавање учествуваат сите, а без кои не може да се замисли нормален цивилизиран живот. Кога недостасува, на пример, амбуланта, телефон, редовен меѓуградски превоз, училиште, тогаш не се работи само за отсуство на социјална сигурност, туку за целосна животна изолација. Но, она што е можеби најкарактеристично, како што се констатира од резултатите од истражувањето, е тоа што започнал процесот на модернизацијата на животните услови, во кој се присутни основните претпсотавки за повисок материјален стандард. Она што изненадува е тоа што тој стандард нема очекувано влијание врз другите аспекти, кои исто така формираат квалитет на живот (начин на користење на слободното време). Модернизацијата на културата на сиромаштијата е препознатлива исклучиво по влијанеито на масовната култура врз целината на начинот на живот кој е воочлив во сферата на начинот на користење на слободното време и задоволувањето на културните потреби. Ако квалитетот на живот се посматра како количина на потрошни материјални добра, можеме да констатираме дека во извесна смисла поголем дел од населението е задоволен, но ако квалитетот на живот се посматра од аспект на задоволување потреби, начинот на користењето

Табела бр .4 Големината на градот и што најмногу недостасува на населбата

| Големина на градови | ВКУПНО | Помали градови Гевгелија Струга | Средни градови Штип Тетово | Големи градови Прилеп Куманово | Скопје К.Вода Чаир |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 620<br>100,0<br>100,0 | 60<br>100,0<br>9,7 | 160<br>100,0<br>25,8 | 160<br>100,0<br>25,8 | 240<br>100,0<br>38,7 |
| Канализација | 50<br>8,1<br>100,0 | 3<br>5,0<br>6,0 | 34<br>21,2<br>68,0 | 9<br>5,6<br>18,0 | 4<br>1,7<br>8,0 |
| Асфалтирани улици | 95<br>15,3<br>100,0 | 12<br>20,0<br>12,6 | 37<br>23,1<br>38,9 | 20<br>12,5<br>21,1 | 26<br>10,8<br>27,4 |
| Основно училиште | 6<br>1,0<br>100,0 | - | 2<br>1,2<br>33,3 | 2<br>1,2<br>33,3 | 2<br>0,8<br>33,3 |
| Самопослуги,месарници | 6<br>1,0<br>100,0 | - | 3<br>1,9<br>50,0 | 3<br>1,9<br>50,0 | - |
| Ресторани, бифиња | 7<br>1,1<br>100,0 | 1<br>1,7<br>14,3 | - | 3<br>1,9<br>42,9 | 3<br>1,2<br>42,9 |
| Кино, дом за култура | 19<br>3,1<br>100,0 | 3<br>5,0<br>15,8 | 1<br>0,6<br>5,3 | 4<br>2,5<br>21,1 | 11<br>4,6<br>57,9 |
| Спорт,терени за рекр. | 138<br>22,3<br>100,0 | 13<br>21,7<br>9,4 | 23<br>14,4<br>16,7 | 26<br>16,2<br>18,8 | 76<br>31,7<br>55,1 |
| Банка | 6<br>1,0<br>100,0 | - | 1<br>0,6<br>16,7 | - | 5<br>2,1<br>83,3 |
| Треб.парк.базен,крос | 97<br>15,6<br>100,0 | 16<br>26,7<br>16,5 | 31<br>19,4<br>32,0 | 32<br>20,0<br>33,0 | 18<br>7,5<br>18,6 |
| Амбуланта, аптека | 65<br>10,5<br>100,0 | 2<br>3,3<br>3,1 | 2<br>1,2<br>3,1 | 15<br>9,4<br>23,1 | 46<br>19,2<br>70,8 |
| Водовод | 11<br>1,8<br>100,0 | - | 2<br>1,2<br>18,2 | 4<br>2,5<br>36,4 | 5<br>2,1<br>45,5 |
| Градинка | 2<br>0,3<br>100,0 | - | - | 1<br>0,6<br>50,0 | 1<br>0,4<br>50,0 |
| Парно греење | 9<br>1,5<br>100,0 | - | 3<br>1,9<br>33,3 | - | 6<br>2,5<br>66,7 |
| Осветлување | 6<br>1,0<br>100,0 | 6<br>10,0<br>100,0 | - | - | - |
| Има се, ништо не недост. | 68<br>11,0<br>100,0 | 1<br>1,7<br>1,5 | 11<br>6,9<br>16,2 | 28<br>17,5<br>41,2 | 28<br>11,7<br>41,2 |
| Б.О. | 35<br>5,6<br>100,0 | 3<br>5,0<br>8,6 | 10<br>6,2<br>28,6 | 13<br>8,1<br>37,1 | 9<br>3,9<br>25,7 |

на слободното време, тогаш можеме да констатираме дека најголемисот дел од населението живее во сферата на целосна доминација на средствата на масовната култура и приватизацијата на животот (Илија Ацески - Регионални аспекти квалитета живота у Македонији, "Социологија" 1-2/1991 г. стр.182/1983).на културните

Одговорите на прашањето за тоа, што најмногу недостасува во нивната населба, кога се доведува во врска со големината на градот, покажува дека заедничко за сите нив е тоа што најголем дел (околу 50%) се на мислење дека во градот недостасуваат слободни терени за спорт и рекреација. Фактот што, мал дел, незанемарливи неколку проценти, сметаат дека во нивната населба (град) недостасува театар, дом на култура или кино, може да се сфати на различни начини. Прашање е дали, на пример, потребата од слободен простор можеме да ја сметаме за примарна потреба, во оние ситуации, кога сме убедени дека во рамките на еден простор нема ниеден објект од областа на културата, потоа, недостигот и по нешто од елементите и техничкиот стандард, а сепак во одговорите на испитаниците најчесто како недостаток се јавува "слободните простории".

а11) Прашањето за односот на занимањето и опременоста на населбата е сложено прашање кое длабоко навлегува во сферата на социјалната сегрегација, како феномен кој ги покажува социјалните нееднаквости во просторот.

Процесот на создавање на релативно хомогени простори во градовите е изразито интензивен и се согледува во нееднаквото присуство на населението, како во однос на слојната припадност и занимањето, така и во однос на школската подготовка. Потоа, во однос на економската ситуираност на семејството, односно висината на доходот по вработен и член на домаќинство, присутен е изразито висок степен на хомогенизација; постојат населби на "богати" и населби на "сиромаси" (табела 5)

Анализата на степенот на социјалната хомогеност на населбите покажува дека од аспект на планската интервенција во населбите, како што е обновата на станбениот фонд или опремувањето на населбата со технички стандард, во голема мера зависи и степенот на социјалната хомогенизација, односно, кои општествени групи ќе го окупираат конкретникот простор. Имено, се покажува дека планските колективни населби, во кои е создаден квалитетен станбен фонд, претежно ги населија службеничките слоеви, особено тоа е изразено во големите градови и Скопје, а периферијата и запуштените делови до централното подрачје, претежно ги окупираа работничките пролетеризирани мигранти од село.

Табела бр.5 Занимање на главата на домаќинството и што најмногу недостасува во населбата

| Занимање на глав.на дом. | Канализација | Асфалтирани улици | Ресторани, бифиња | Кино, дом за култура | Спорт,терени за рекр. | Тревни повр. парк. базен | Амбуланта, аптека | Водовод | Парно греење | Има се, ништо не недост. | Без одговор | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Работник | 14<br>7,5<br>30,4 | 32<br>17,2<br>34,8 | 2<br>1,1<br>33,3 | 7<br>3,8<br>36,8 | 46<br>24,7<br>33,8 | 27<br>14,5<br>29,0 | 26<br>14,0<br>41,9 | 5<br>2,7<br>50,0 | - | 20<br>10,8<br>29,9 | 7<br>3,8<br>21,2 | 186<br>100 |
| Службеник раководител стручњак | 9<br>5,4<br>19,6 | 28<br>16,9<br>30,4 | 2<br>1,2<br>33,3 | 10<br>6,0<br>52,6 | 40<br>24,1<br>20,4 | 31<br>18,7<br>33,3 | 16<br>9,6<br>25,8 | 1<br>0,6<br>10,0 | 4<br>2,4<br>44,4 | 19<br>11,4<br>28,4 | 6<br>3,6<br>18,2 | 166<br>100 |
| Лице со лични примања | 16<br>12,0<br>34,8 | 17<br>12,8<br>18,5 | 1<br>0,8<br>16,7 | 1<br>0,8<br>5,7 | 23<br>17,3<br>16,9 | 21<br>15,8<br>22,6 | 11<br>8,3<br>17,7 | 3<br>2,3<br>30,0 | 4<br>3,0<br>44,4 | 23<br>17,3<br>34,3 | 13<br>9,8<br>39,4 | 133<br>100 |
| Домаќинка ученик невраб. и др. | 7<br>8,0<br>15,2 | 15<br>17,0<br>16,3 | 1<br>1,1<br>16,7 | 1<br>1,1<br>5,7 | 27<br>30,7<br>19,9 | 14<br>15,9<br>15,1 | 9<br>10,2<br>14,5 | 1<br>1,1<br>10,0 | 1<br>1,1<br>1,1 | 5<br>5,7<br>7,5 | 7<br>8,0<br>21,2 | 88<br>100 |
| ВКУПНО | 40<br>100 | 92<br>100 | 6<br>100 | 19<br>100 | 136<br>100 | 93<br>100 | 62<br>100 | 10<br>100 | 9<br>100 | 67<br>100 | 33<br>100 | |

Иако од нашето истражување не е можна поцелосна и поконкретна поткрепа на она што претходно го констатиравме, сепак тоа е доволно барем да ја илустрира основната констатација, дека е присутна голема разлика во квалитет на живот на ниво на населба и дека постои голема разлика меѓу населбите во кои претежно живеат службеници, од работничките населби, се разбира на штета на овие вторите.

Припадниците на работничките занимања живеат во населби каде почесто отсуствува канализација, асфалтирани улици, водовод и аптека/амбуланти, а што е забележано кај речиси 40 отсто од испитаниците што не е случај со населбите во кои живеат службениците, каде тој процент е околу 1/3.

Резултатите од ова и сличните истражувања што беа наведени го сугерираат заклучокот дека, кога се говори за квалитет на животот на ниво на населба, нашите градови се наоѓаат во фаза на формирање на покомплетни услови - често недостигаат некои елементи на техничкиот стандард и општествена опрема. Особено тоа е изразено во населбите што се формираат на периферијата на градовите, а кои се претежно населени со претставници на работничките занимања, кои најчесто бесправно подигаат станбени објекти и живеат во неурбанизирани или делумно урбанизирани населби. Грижата на градската политика треба да биде насочена кон планска урбанизација на овие простори, што ќе придонесе за порамноправна распределба на општите добра (инфраструктура, опрема) на ниво на градот.

## Б. Слободното време и културните потреби на градското население

Слободното време, според познатиот француски социолог Жофр Димаздије (Dumazidier, 1962, стр.29) претставува збир на активности на кои поединецот се препушта по сопствена волја, да се одмори или разоноди, да развива нови знаења и способности, слободно да учествува во општествениот живот или се занимава со творечки труд, откако се ослободил од своите професионални, семејни или општествени обврски".

Ретко сите истражувачи на слободното време, во поголема или помала мера се сложуваат со оваа определба на Димаздије. (Божовиќ, Р.1975 ., Мартиниќ Тена, J.Fourastie, 1970 ид р.) Слободното време претставува време ослободено од трудот, но по мислењето на

најголем број од социолозите, тоа во најголема мера е одредено од видот на работата или нужните активности што човекот ги извршува.

Фурастие (Fourastie, J,1970) смета дека во слободното време се пренесуваат лошите навики од секојдневниот живот Ефикасноста во трудот одговара на ефикасноста во слободното време, незадоволството во работата одговара на незадоволството во користеноста на слободното време. Оној кој не може да биде слободен во работата не може да биде слободен ни во слободното време. Раздробеноста на трудот, на што укажува Фридман, не му дозволува на човекот да се внесе во целовитоста од работниот процес, а тоа чуство на неисполнетост се препушта на нешто што е надвор од неговиот домет односно се пренесува и на активностите во слободното време.

Секојдневниот живот на човекот можеме да го поделиме на неколку делови: работа, забава, обврски вон работата и слободно време. Функцијата на слободното време е одморот, забавата и развојот на личноста на човекот. Местото на слободното време во културата на човекот во градот, може да биде предмет на анализи од повеќе аспекти. Социолошкиот аспект главно се движи околу прашањето за условите, можностите и начинот на неговото користење. Во однос на социјалното потекло на испитаникот, состојбите во семејството, половата припадност, степенот на образование, занимањето, големината на градот имаат пресудно значење.

Основен услов за реализација на "правото на култура" е слободното време, но не во смисла на едно пасивно, празно слободно време туку во смисла на реалните можности за реализација на целосната личност на човекот и неговата креативна ангажираност. "Правото на култура" во тој поглед е и најтешко остварливо право на човекот во урбата средина, особено во услови на хиперурбанизација, кога голем дел од населението се соочува со нормално задоволување на егзистенцијалните проблеми.

Самиот факт што и покрај присуството на една незадоволувачка состојба на планот на квалитетот на живеење на ниво на населба (отсуство на елементарна опрема) голем дел од испитаниците (речиси 50%) истакнува дека им недостига простор за игра, забава - говори во прилог на сфаќањата дека сепак пред себе имаме една необична ситуација.

б)1. Во анализата се поаѓа од ефикасноста на слободно-временските активности кои главно се извршуваат по сопствен избор и кои се најприсутни во вкупните активности од тој вид.

На прашањето "На кој начин го користите слободното време, по редовната работа?" беа предложени шеснаесет активности од кои

испитаникот избира само три. Тоа, се разбира, не дава можност за една поцелосна анализа, но многу говори за застапеноста на активностите, особено за оние кои ги сметаме во вистинска смисла на зборот “слободно-временски активности“.

Резултатите во поглед на тоа за што се користи слободното време се недвосмислени: речиси 1/3 од испитаниците слушаат радио, гледаат телевизија и сл., речиси 15 се одмараат, по десетина проценти се занимаваат со децата или работат хонорарно а останатите, тринаесет предложени активности се симболично застапени.

б)2. Од анализата за зачестеноста на одредени активности, кои луѓето ги практикуваат вон работното време, во однос на големината на градот и половата припадност можат да се извлечат интересни заклучоци.

Прво, нема голема разлика, кога станува збор за големината на градот, во однос на активностите меѓу машката и женската популација. На прво место за мажите се наоѓа слушањето радио, гледањето телевизија, потоа следи одморот и најпосле на четврто место хонорарната работа - за поголемите градови, а работата во бавча - за малите градови. Она што е карактеристично за малите градови, е тоа што само по неколку испитаници во слободно-временските активности вклучуваат и по некоја друга активност (која не се наоѓа меѓу наведените).

Но, ако кај мажите може да се сретне и по некоја друга активност (освен, одмор, гледање ТВ, хонорарна работа, или работа во бавча која се извршува надвор од кругот на семејството, жените, речиси 100 %, се занимаваат или со децата, или завршуваат некоја домашна работа.

Во одговорот на прашањето постоеше можност да се наведат максимум три активности - анкетираните од женски пол тоа го направиле практично само за две активности (домашни работи и грижа за деца) а остатокот е резервиран или за одмор 2% или за гледање телевизија, или за слушање радио - 5%.

Така на пример, од анкетираните жени, во малите градови, речиси 84% се занимаваат со домашни работи и со децата, додека кај средните градови тој процент изнесува скоро 95%, (кај големите 76%).

Прашањето што се поставува во светлината на овие податоци, најнапред се однесува на разликите меѓу половите во начинот на користењето на слободното време и извршувањето на домашните работи вон редовната работа, а потоа и на карактерот и смислата на слободното време, како време исполнето со активности кои се извршуваат по слободен избор на испитаникот.

Табела бр.6 Занимање на главата на домаќинството и слободното време за викендот (мажи)

| Занимање на главата на семејството | Воглавно се разликува | Понекогаш се разликува | Спорт, излети, кино, концерт | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работник (инд.руд.град трансп.тргов.) | 114<br>58,5<br>32,4 | 51<br>26,2<br>30,5 | 30<br>15,5<br>40,0 | 195<br>(100) |
| Службеник (раководител стручњаци) | 68<br>40,0<br>19,2 | 75<br>44,1<br>44,0 | 27<br>15,9<br>36,0 | 170<br>(100) |
| Лица со лични примања | 115<br>85,2<br>32,7 | 16<br>11,9<br>9,6 | 4<br>3,0<br>5,3 | 135<br>(100) |
| Домаќ.ученик, студент,невра ботени,друго | 55<br>58,5<br>15,6 | 25<br>26,6<br>15,0 | 14<br>14,9<br>18,7 | 94<br>(100) |
| Вкупно | 352<br>(100) | 167<br>(100) | 75<br>(100) | |

Општ заклучок е дека најголемиот процент од слободното време (како време вон редовната работа) се користи за гледање телевизија и пасивен одмор, чување на децата, хонорарна работа или разни нужни домашни работи, а само мал дел, практично занемарлив процент, се користи за други активности.

Прашањето е така поставено што не дава можност за попрецизна дистринкција и остава простор за недореченост, но, фактот што некои од активностите, како на пример: хоби, посета на кино, театар и сл. или спортска активност, практично отсуствува, говори во прилог на тезата дека користењето на слободното време е под силно влијание на телевизијата и дека најчесто останува затворено во кругот на семејството и соседството, за што повеќе ќе говориме во понатамошниот дел од анализата.

## 4. Слободното време, занимањето и образованието на испитаниците

Користењето на слободното време во голема мера зависи од занимањето и од степенот на образование на испитаниците.

На прашањето, дали начинот на користење на слободното време се разликува во празничните и работните денови, речиси 60% од анкетираните работници изјавиле дека не се разликува, а само 15% дека се разликува, и тоа главно по тоа што се спортува или се оди на излет или на гости. За разлика од нив, кај службениците значително е помал бројот на оние кај кои слободното време не се разликува во празниците и работните денови (само во 40%). Слично е и кај женската популација, во однос на занимањето и начинот на користењето на слободното време.

Табела бр.7 Занимање на главата на домаќинството и слободното време (викенд) - (жени)

| Занимање на главата на домаќинст. | Воглавно се разликува | Понекогаш се разликува | Спорт, излет, концерт, кино и сл. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работник | 123<br>63,1<br>34,4 | 47<br>24,1<br>29,9 | 25<br>12,8<br>37,5 | 195<br>(100) |
| Службеник (раководител стручњак | 72<br>44,2<br>20,1 | 65<br>39,9<br>41,4 | 26<br>16,0<br>40,0 | 163<br>(100) |
| Лица со лични примања | 105<br>80,8 | 20<br>15,4<br>12,7 | 5<br>3,8<br>7,7 | 130<br>(100) |
| Домаќ.ученик, студ.невр.друго | 58<br>63,0<br>29,3 | 25<br>27,2<br>15,9 | 9<br>9,9<br>13,8 | 92<br>(100) |
| Вкупно | 358<br>(100) | 157<br>(100) | 65<br>(100) | |

Во зависност од степенот на образованието на испитаникот, и начинот на користење на слободното време е многу поизразен: како се зголемува степенот на образованието, така се зголемува и бројот на оние со поголем број на слободновременски активности, и се намалува бројот на оние кај кои начинот на користење се разликува во празничните и работните денови.

Така на пример, кај 77% од припадничките на женскиот пол со завршено осумгодишно училиште користењето на слободното време не се разликува во неработните и работните денови, кај оние со

завршено средно училиште 62% а кај оние со завршена виша или висока школа. Процентот на оние кај кои се разликува начинот на користењето на слободното време се намалува со намалување на степенот на школската спрема.

Секако дека анализата на начинот на користењето на слободното време и задоволувањето на културните потреби само врз основа на податоци од анкетата е нецелосна и неможе да ја претстави поцелосно сложеноста на проблемот. Она што се наметнува како недвосмислено е следното: прво, дека најголем дел од активностите во вонработното време се сведуваат на пасивен одмор, гледање на телевизија или слушање на радио, потоа следат активности (нужни) поврзани со домашни работи (поправки во станот, автомобилот, работа во бавча или хонорарна работа) а сосема малку (кај некои категории население воопшто и не се присутни) активности за кои можеме да речеме дека се слободно временски. Второ, слободното време на градското население се разликува од начинот на користењето кој се сретнува кај селското население. За најголемиот дел од жителите на градот (над 90% од анкетираните) тоа останува заробено меѓу активностите кои се неопходни за нормална егзистенција на човекот, и објективната состојба на економски, социјален и културен план, што се покажа дека има големо влијание врз карактерот на неговото користење. Трето, слободното време сосема малку се користи за активности на кои поединецот се препушта "по сопствена волја". Така на пример, занемарливо мал дел, се занимава со некое хоби, усовршување и надополнување на знаењето и сл. Четврто, во однос на влијанието на независните варијабли (пол, образование, занимање) особено се видливи разликите што се јавуваат во зависност од половата припадност; жените во значително поголем број од мажите се врзани за семејството и децата и домашните работи, отколку мажите, кај кои сепак е регистриран еден поширок спектар на активности.

## В. Неформални групи (соседство и пријателство) и стил на живот

Под "соседство" се подразбира неформална човекова група чии припадници делат еден заеднички простор, кој се нарекува и соседски простор[11]

---

[11]Во литературата се сретнуваат повеќе дефиниции на поимот "соседство". На пример, В.Ѓуриќ, го дефинира како "просторноопштествен сегмент на градот, кој може да се обиколи со петнаесетминутно слободно пешачење , во кој е прилично

Основен услов за воспоставување на соседски односи е просторната близина која во градот и не мора да има и одлучувачко влијание во воспоставувањето на поблиски односи. Поради тоа некои социолози сметаат дека соседството (просторната близина) го губи своето значење и на негово место доаѓаат други начини на воспоставување на комуникација, кои имаат пресудно значење за воспоставување поблиски емоционални односи.

Животот во градот, за разлика од оној во селото, го карактеризираат секундарни односи, Вирт( Л.Њиртх) за урбанизмот говори како за начин на живот, кој се јавува како резултат на густината, хетерогеноста и големината на градот. Но, тоа може да се разбере и како карактеристики на односите во целото општество, кое е зафатено со силен процес на урбанизација. Она што е посебно карактеристично за односите меѓу луѓето во градот - за разлика од селото, е тоа што градската средина ја карактеризира пред се личен избор на општествените врски врз основа на интересите, заедничките вредности и аспирации на поединецот.

Некои сметаат дека градот, особено големиот град, го дезинтегрира и го маргинализира човековиот живот, и влијае врз карактерот на неформалните односи, особено врз улогата и значењето на соседството како примарна група.

За формирањето на соседството и неговата функција во односите на градските жители, постојат различни мислења, Пред се , соседството како "тип на комуникација" е најизразено во оние средини каде постои висок степен на социјална и етничка хомогеност. Потоа, кога тоа се посматра од аспект на неговата улога во развојот на односите меѓу луѓето, се повеќе се напушта идејата дека развиените соседски односи, во една традиционална форма, се начин за успешна социјализација и "заштита" од деперсонализација, маргинализација и дезорганизација на личноста од причина што човекот, во градот, е во ситуација да ги избира оние со кои се дружи надвор од соседската група и да го исполнува слободното време со активности кои не му се наметнати, непосредно во просторот и општеството во кои се нашол и можеби не по своја волја.

---

голема социјалната кохезија на населението, во кој се сретнуваат интензивни неформални општествени врски...("Социологија" (списание) бр.3-4 1970 г. стр.51)

За Здравко Млинар поимот "сосед" се однесува и на најблиските станари со кои поединецот не одржува односи, со кои има "очигледни" соседни односи. Тој смета дека на соседдските односи во праксата може да се влијае. Млинар Здравко, Људи у новом граду, Социолошка студија о Велењу, 1964/65, Институт за социологија и филозофија на Универзитетот во Љубљана.

в1) Големина на градот и соседството

Квалитетот (содржината) на соседските односи, како што покажува одговорот на прашањето "Какви се вашите односи со соседите" зависи од големината на градската населба. Со порастот на бројот на жителите на градот се зголемува процентот на оние кои имаат само "формално" и "утилитарно" соседство, а се намалува процентот на "социјално" соседство[12]

Во малите градови за соседството може да се говори како за примарна група, затоа што соседите се упатени не само во смисла на разна помош која меѓу себе си ја овозможуваат, туку и во смисла на воспотавување на интензивни блиски социјални контакти. Ако личниот избор на пријателите со кои се комуницира го земаме како типично градски начин за воспостатување на меѓусебни односи, тогаш преголемата застапеност на соседите во кругот на пријателите говори за тоа дека тој круг е пополнет со оние до кои се доаѓа не по "сопствен избор туку врз "нужни" средби и познанства. Соседството како примарна група во тој поглед не се разликува од традиционалните односи присутни во руралната средина за која крвното сродство и територијалната блискост се две основни форми на воспоставување на поблиски односи.

Резултатите од анкетата покажуваат дека е "најразвиен" социјалниот тип на соседство кое се манифестира во меѓусебно дружење секојдневни посети, а присутно е кај 2/3 од вкупниот број на испитаниците.

Процентот на оние кај кои се сретнува "социјалното соседство" кај испитаниците од Скопје е речиси 1/3 , но затоа пак 10 % немаат со соседите никакви "поблиски контакти" а 30% често си прават услуги (утилитарно соседство).

Квалитетот и интензитетот на соседските односи зависи од карактерот на населбите во границите на еден град. поголемите градови во Република Македонија ги поделивме на три зони (центар, пошироко подрачје/ преодна зона и периферија. Во секоја од овие зони се практикуваат, по квалитет и интензитет, различни соседски односи, прво, највисок процент на утилитарно соседство (меѓусебни услуги) се сретнува во просторот на поширокото подрачје на градот; второ, нзјизразен тип на "социолошко" соседство во смисла на чести и

[12]Suzanne Keller, The Urban Neighborhood. A Sociological Perspective (New York, Rand Om House, INC,1968, (Овде е развиена една теорија за соседството во која се разликуваат четири типови на соседство и тоа: еколошко, соседство на услуги, симболичко или идеолошко и социолошко соседство.

меѓусебни посети (повеќе пати во седницата) се сретнува во малите и средните градови (до 50.000 жители) повеќе од 2/3, и најпосле "умерено соседство" е присутно во централните делови на градот.

### в2) Соседство, образование и занимање граѓаните

Карактерот, интензитетот и значењето на соседските односи зависат од повеќе фактори, меѓу кои, степенот на образованието,занимањето,квалификацијата и економската положба на испитаниците се меѓу најзначајните.

Степенот на школската подготовка има големо влијание врз интензитетот на соседските односи. Испитаниците со више и високо образование практикуваат "поумерени" соседски односи од оние со понизок степен на образование. Интензивни соседски односи практикуваат оние со најмногу завршено осумгодишно училиште (50%, речиси секој ден се посетуваат со соседите), потоа следат оние со средно училиште,- 28,5% и најпосле со 20% испитаниците со висока или виша школа.

Табела бр.8 Степен на образование на главата на домаќинство и односи со соседите

| | Односи со соседите | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Образов. на главата на домаќ. | Почесто во посета | Си прават услуги меѓусебно | Само се поздра-вуваат | Не ги познаваат доволно | Вкуп-но |
| До 8 одд. | 86<br>72,9<br>22,7 | 23<br>19,5<br>14,6 | 8<br>6,8<br>11,9 | 1<br>0,8<br>20 | 118<br>(100) |
| ССС | 194<br>62,2<br>51,2 | 72<br>23,1<br>45,9 | 43<br>13,8<br>64,2 | 3<br>0,96<br>60 | 312<br>(100) |
| Виша или висока школа | 99<br>55,6<br>26,1 | 62<br>34,8<br>39,5 | 16<br>9,0<br>23,9 | 1<br>0,6<br>20 | 178<br>(100) |
| Вкупно | 379<br>(100) | 157<br>(100) | 67<br>(100) | 5<br>(100) | 608<br>(100) |

Табела бр.9 Степен на образование на главата на домаќинството и посета на соседите

| | Посети кај соседите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Образ. глава-та на домаќ. | Скоро секој ден | 1-2 пати недел. | 2-3 пати месеч. | Неколку пати годиш. | Не се посету-ваат | Б.О. | Вкуп-но |
| До VIII оддел. | 59<br>50,0<br>32,4 | 39<br>33,1<br>19.3 | 5<br>4,2<br>4,9 | 3<br>2,5<br>5,9 | 10<br>8,5<br>28,6 | 2<br>1,7<br>28,6 | 118<br>(100) |
| ССС | 89<br>28,5<br>48,9 | 97<br>31,1<br>48,0 | 58<br>18,6<br>56,9 | 24<br>7,7<br>47,1 | 41<br>13,1<br>64,1 | 3<br>1,0<br>42,9 | 312<br>(100) |
| Виша и висока школа | 34<br>19,1<br>18,7 | 66<br>37,1<br>32,7 | 39<br>21,9<br>38,2 | 24<br>13,5<br>47,1 | 13<br>7,3<br>20,5 | 2<br>1,1<br>28,6 | 178<br>(100) |
| Вкупно | 182<br>(100) | 202<br>(100) | 102<br>(100) | 51<br>(100) | 64<br>(100) | 7<br>(100) | 608<br>(100) |

Од резултатите за квалитетот на соседските односи, може да се заклучи дека утилитарниот карактер на соседските односи е повеќе присутен кај високообразовните категории од населението. Повеќе од 1/3 од вкупниот број од анкетираните испитаници со ВСС и ВШС изјавиле дека со соседите си прават услуги но поретко се посетуваат, а 9% само се поздравуваат, што е релативно висок процент.

Во однос на занимањето, работниците имаат поинтензивни соседски односи (чести меѓусебни посети во текот на седмицата практикуваат речиси 70%, за разлика од службениците кај кои тој процент е значително помали изнесува (околу 50%).

Слично е и со квалитетот на соседските односи. Кај службениците речиси 1/3 си прават само услуги, но ретко се посетуваат, за разлика од работниците кај кои тој процент опфаќа скоро 2/3 а само 1/4 си прават услуги, додека 10% само се поздравуваат.

Од резултатите од истражувањето, вклучувајќи ги и оние аспекти кои овде конкретно не беа наведени, може да се заклучи дека во градските населби, во просек, присутни се изразито развиени соседски односи (во помалите градови - многу повеќе од поголемите.)

Урбанизмот како начин на живот “во услови на хиперурбанизација само“ “надворешно“ ги манифестира последиците

на животот во градот, а "внатрешно" се ограничува во рамките на "спонтано формираните соседски заедници", кои главно ги детерминираат основните претпоставки на живот во сферата на духовните потреби; како "лажен" урбан живот, што доведува до затварање на човекот во рамките на примарните групи а се манифестиора исполнува и како недостаток на култура и доведува до појава на маргинализација на животот воопшто.

"Стилот на живот" произлегува директно од објективната состојба на културното и социјалното милје во кое се наоѓуваат градските жители, а пред се се согледува во неразвиеноста на потребите, недостатокот на материјални услови за живот. Тоа од своја страна доведува до затвореноста во соседството и роднинските групи, деградација на просторот, сегрегација, бесперспективност, што претставува само дел од елементите на "мозаикот" кој го формираат градскиот живот. Ако "урбаниот начин на живот го дефинираме како, доминација на секундарните контакти во системот на општествената комуникација и на намалување на улогата на семејството и соседството во животот на поединецот, доминација на безлични и формални контакти и изчезнување на традиционалните форми на заедништво, тогаш, како што покажува нашето истражување, можеме да говориме само за некои елементи и тенденции кои водат кон тоа, особено во малите и средните градови. Од анализата не може до крај да се изведе концепт кој би ги покажал сите варијации на "субкултурата" на локалните заедници, какви што се градовите. Тие можат да се претпоставаат, само со мал степен на веројатност.

За градовите во Македонија карактеристично е тоа што "градската култура" е затворена, приватизирана и маргинализирана во рамките на примарните групи. Користењето на слободното време, интензитетот и квалитетот на соседските односи, исто така говори во прилог на претпоставката дека најголем дел од секојдневието на човекот се наоѓа во рамките на примарните групи, што од своја страна социјализацијата на личноста во рамките на "градскиот амбиент", целосно ја занемарува, и ја прави "непотребна". Не постои една поширока комуникација на поединецот со градските институции, односно егзистира еден тип на маргинален човек. Во однос на карактеристиките на односите на градското население, користењето на слободното време, задоволувањето на културните потреби, и стилот на живот воопшто, не можеме да говориме, посебно за некои карактеристични "идеални"типови на урбани центри во Македонија. Очигледна е разликата што се јавува меѓу малите и големите градови, меѓу Скопје и останатите градови, во сферата на користењето на

слободното време и карактерот на соседството, но, не можеме да говориме за некои суштински разлики.

Маргиналниот тип на човек кој се формира во урбаните центри може да се разбере како “манифестација на отуѓеноста“ сфатена како пасивност, како психолошка состојба на подреденост или економска и општествена зависност. Односно, општествените категории кои најмалку учествуваат во општествените и културните вредности, најпасивно се потчинети на масовното слободно време, или, во исто време, се најприврзани до примарните општествени групи (и односи) и со тоа културно изолирани.

Степенот на “заработеност “ во рамките на примерните групи , во семејството, соседството и роднините произлегува и од местоположбата на поединецот во општествениот систем. За оние кои се на понизок степен во социјалната стратификација, примарните групи се главното “општествено“ милје во кое ги задоволуваат основните потреби како “социјални суштества“ и ги реализираат основните вредности на животот.

Резултатите од истражувањето го потврдуваат сознанието дека човекот во голема мера е претворен во консумент на содржините на масовната култура. Тешко можеме да говориме за состојба на “минимум културен стандард“ по примерот на “минимум материјален стандард“, без што животот во градот би бил незамислив. “Културниот стандард“ претставува еден поширок контекст на односи каде се губи доминацијата на примарните групи, кога социјалната интеграција се задржува на претпоставките на традиционалната вредност и начин на живот, што од своја страна ја маргинализира положбата на поединцеот во однос на градот како целина, како глобална општествена средина и како култура. Тоа значи дека, колку повеќе поединецот се затвара во примарните групи, толку повеќе не го чувствува влијанието на градската средина и се повеќе ја “приватизира“ сопствената егзистенција, наспроти целината на градскиот колективитет. Проблемот не е во напуштањето на “традиционалната култура“ туку во нејзиното “успешно“ прилагодување кон условите на градот, кое води кон гетоизација на животот, кон напуштање на вредностите на градскиот колективен живот а со пад и кон сведување на градот на “мозаик на светови“ кои егзистираат на еден простор, кои се допираат, но меѓу себе не се мешаат и не соработуваат. За еден препознатлив тип на урбан живот врз модерни принципи, сеуште не може да се говори.

## Г. Промена на местото на живеење и големина на градот

Потребата за промена на местото за живеење (населбата или градот) може да биде мотивирано од најразлични причини, како што се:незадоволството од станбените услови, соседството, степенот на опременост на населбата или станот, оддалеченост од работното место или центарот на градот и сл.

Во анализата тргнавме од претпоставката дека желбата за промена на населбата и градот, (кога за тоа би се создале услови) говори за степенот на не/задоволство од животот воопшто, како објективна состајба, но и како субјективно чуство.

Уште на почетокот да кажеме дека 2/3 од испитаниците не би ја промениле населбата во која живеат, за друга населба во градот, колку што изнесува и процентот на оние кои би го промениле градот во кој живеат и би се преселиле во друг град. Прашање е дали е тоа голем или мал процент. Но, фактот што само околу 25% не одговориле на прашањето (не навеле причина зошто би се преселиле) а само 10% би го сториле тоа, говори за тоа дека уште не се формирани препознатливи типови на урбани центри кои повеќе или помалку би биле пожелни и би се тежнеело кон нив. Тоа индиректно ја потврдува основната теза дека за урбани типови, посматрани од еден социолошки аспект, не може да се говори, и дека сеуште постои една маглива претстава за вредностите на градскиот живот, а која можеби и доаѓа од фактот што најголем дел од населението е преселено од село, и кое ја формира физиономијата на градот како "социолошка стварност". Потоа, во однос на големината на градот, испитаниците од средните градови во 17% изјавиле дека би ја промениле населбата во која живеат, наспроти оние од големите градови - со 9% и Скопје -со 11% кои тоа би го направиле. Најголеми разлики се јавуваат во зависност од националната припадност. Припадниците од албанската националност само во 2% случаеви изјавиле дека сакаат да го променат градот за живеење, а кај Македонците тоа е случај кај 12% од вкупниот број на анкетирани. Слично е и со промената на населбата во рамките на еден град, 13%: 4% во корист на Македонците кои би ја напуштиле населбата кога би имале можност.

Кога можноста за напуштање на населбата се доведе во врска со тоа дали таа е национално мешана или хомогена, поголем е процентот на оние кои би го напуштиле градот а живеат во национално мешани населби: 13 % во корист на мешовитите но, во

однос на преселување во друга населба во истиот град, процентот на оние кои би се преселиле е еднаков во двата типа населби (мешовити и хомогени).

Во однос на занимањето желбата за промена на градот е значително поизразена кај службениците, речиси 1/5 наспроти, испитаниците со работничко занимање, со само 9% од вкупниот број анкетирани работници.

Табела бр.10 Занимање на главата на домаќинството и промена на населбата за живеење (во рамките на градот)

| Занимање на главата на домаќин. | Би се преселил во друга населба | Не сака во друга населба | Не размислувал | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работник | 29<br>14,8<br>38,2 | 139<br>70,9<br>31,2 | 28<br>14,3<br>33,7 | 196<br>(100) |
| Службеник, раководител стручњак | 23<br>13,5<br>30,3 | 122<br>71,3<br>27,8 | 26<br>15,2<br>31,3 | 171<br>(100) |
| Лице со лични примања | 12<br>8,9<br>15,8 | 102<br>75,6<br>23,2 | 21<br>15,6<br>25,3 | 135<br>100 |
| Домаќинки учен.студ. невработени друго | 12<br>12,5<br>15,8 | 76<br>79,2<br>17,2 | 8<br>8,2<br>9,6 | 96<br>(100) |
| Вкупно | 76<br>(100) | 439<br>(100) | 83<br>(100) | |

Табела бр.11 Занимање на главата на домаќинството и промена на градот на живеење

| Занимање на главата на домаќинст. | Би се преселил во друга населба | Не сака да се сели | Не размислувал за тоа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Работник | 18<br>9,3<br>28,6 | 150<br>77,3<br>32,9 | 26<br>13,4<br>33,8 | 194<br>(100) |
| Службеник (раководство стручњаци) | 33<br>19,3<br>52,4 | 109<br>63,7<br>23,9 | 29<br>17,0<br>37,7 | 171<br>(100) |
| Лице со лични примања | 3<br>2,2<br>4,8 | 116<br>85,9<br>25,4 | 16<br>11,9<br>20,8 | 135<br>(100) |
| Домаќинки ученици,студенти,невраб. и други | 9<br>9,4<br>14,3 | 81<br>84,4<br>17,8 | 6<br>6,3<br>7,8 | 96<br>(100) |
| Вкупно | 63<br>(100) | 456<br>(100) | 77<br>(100) | |

## Д. Социјална и етничка сегрегација на градското население

За разлика од сегрегацијата која се базира на социолошките белези, етничката сегрегација не ги "признава" материјалните фактори како одлучувачки. Етничката сегрегација во просторот на како за резултат ја има состојбата во која припадниците на една етничка или национална група, без разлика на имотниот статус, степен на образование и занимање се сконцентрирани само во еден или во неколку делови од градот, односно нивното присуство во другите делови е симболично или воопшто не се забележува.

Потребата да се живее во близина на сопствената етничка или национална група може да биде мотивирана од разни причини кои немаат рационална основа. Тоа може да бидат разни предрасуди,

стереотипи, недоверба кон припадникот на друга националност, етничка или религиска група (ВујовиЌ, ср.5/72)

Факт е дека, во просторот на градовите со мешовит национален состав, е присутен висок степен на сегрегираност, која се манифестира пред се во отсуство на население од албанска и ромска националност во одделни делови на градот, а во нивна претежна или целосна концентрација само во неколку делови (Скопје е изразит пример во тој поглед). Феноменот на сегрегација врз основа на етничката (националната припадност) може да се посматра и од аспект на социјалната интеграција во градската средина. Во населбите каде претежно се концентрирани припадници на една етничка група, не се чуствува проблемот на социјална интеграција. Во услови каде е присутна слаба меѓуетничка комуникација, пред се на ниво на секојдневниот живот, затвореноста во рамките на традицијата и верата, кај поголем дел од албанското и ромското население создаде потреба за самозолација и затварање на ниво на населба во рамките на групата. (Тоа се потврди со истражувањата од 1965 г. Основен урбанистички план - Извештај подготвен за ОН од Полсервис од Варшава и Завод за урбанизам и архитектура - Скопје 1965 кн.15 и книга 7. стр.60)

Основната претпоставка за високиот степен на социјална изолација на албанското и ромското население содржан е во присуството на традиционалниот тип на самоидентификација; односно, дека само вредностите на сопствената традиција и култура воопшто се единствено значајни, и тие со ниедна друга култура и вредности не можат да се за менуваат и споредуваат. Тоа значи дека се додека не се создадат претпоставки за меѓукултурно и меѓуетничко влијание не може да се надмине процесот на етничка сегрегација.

Во таа смисла треба да се потенцира значењето на религијата и степенот на религиозната идентификација, кој е значително поизразен кај албанското и муслиманското население. Прашањето што се поставува гласи: дали населбите со мешан состав на населението во однос на националната и религиозната припадност, се можни во услови кога не постои административно разместување на населението, и дали национално етничките и религиозно хетерогените населби имаат поголема вредност во општествените односи и како може тоа практично да се реализира со урбанистичкиот план? За тоа прашање не постојат дефинитивни и општо прифатени одговори, во овој момент, и би било пожелно во иднина, во социолошките истражувања да му се посвети повеќе внимание.

Прашањето што им беше поставено на испитаниците се однесува на тоа дали во градот се пожелни етнички (национално) хомогени или мешовити населби. Кај испитаниците Албанци се јавува значително поголем процент на оние кои сметаат дека населбите треба да бидат хомогени по национален состав, кај нив тој процент изнесува 1/4 од вкупниот број, а кај Македонците 15%. Во однос на доселеноста, значително повисок процент за хомогени населби се јавува кај автохтоното население, а во однос на занимањето, кај работниците се присутни нешто поизразени сегрегационистички тенденции за разлика од службениците. Врз основа на податоците од анкетата може да се констатира дека најголем дел се антисегрегацистички расположени (скоро 2/3), на второ место се оние кои не размислувале, а кај само 15% сегрегацијата е пожелна.

Ѓ. Градот како место пријатно за живеење

Дали градот е место пријатно за живеење и дали постојат места пријатни за прошетка, средби, разговори, се прашања во чии одговори се крие можеби една од најсуштинските страни на градскиот живот.

Кевин Линч (Кевин Линч) 1974 стр.14). говори за потреба од идентитет и структура на нашиот сетилен свет, за нашата постојана грижа нашата околина да ја направивме видлива, кохерентна и јасна.

"Да се живее (Линч мисли на Фиренца - м.з.) во нејзиниот амбиент, без еазлика на економските и социјални проблеми кои при тоа се поставуваат - тоа го проширува и продлабочува нашето искуство, и чувство за воодушевеност, меланхолија или припаѓање кон таа средина". Градот - треба да се остварува, на најдобар можен начин, како производ на уметничко вдахновение вообичаено за човековите потреби. Некои истражувачи на градот го истакнвуаат чуството на фамилијарност во просторот. "Се работи за простор низ кој човекот повремено или често се движи и се сретнува со нему познати предмети и луѓе, со кои не стои нужно во некој близок однос" (Супек, Р.Град по мјери човјека, стр.211)

Нашата анализа се базира само врз едно прашање кое им беше поставено на испитаниците, а од кое сепак може многу да се заклучи на тој план. Имено, прашањето "Дали во градот постои место/простор каде ќе може да го одведете пријателот кој ви дошол на гости, и каде ќе можете да поразговарате, прошетате и каде би се чувствувале најпријатно"; директно навлегува во субјективното доживување на градот. Од вкупниот број само 58% изјавиле дека такви места за нив во градот во кој живеат има, а останатите 42% сметаат, дека нема, што

навистина е многу висок процент. Во тоа постои една правилност; со порастот на бројот на населението во градот, истовремено расте и процентот на оние кои не знаат или сметаат дека нема такви места. Така на пример, од вкупниот број анкетирани во Скопје, само 46% изјавиле дека такви места има, наспроти 76% во најмалите градови. Во зависност од тоа каде живеат во градот, најмал процент /40%/ од овие кои сметаат дека такви места има, живеат во т.н. поширока зона на градот. Тоа недвосмислено упатува на заклучокот дека поголемите градови го губат "идентитетот и структурата" за своите жители и постепено се претвараат во безлични творби во кои човекот се губи и се отуѓува - од себеси и од другите.

Табела бр.12 Големина на градот и најпријатен дел за живеење

| | Најпријатен дел на градот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Големина на градот | Вкупно | Има | Не знае | Нема | Б.О. |
| Вкупно | 620<br>100,0<br>100,0 | 362<br>58,4<br>100,0 | 175 | 56<br>9,0<br>100,0 | 27<br>4,4<br>100,0 |
| Помали градови Гевгелија,Струга | 60<br>100,0<br>9,7 | 46<br>76,7<br>12,7 | 8<br>13,3<br>4,6 | - | 6<br>10,0<br>22,2 |
| Средни градови Штип,Тетово | 160<br>100,0<br>25,8 | 109<br>68,1<br>30,1 | 35<br>21,9<br>20,0 | 14<br>8,7<br>25,0 | 2<br>1,2<br>7,4 |
| Големи градови Прилеп,Куманово | 160<br>100,0<br>25,8 | 96<br>60,0<br>26,5 | 43<br>26,9<br>24,6 | 16<br>10,0<br>28,6 | 5<br>3,1<br>18,5 |
| Скопје К.Вода и Чаир | 240<br>100,0<br>38,7 | 111<br>46,2<br>30,7 | 89<br>37,1<br>50,9 | 26<br>10,8<br>46,4 | 14<br>5,8<br>51,9 |

Табела бр.13 Опфат на дел од градот и најпријатен дел

| | Најпријатен дел на градот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфат на дел од градот | Вкупно | Има | Не знае | Нема | Б.О. |
| Вкупно | 620<br>100,0<br>100,0 | 362<br>58,4<br>100,0 | 175<br>28,2<br>100,0 | 56<br>9,0<br>100,0 | 27<br>4,4<br>100.0 |
| Цел град | 60<br>100,0<br>9,7 | 46<br>76,7<br>12,7 | 8<br>13,3<br>4,6 | - | 6<br>10,0<br>22,2 |
| Периферија | 240<br>100,0<br>38,7 | 140<br>58,3<br>38,7 | 60<br>25,0<br>34,3 | 29<br>12,1<br>51,8 | 11<br>4,6<br>40,7 |
| Пошироко градско подрачје | 80<br>100,0<br>12,9 | 32<br>40,0<br>8,8 | 46<br>57,5<br>26,3 | - | 2<br>2,5<br>7,4 |
| Центар на градот | 240<br>100,0<br>38,7 | 144<br>60,0<br>39,8 | 61<br>25,4<br>34,9 | 27<br>11,2<br>48,2 | 8<br>3,3<br>29,6 |

Одговорите на ова прашање се во тесна врска со одговорот на прашањето за тоа, што најмногу му недостасува на градот/населбата, каде и покрај некои нелогичности, кои произлегуваат од феноменот на хиперурбанизацијата, на прво место се најдоа слободните простори (за прошетка, спортски терени, тревнати површини и сл.)

Перцепцијата за "пријатен простор" не е во функција на урбанитетот, сфатен како "густо населен и изграден простор", туку пред се произлегува од човековата потреба за слободно движење, средба, простор за социјабилитет, потреба за друг човек. За жал, градовите во кои живееме се повеќе се претвараат во непријатни места за живеење и покрај присуството на релативно висок материјален стандард. Тоа е доволен знак за градските планери, кои во

досегашната практика не покажаа доволно свест и разбирање, за задоволување на таквите потреби на луѓето.

Табела бр.14 Националност и постоење на најпријатен дел на градот

| | Најпријатен дел на градот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Националност | Вкупно | Има | Не знае | Нема | Б.О. |
| Вкупно | 620<br>100,0<br>100,0 | 362<br>58,4<br>100,0 | 175<br>28,2<br>100,0 | 56<br>9,0<br>100,0 | 27<br>4,4<br>100,0 |
| Македонец | 461<br>100,0<br>74,4 | 312<br>67,7<br>86,2 | 106<br>23,0<br>60,6 | 21<br>4,6<br>37,5 | 22<br>4,8<br>81,5 |
| Албанец | 105<br>100,0<br>16,9 | 16<br>15,2<br>4,4 | 56<br>53,3<br>32,0 | 33<br>31,4<br>58,9 | - |
| Турчин | 4<br>100,0<br>0,6 | 2<br>50,0<br>0,6 | 2<br>50,0<br>1,1 | - | - |
| Србин | 22<br>100,0<br>3,5 | 17<br>77,3<br>4,7 | 5<br>22,7<br>2,9 | - | - |
| Други | 28<br>100,0<br>4,5 | 15<br>53,6<br>4.1 | 6<br>21,4<br>3,4 | 2<br>7,1<br>3,6 | 5<br>17,9<br>18,5 |

## Е. Еколошката свест кај градското население

Во истражувањето на еколошката свест кај градското население се тргна од претпоставката дека не постои јасно формирана еколошка свест, туку дека се работи за одделни сегменти кои во зависност од степенот на изразеноста на одделни аспекти на еколошката загрозеност на човековата средина, кои се карактеристични за градот, формираат состојба на елементарна еколошка осветеност која не мора да биде услов за практичен ангажман "(Ацески Илија, 1990 г.) Еколошките аспекти на развојот на градските центри во Македонија, може да се лоцираат во доменот на

негативните ефекти на хиперурбанизацијата која создаде и создава трагични последици, меѓу останатото и на планот на заштитата на човековата средина. На планот на организацијата на елементите во просторот отсуствува сознанието за градот како сложен микроеколошки систем.

Динамичниот економски развој не создаде услови за користење на благодетите на урбаната култура карактеристични за поголемите градови.

Еколошката димензија на урбаните екосистеми на примерот на градовите во Македонија се формира последните дваесетина години, особено во Скопје и останатите поголеми градови, кои беа изложени на опасни загадувања, а кулминацијата на "еколошката освестеност" се поклопува со распаѓањето на социјализмот и формирањето на новиот систем на повеќепартиска демократија.

Нашата цел во овој дел од анализата на резултатите од истражувањето се однесува на две прашања: првото се однесува на состојбата на работната и животната средина на испитаниците, како субјективна претстава (а не состојба на околината како резултат на објективните фактори (степен и фактори на загадување и сл.) и второто, се однесува на начинот на решавање на проблемите на заштитата и животната средина како субјективна проекција на граѓаните.

Табела бр.15 Ставови за решавање на проблемите на загадувањето на средината

| | Воопшто не се сложувам | Не се сложувам | Не знае нема мислење | Се сложува | Потполно се сложува | Б.О. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Заштитата на околината треба да се спроведува по цена на забавување на општиот развој | 17,4 | 14,5 | 26,7 | 17,1 | 18,7 | 1,4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.Проблемот на загадувањето треба да им се препушти на квалификувани стручњаци | 1,2 | 4,1 | 16,6 | 35,9 | 40,4 | 1,6 |
| 3.Проблемите на загадувањето треба да се решаваат истовремено со градбата на објектите | 0,0 | 1,9 | 17,2 | 31,9 | 46,9 | 1,9 |
| 4.Проблемите на загадувањето на околината можат да се решаваат правилно со политички одлуки и средства | 11,9 | 21,6 | 23,7 | 24,6 | 16,2 | 1,7 |
| 5.Проблемите на загадувањето можеме да ги решиме исклучиво со забрзан технолошки развој | 3,3 | 12,7 | 28,2 | 25,4 | 27,1 | 3,0 |
| 6.Заштитата на околината е исклучиво грижа на државата | 12,5 | 23,0 | 16,2 | 20,6 | 24,5 | 2,0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.За оние кои ја загадуваат околината треба да се одредат најстроги казни | 6,3 | 2,7 | 13,2 | 24,5 | 57,2 | 1,9 |
| 8.Заштитата на околината подразбира и дополнителни издвојувања (самопридонеси,даноци) | 4,3 | 3,7 | 12,9 | 24,5 | 53,9 | 1,6 |
| 9.Заштитата на средината е единствено можна ако се изгради свеста на граѓаните | 4,3 | 3,7 | 12,9 | 24,5 | 52,9 | 1,6 |

е1) Во однос на загаденоста на средината (вода, воздух и почва), 15% од испитаниците сметаат дека воздухот е трајно загаден (20% на периферијата), за водата 5% и почвата 11% (периферијата 15%). Само околу 1/3 од испитаниците за воздухот и почвата, и нешто повеќе од 50% за водата, сметаат дека се незагадени.

Но кога станува збор за загаденоста на почвата, жителите на најмалите градови во 15% случаеви сметаат дека почвата во нивната населба е трајно загадена, наспроти жителите на поширокото подрачје на поголемите градови со само 15%.

На работното место близу 1/5 од вкупниот број на испитаници се трајно изложени на бучава, непогодна температура, гасови, чад и прашина, што е релативно висок процент. Само околу половина од вработените изјавиле дека за време на работата никогаш не се изложени на негативни влијанија од надворешната средина. Најголем процент од вработените во индустријата 1/4 и сообраќајот со 1/3, трајно се изложени на негативни влијанија а најмалку,околу 7% вработените во услужните дејности.

## е2) Еколошка свест и начин на решавање на заштитата на животната средина

Основната цел на истражувањето е содржана во прашањето за тоа, како испитаниците го оценуваат начинот на решавањето на проблемите на заштитата на средината.

Од табелата 15 се гледа дека околу 1/5 од испитаниците не знаат или немаат мислење за тоа. Интересно е тоа што најголемо недоразбирање предизвикува одговорот на прашањето за улогата на технолошкиот развој во решавањето на заштитата на средината. Речиси 1/3 немаат мислење или незнаат, што претставува висок процент. Но, она што уште повеќе зачудува е податокот што повеќе од половина позитивно се изјасниле во прилог на технолгоијата, што говори во прилог на еден изразито голем оптимизам за улогата на технологијата. Само 16% не се сложуваат со ставот дека развојот на технологијата може да ги реши проблемите на загадувањето.

Дали заштитата на средината треба да се спроведе и по цена на забавен општествен развој е можеби едно од прашањата кое суштински навлегува во интересите на секој поединец и секое општество, особено оние, како македонското кое се најдува во фаза на стагнација и примена на застарени технологии. И во однос на ова прашање, голем дел од испитаниците изјавиле дека незнаат (немаат мислење) повеќе од 1/4 (26,7%) 1/3 не се сложуваат, што значи дека се за развој и по цена на загрозување на средината, колку што изнесува и процентот на оние кои целосно се сложуваат или само (12,7%) се сложуваат (17,1%) со таквиот став.

За решавање на проблемот на загадувањето со политички средства (државата) се сложуваат 44%, што навистина претставува висок процент. Негативното искуство со центрите на моќта (државните институции) или монополите кај повеќе од 1/3 од испитаниците создаде негативна претстава за тоа дека решавањето на проблемот на загадувањето може да биде успешно реализирано со политички одлуки и средства.

Повеќе од половина од испитаниците (54,1%) сметаат дека заштитата на средината подразбира и дополнителни издвојувања (самопридонес, даноци и сл.) што навистина во услови на забавен економски развој и пад на животниот стандар на населението претставува изненадувачки висок процент: само 18,5% не се сложуваат со тоа, а 24,8% немаат мислење. Ако се има предвид високиот процент на оние кои се сложуваат со ставот дека

загадувачите на животната средина треба да се казнат (71,% од кои 57,2% потполно се сложуваат) и над 50% таа да се праив со самопридонеси или даноци, тогаш не е тешко да се заклучи дека тие меѓусебно не кореспондираат. На прашањето, дали сите граѓани би требало да учествуваат во решавањето на проблемите на заштитата на средината, или само оние кои загадуваат, се чини дека, граѓаните се определиле за две "спротивставени" решенија; и оние кои загадуваат со околу (2/3) и со самопридонес, за што се изјасниле повеќе од половина од анкетираните.

Резултатите од анкетата го сугерираат и заклучокот дека проблемите на заштитата на животната средина може да се решат ако тоа се препушти на стручњаците. Најмалку прифатени ставови се однесуваат на решавањето на проблемите на загадувањето со истовремена градба на објектите, улогата на стручњаците и со строги казни.Врз основа на резултатите од нашето истражување би можеле да говориме за еден доминантен технократско превентивен став на испитаниците кај кој е нагласена улогата на технологијата и стручњаците, како и улогата и свеста и санкциите, и градба на објектите со истовремена заштита. Интересен е фактот што во голема мера е изгубена довербата во политиката и државата како фактори во решавањето на проблемите во заштитата на средината.

# ЗАКЛУЧОК

Прашањето за тоа, каков град е пожелен за среќата на човекот и прогресот на општеството, произлегува од фактот дека градот с□ повеќе ја "одредува физиономијата на нашата цивилизација" и станува мерило за "добриот" живот. Во истражувањето на социолошките аспекти на урбанизацијата се наметна потребата од едно пошироко теоретско разгледување на урбаните феномени , кое успешно кое успешно се вклопи во емпириските истражувања на конкретната состојба на градовите во Република Македонија.

Во анализата на урбаните противречности во развојот на модерното општество се тргна од следното:

Прво, дека промените на просторно-физичката структура и динамика на развојот на градот го следат конкретниот начин на производство, кој како "тоталитет" се остварува во "својот простор". Градот "одсликува" една конкретна општествена практика, односно урбаната форма се јавува како просторен израз на продукцијата и репродукцијата на општествените односи.

Второ, организацијата на урбаниот простор во модерното општество добива сé поголемо значење во манифестирањето на моќта и власта. Улогата на државата во решавањето на урбаните проблеми е голема. Организацијата на градскиот простор се јавува истовремено и како директен продукт на потребата за штедење, на трошоците на производството и на потрошувачката, а се со цел да се забрза обртот на капиталот и да се зголеми продуктивноста. Во таа смисла, потребно е да се нагласи дека модерното општество не е повеќе општество на акумулација, туку општество на планирање.

Трето, трансформацијата на просторната структура во модерните градови во високоразвиените земји е во функција на техничко-технолошките и економските промени, што влијаат и врз општествените односи; потоа во функција на ефикасноста на технократската држава, и во таа смисла, просторот е тој кој го формира, остварува и распределува вишокот на вредноста.

Четврто, урбанизацијата на економски неразвиените земји не е повторување на процесот на урбанизацијата што го поминале

индустриските земји во текот на нивниот развој. Тој процес се карактеризира главно со изразито висока концентрација на населението во најголемите градови, со отсуство на контеинуитет во урбаната хиерархија каде што најчесто се формира најчесто еден голем град, кој абсорбира најголем дел од населението а што создава големи социјални и културни разлики меѓу селското и градското население.

Урбаниот тип директно произлегува од карактерот на општествената организација, кој ја модифицира или урива наследената урбана структура и организација на просторот. Физиономијата на модерниот град се формира низ интензивен развој, примена на нови средства за производство и нови извори на енергија и нов начин на транспорт.

Анализата на постиндустриското општество покажува дека продолжува трансформацијата на урбаните типови. Тие се зафатени со нови тенденции во економскиот, социјалниот и техничко-технолошкиот развој, а се изразува во рационализацијата на животот во сите области од општеството.

Положбата на човекот во модерната урбана средина е неразделна од процесите што се случуваат во целината на општествено-економските, социјалните и културните промени во глобалното општество. Анализата на социо-психолошките аспекти на животот во модерните градови укажува на проблемите со кои се соочува човекот денес.

Маргиналноста и отуѓувањето се најчесто употребувани поими во објаснувањето на положбата на мигрантите во градот и нивниот секојдневен живот. Кога се говори за урбаната култура, тогаш најчесто се мисли на деградација на просторот и на просторната сегрегација, деградација на социо-антрополошката средина, создавање на “свест“ на лажни потреби, и сл.

Кризата на социјалната интеграција во градот е резултат на распаѓањето на традиционалниот начин на интеграција и на стихијноста до формирањето на новите урбани услови, кои не се секогаш во функција на задоволувањето на човековите индивидуални потреби.

Надминувањето на проблемите, со кои се соочува човекот во модерните големи градови, кои настанаа како резултат на силниот економски и демографски развој, се содржи во напуштањето на градовите на сметка на развивањето на вистинските човекови потреби. Градот сам по себе, со својата големина, економско и културно

значење, не е секогаш во функција на збогатување на човековиот духовен и материјален живот.

На подрачјето на Република Македонија преовладува процес на изразита концентрација на население во поголемите градови. Како резултат на интензивниот стопански развој и интензивни миграции село-град, концентрацијата на населението е главно насочена кон градовите кои имаат над 20.000 жители и кон Скопје, кој во 1981 год. апсорбираше речиси 40% од градското население, што создаде голем расчекор меѓу демографските од една страна и просторно-физичките и функционалните компоненти од друга страна. За развојот на градовите на Република Македонија, посматрано од социолошки аспект се покажа дека е важно следното:

Прво, пренагласениот квантитативен развој, нужно доведе до квалитативен пад на животните услови; второ, нерационалноста во изградбата на градовите доведе, од една страна до претерана концентрација на население и материјални добра, а од друга до целосно или делумно депопулационизирани подрача; трето, во поголемите градови формирани се два пола на развој-центар и периферија; четврто, процесот на урбанизацијата има изразито централистички тенденции; петто, за Македонија е карактеристично тоа што отсуствуваат т.н. преодни форми на населби меѓу градот и селото.

Во истражувањето на социолошките аспекти на животот во градовите на Република Македонија се појде од претпоставката дека интензивниот стопански развој, проследен со интензивен процес на индустријализација и урбанизација, создаде претпоставки за радикални промени на општеството, кои ги зафатија сите сфери од животот:

а) Анализата на квалитетот на живот (социјална благосостојба, сигурност, ниво на култура и самореализација) и нивото на секојдневниот живот "како латентно поле на автентичниот човеков живот", покажа дека се присутни големи разлики меѓу општествените групи, а кои најмногу доаѓаат до израз во степенот на опременоста на населбите со елементи на општествениот стандард, а во помала мера со елементи на техничкиот стандард, (вода, струја, канализација, телефон и сл.) Потоа, значајни разлики од задоволството од станбените услови, начинот на решавањето на станбеното прашање, кои исто така се зависни од професионалната припадност, образованието на испитаниците, како и од квалитетот на станот.

б) Кога се посматра квалитетот на живот на ниво на населби, зачудува високиот процент на оние кои сметаат дека во населбата во

која живеат, најмногу недостигаат слободни простори, тревнати терени, што посредно говори за типот на урбанизацијата. Заедничка карактеристика на урбанизацијата, без разлика на големината на градот (поголемите градови со потрагични последици) е нејзиниот хаотичен карактер, со крајно негативни последици врз организацијата на просторот.

в) Истражувањето покажува дека започнал процесот на модернизација на животните услови, во кој се присутни основните претпоставки за повисок материјален стандард. Она што изненадува е тоа дека тој релативно висок стандард, сеуште нема очекувано влијание врз другите аспекти кои исто така го формираат квалитетот на живот, како што е користењето на слободното време.

г) Анализата на социолошкиот аспект на начинот на користењето на слободното време, и задоволувањето на културните потреби, покажа дека е присутно големо влијание на масовната култура врз целината на животот, поконкретно, влијанието и улогата на телевизијата. Присутна е една состојба на "модернизација на културата на сиромаштијата", која длабоко го зафатила градскиот човек. Најголем дел од активностите во вонработното време се сведува на пасивен одмор, гледање на телевизија, и активности (нужно) поврзани со домот.

Слободното време е заробено меѓу активностите кои се неопходни за нормалната егзистенција на граѓаните и објективната состојба на економски, социјален и културен план, што се покажа дека има пресудно влијание врз карактерот на неговото користење.

д) Се покажа дека урбанизмот како начин на живот во услови на хиперурбанизација само површно ги манифестира последиците на животот на градот, а суштински е ограничен во рамките на "спонтано" формираните соседски заедници, кои ги детерминираат основните претпоставки на "духовниот" живот на човекот и неговите потреби воопшто а најчесто како "лажни" потреби. Нашето истражување покажа дека може да се говори само за тенденции кои водат кон еден "урбан начин на живот". Повеќе би можеле да говориме за "маргинален тип на урбана култура", која претставува манифестација на отуѓеноста, и како психолошка состојба и како состојба на економска и социјална зависност.

ѓ) Најголемиот дел од луѓето не сакаат да ја променат населбата/ градот во кој живеат, и немаат "јасна" претстава за "пожелен град". Формирана е една маглива претстава за вредностите на градскиот живот.

е) Само половина од анкетираните сметаат дека во нивниот град има барем едно “пријатно“ место, каде можат да се забавуваат, разонодуваат, или прошетаат и поразговараат со своите пријатели.

Тоа говори дека поголемите градови го изгубиле или сеуште не се здобиле со “идентитет и структура“ што би имало суштинско значење, за своите жители, и се претворени во безлични творби во кои човекот се чувствува отуѓен.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1.Ацески,Илија: Еколошката свест и вредностите на општественииот развој,-Зборник,Филозофски факултет, 1990/91.Скопје

2.Antic, Lazo, Stefanovic; 973 Stanbena i komunalna politika.- Ekonomski institut, Zagreb,1973.

3.Vujovic, Sreten: Grad i drustvo.-IICSSO-Srbije, Beograd, 1982,

4.Bolcic, Silvano; Medjuzavisnost tipova urbanizacije i razlike u nivou razvienosti regiona Jugoslavije.- Sociologija, 1-2,70 g.

5.Vujovic, Sreten: Socijalna segregacija u nasim gradovima.- Lica Sarajevo, br.5, 1972.

6.Gidion, Sjeberg: Prostor,vreme, arhitektura,- Beograd,1969

7. Georg,Simmel; The metropolis and mental life, во книгата "Urban man and Society,

8.Gidion,Sioberg; 1955, The preindustrial city, American Journal of Sociology, march/1955.

9.Доксијадис,К: Човек и град,-Нолит, Београд,1982

10. Георгиев, Ангел: Економски аспекти на урбанизацијата на СР Македонија (докторска теза).- Скопје,Економски факултет,1988.

11.Ѓуриѓ.Б.- Урбанизацијата као процес ширења градског начина живота,Зборник, за друштвене науке, Матица српска, Нови Сад,бр.54

12.Иликј, Дусан; Стан и породица, Градина,Ниш, 1983

13.Jean,Lojkin; (1977), Le markisme, l'état et la qeistion urbain, P.U.F,Paris,1977.

14.Живковиќ, Мирослав: (1981) Прилог Југословенског урбаној социологији, Београд, 1981.

15.Живковиќ, Мирослав: Социолошки погледи о граду и становању, Арх.Факул.Београд,Материјали за постдипломски студии, Београд.

16. Јаќоски, Бошко: (ред)1978, Социјалистичка самоуправна трансформација на селата во СРМ. (колективна студија)"Наша книга" Скопје,

17. Јакхел,Руди; 1971, Урбанистичкото планирање и алиенација "Идеје" Београд, 1/71 г.

18,Kop.Anatol:1978 L'arshitecture de la periode stalinienne, P.U.Grenoble,

19.Kevin, Linc: 1974 Slika jednog grada; Gradjevinska knjiga,Beograd,

20.Claud, Chalin: (1981), la dynomigue urbain, P.U.F. Paris,
21.Claud,Levy-Leboyer: 1980, Pisycholoqie et Environnement,
22.Корбизје; Начин размишљања о урбанизму.- Грађевинска књига,Београд, 1974.
23.Le Korbusier; 1975, La Charthe d'ea thenes,Edition de miniut, paris,
24.Карталов,Ристо; (1983) Демографски аспекти на деаграризацијата во СР Македонија .- (советување) Леуново, 3-4 ноември 1985 г.
25.Карталов,Ристо: Последици на миграциите и деграризацијата на селското население во СРМ "Социјална политика" 3-4/795, 1979
26.Кристијан Норберг-Шулц 1978 -Егзистенција,простор и архитектура.- Грађевинска книга, Београд,
27.Лефевр,Анри 1980 - Мисао постала свијетом.- Глобус-Загреб,
28.Лај, Владимир: Квалитета живота становништва Хрватске.- Институт за друштвена истраживања-Загреб.1991 г.
29.Lewis.O.: 1970, Culture of poverty, Autropologica Essays, New York, превземено од книгата Vujovic-Bobic, Krov nad glavom, Filip Visnjic,1988 god.
30.Castells,M.: Luttes urbain, Francois Madreko, 1975 Paris,
31.Castells, M.: 1981, La Question Urbain, Maspero, 1981 Paris,
32.H.Letebvre.:1974, - La Pansee marxiste et la Ville, Casterman,3e Edition.
33.Mimford,Louis: Grad u historiji,1967 Naprijed,Zagreb,
34.Мариновиќ, Анте-Узелац: Насеља, градови, простори, Техничка књига,Загреб,1986
35.Manuel, Kastels: , Grad,klasa i moc.- Revija za sociologiju, 11/12/1980 god.Zagreb
36. Милиќ,В.1984 Револуција и социјална структура,1984 “Идеје“ Београд
37. Маркс,- Енгелс ,1961 Од раните трудови, Култура, Скопје,1961
38. Machel, Bassond 1974 Urbanisation et pouvoir politique, George-Librairie de l'universite, Geneve,
39. Ерих Фром; 1969,Бегство од слободе: Београд,"Нолит",
40.Ерих Фром;1969, Здраво друштво.- Рад,Београд,
41.Egon Erns Bergel,1955 Urban Sociology, Mc.Graw-Hill Book Company, New York, London,Toronto,
42.Harvie Carrieret Philip; Laurent,1965, Le puenomain Urbaih, Aubier-Montaigne,
43.Petak,A.1975, Marginalizacija-jedna tendencija suvremene gradske kulture,Revija za sociologiju, 4/75,Zagreb
44. Supek,Rudi; 1977, Problemi socijalne integracije u urbanim sredinam Sociologija, br/77,Beograd

45.Paymond,Ledrut;1968 Sociologie Urbain, P.U.F. Paris,
48.Edward T.Hall; 1977, La dimension cashe, Edition du Seul, Paris,
49.Fransoaz, Šoe; 1978. Urbanizam,utopija,stvarnost,"Gradjanska kniga, Beograd, 1978
50. Robert C.Weaver; Major Fuctors in Urban Planing, prevzemeno od BY, Leonard, J.Duhl, 1963, New York,1963.
51.Robert A.Willson/David A.Schulc,1978 Urban Sociology; by Pretince Nau /NC.England New Jercy
50.Edmont Pretsej ; Grad u kome je nemoguce zivjeti.- Marksizam u svetu, 1977,Beograd
51.Pavlovic, Josif;1983 Na pragu vremena buduceg.- Savremenost 3-4
52.Paul-Henri Chombart de Lauce.- La Fine des Villes ,Kille, Muthe ou Realite, Calman Levu
53.Трумиќ, Ал.1981 г. Урбано село.- Светлост, Сарајево,
54.Stefanovic,Dusan;1973 Urbanizacija-Beograd,
55.Соколов,Лазар;1961 Промена у структури становништва на територији СР Македонији 1921-1953 г. као одраз економског развоја.- Економски институт,Скопје, 1961,
56.Павловиќ, Ј.;1981 Урбане противречности касног капитализма "Савременост, бр.12 Нови Сад, 1981,12
57.Ramy-Voye., 1981 Ville, ordre, et violence, P.U.F., Espace et liberte, Paris,
58.R.E. Rahl, The Rural-Urban Continnum, vo Readings in Vrban Sociology, ed.BY, R.,E.Patle, 1968, Pergamon Press Ltd. (str.263-306)
59. Cifric,Ivan.: Ekoloska adaptacija i socijalna pobuna,"Radnicke novine",1990,Zagreb

# СПИСОК НА ТАБЕЛИ

Табела бр.

1. Занимање на главата на домаќинството
и решавање на станбеното прашање.....52
2. Задоволство од станбените услови
и занимање на испитаникот.....55
3. Опфат на делот од градот и што
најмногу недостасува во населбата.....59
4. Големината на градот и што
најмногу недостасува во населбата.....61
5. Занимање на главата на домаќинството и што
најмногу недостасува во населбата.....63
6. Занимање на главата на домаќинството и
слободното време-викенд (мажи).....67
7. Занимање на главата на домаќинството и
слободното време (викенд), мажи.....68
8. Образование на главата на домаќинството и односите
со соседите.....72
9. Образование на главата на домаќинството
и посета кај соседите.....73
10. Занимање на главата на домаќинство и промена
на населбата на живеење.....77
11.Занимање на главата на домаќинство и промена на
градот на живеење.....78
12. Големината на градот и најпријатен дел од градот.....81
13. Опфат на дел од градот со најпријатен дел од градот.....82
14. Националноста со најпријатен дел од градот.....83
15. Ставови за решавање на проблемите на
загадувањето на средината.....84

# СОЦИОЛОШКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ СЕМЕЈСТВОТО ВО УРБАНИТЕ СРЕДИНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ПРОМЕНИ ВО СЕМЕЈСТВОТО КАКО ЧОВЕЧКА ЗАЕДНИЦА

### 1. Промените на роднинскиот состав на семејството

Роднинството како социо-биолошка врска помеѓу поединците претставува многу битна компонента во внатрешната семејна структура. Всушност, тоа ја претставува самата суштина на семејството така што роднинските односи претставуваат главна карактерстика за секое семејство. Во таа смисла бракот, по правило, претставува основа од која произлегуваат крвно роднинските односи во семејството.

Анализирајки го системот на крвното роднинство, еден од основачите на структуралната анализа на роднинството, Луис Морган, дава една описна, но мошне сликовита определба на роднинството која е адекватна и за современото семејно роднинство. Спрема него“ околу секој поединец постои круг или група на роднини во чиј центар се наоѓа тој, овој поединец, его, од кого се рачуна степенот на роднинство и кај кого роднинските односи повторно се враќаат. Над него стои неговиот татко, неговата мајка и нивните потомци, под него неговите деца и нивните потомци, додека од бочните страни се наоѓаат браќата и сестрите и нивните потомци и браќата и сестрите од неговиот татко, неговата мајка и нивните потомци...1)[13]

Мошне интересни разгледувања во врска со роднинството среќаваме и кај Редклиф-Браун, кој успеал општата анализа на родинството да ја подигне на повисоко теориско-аналитичко ниво. Во

---

[13]Види: Луис Х.Морган, Систем крвног сродства, во книгата: “Теорија о друштву“, прва књига, Вук Караџиќ, Београд,1969,стр.261.

својата исцрпна анализа, тој термините "систем на роднински врски", "систем на роднинство" и "роднинство врз основа на брачна врска" ги употребува како синоними. Со оглед на актуелноста на проблематиката и во современите услови, ќе истакнеме дека, според него, основна структурна единица на секое роднинство претставува "елементарното семејство" кое структурално одговара на современото нуклеарно семејство и кое што се состои од мажот, жената и нивните деца, така што брачната двојка без деца во оваа смисла не може да се смета за семејство и тоа пред сѐ поради непостоење на крвно роднинство преку брачната врска.

За системот на роднинските врски мошне важна е поделбата на генерации која се среќава и кај елементарното семејство. Во таа смисла се формираат, во рамките на елементарната семејна група, три видови на роднински односи: односите помеѓу родителите и деца, односите помеѓу децата и односите помеѓу родителите (мажот и жената) кои воедно претставуваат и роднински односи од прв степен, односно "првостепено роднинство". Постои и т.н. "второстепено роднинство", кога роднинските односи помеѓу две елементарни семејства се воспоставуваат преку еден заеднички член (дедо, стрико, вујко). Роднинство од трет степен се јавува помеѓу првите братучеди (на пр. синот или ќерката на татковиот брат или сестра), а на истиот начин се добиваат и подалечните степени на роднинство. Овие врски не се само семејно-роднински туку се и општествени, затоа што претпоставуваат и одредено однесување.

Битна особина на роднинските врски претставува нивниот обем. Во одредени системи за роднини се сметаат еден мал круг на луѓе, за разлика од други системи во кои бројот на роднините изнесува неколку стотици.

Во одредени општества луѓето се сметаат за роднини иако немаат заедничко непосредно потекло (во племенските организации).[14]

Тоа е т.н. "роднинство на групата" каде што припадниците на одредена група меѓу себе се сметаат за роднини. Во "класификационото роднинство", припадниците на истата генерација имаат заедничко роднинско име (на пр. родителите, нивните деца, внуците). Семејството се појавува дури со појавата на т.н. "описно" или

[14] Види поопширно: А.Р.Редклиф-Браун: Студија о системима родбинских веза, во цитираната книга : Теорије о друштву, стр.270-286

"дескриптивно роднинство", каде што одредени роднини се означуваат попрецизно (вујко, стрико, братучед).[15]

При анализата на промените во роднинскиот состав на семејството, во овој труд ќе појдеме од поделбата на роднинската организација на семејството на внатрешна и надворешна. Внатрешната роднинска организација ги опфаќа роднински поврзаните поединци, семејни јадра и генерации во рамките на истото домаќинство, додека надворешната роднинска организација се однесува на роднински поврзаните семејни групи.[16]

Притоа, при разработката на оваа проблематика појдовме од претходно поставената претпоставка според која промените што ги предизвикуваат процесите на индустријализацијата во глобалниот општествен систем доведуваат до стеснување на семејната група и до пораст на нуклеарните семејства, односно до опаѓање на бројот на повеќесемејните домаќинства со гломазна роднинска структура.

а) Промени во големината на семејството

Интензивните општествено-економски промени во Македонија во повоениот период, меѓу другото, доведоа до брзи промени и во роднинскиот состав на семејството. Овие промени можат да се следат, од една страна, преку брзиот пораст на бројот на семејствата, а од друга страна и преку перманентното опаѓање на просечниот број на членови на семејството. Во таа смисла, бројот на семејствата во Република Македонија расте со побрзо темпо од бројот на населението. Така, според податоците од пописите на населението, во 1981 год., бројот на семејствата во Македонија во споредба со 1948 год., се зголемил за 99%, додека во истиот овој период порастот на населението е значително помал-66%. Во секој случај, ваквите тенденции укажуваат на промените што се случуваат во составот на семејната група.

Како што спомнавме претходно, промените во роднинскиот состав на семејството мошне егзактно, од квантитативен аспект, можат да се согледаат преку евидентното смалување на неговиот обем, односно големина, земајќи го предвид просечниот број на членови на семејството. Во таа смисла, во Македонија мошне интензивно се

---

[15] Види: д-р Марко Младеновиќ: Социологија породице, Књига I, Просвета, Београд,стр.107

[16] Види: д-р Анѓелка Милиќ: Преображај сродничког састава породице, во книгата: Домаќинство,породица и брак у Југославији.- Институт за социолошка истраживања Филозофског факултета у Београду,1981.

одвива процесот на распаѓање на т.н. големи домаќинства коишто се составени од 7,8 и повеќе членови како и од повеќе семејства (семејни задруги), така што нивниот број перманентно опаѓа, додека бројот на нуклеарните семејства составени само од родителите и децата, кои најчесто бројат по 4 членови, постојано расте.

Табела бр.1 Семејствата во Македонија според бројот на членовите во 1948,1953,1961, 1971, 1981 г.

| | | Број на членови | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | Вкупно | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1948 | 100 | 8,4 | 18,9 | 11,6 | 14,3 | 14,9 | 13,3 | 10,1 | 18,6 |
| 1953 | 100 | 7,2 | 8,6 | 12,0 | 15,0 | 15,3 | 13,5 | 10,2 | 18,2 |
| 1961 | 100 | 6,8 | 9,6 | 12,6 | 17,8 | 16,8 | 13,0 | 8,9 | 14,4 |
| 1971 | 100 | 6,3 | 10,6 | 13,7 | 23,6 | 17,1 | 11,4 | 6,9 | 10,4 |
| 1981 | 100 | 6,1 | 12,1 | 15,2 | 29,5 | 14,8 | 9,3 | 5,0 | 7,9 |

Извор: Статистички годишник на СРМ, 1982, стр.60

Со други зборови, ваквите тенденции покажуваат дека во Македонија во тек е процесот на одвојување на семејствата од домаќинствата. Тоа може да се потврди и со присутната тенденција на постојаното опаѓање на просечниот број на членови на семејството, која кај градските, во споредба со селските семејства, се одвива со различен интензитет.

Табела бр.2 Просечен број на членови на едно семејство во Македонија во 1953, 1961, 1971 и 1981 г.

| Година | Вкупно | Градски | Селски |
|---|---|---|---|
| 1953 | 5,30 | 4,14 | 6,07 |
| 1961 | 5,02 | 4,12 | 5,82 |
| 1971 | 4,68 | 4,08 | 5,44 |
| 1981 | 4,38 | 4,05 | 4,89 |

Извор: Статистички прегледи бр.65,126, 129, РСЗ, 1976 и 1982, Скопје

Од наведените податоци се гледа дека просечниот број на членови на семејствата е помал во градовите отколку во селата. Меѓутоа, додека процесот на трансформација на семејствата во градовите во последниве неколку децении е помалку или повеќе стабилизиран, во селските средини тој се уште е мошне интензивен. Сепак, треба да се напомене дека во споредба со процесот на поранешна Југославија, кој во 1981 год. изнесуваше 3,62, просечниот број на членови на семејството во Македонија сеуште е висок, така што во споредба со поранешните југословенски републики и покраини, Македонија се наоѓа веднаш зад Косово (6,92). Тоа значи дека и промените во роднинскиот состав на семејството во Македонија, во споредба со останатите југословенски подрачја, се одвивале со послаб интензитет, така што во поедини региони од Македонија, посебно од руралните подрачја, сеуште е присутна традиционалната семејна роднинска организација. Ваквата состојба во голема мера е предизвикана од специфичните демографски процеси кои се присутни во Македонија, и кои, во глобала, придонесуваат за одржување на традиционализмот во семејниот живот, воопшто. Сепак, од податоците може да се согледа дека трансформацијата на семејствата во урбаните средини, за разлика од руралните, е значително понапредната, што може да се констатира и од наредните поглавја.

Во научната литература е мошне распространето мислењето, кое и ние го прифаќаме,а според кое распаѓањето на патријархалните односи во семејството се одвива пред се под влијание на економските фактори.[17]

Во тој контекст, просечната големина на семејството во голема мера зависи и од изворот на доходот на семејството, односно од видот на семејството со оглед на неговите економски карактеристики. Во оваа прилика значајно е да ги согледаме разликите што се појавуваат помеѓу одделни категории семејства во Македонија кои заради компарација ќе ги доведеме во соодност со расположивите статистички податоци за југословенскиот просек.[18]

Од досегашните социолошки истражувања е познато дека процесот на трансформација на семејството во Македонија се одвива со послаб интензитет, во споредба со другите поразвиени подрачја од поранешна Југославија, каде што се среќаваат понагласени преобразби на семејството. Тоа го потврдуваат и следните податоци:

[17]Види: Вера С.Ерлих: Породица у трансформацији.- Напријед,Загреб,1964, стр.255
[18]Податоците се однесуваат на поранешната југословенска федерација.

Табела бр.3 Просечна големина на семејството според изворот на приходот за Македонија и Југославија, 1983 г.

| Вид на семејството | Македонија | СФРЈ |
|---|---|---|
| Сите семејства | 4,13 | 3,50 |
| Земјоделски семејства | 4,57 | 3,43 |
| Мешани семејства | 4,94 | 4,62 |
| Неземјод.семејства | 3,82 | 3,13 |

Според тоа, просечната големина на сите видови семејства во Македонија е поголема од соодветните семејства на ниво на поранешна Југославија. За ваквата висока просечна големина на семејствата во Македонија со оглед на нивната економска основа, без сомнение влијание имаат и специфичните карактеристики на семејствата на одделни етнички групи, а посебно на албанската (која се издвојува по бројноста, односно застапеноста во вкупното население и има директно влијание врз општиот просек на Македонија).

Сепак, треба да се напомене дека горните податоци се однесуваат на семејствата на целата територија на Македонија. Ако се има предвид дека во градските средини доминираат неземјоделските семејства, се наметнува констатацијата дека и трансформацијата на семејството во овие средини, во споредба со руралните, е значително понапредната. Кај овие семејства нуклеаризацијата доаѓа до полн израз, така што тие се одликуваат со релативно мал просечен број на членови, што претставува мошне сигурен индикатор за настанатите промени во роднинската организација на семејството во урбаните средини.

Од наведените податоци произлегува дека, според просечниот број на членови на семејството, најголеми се мешаните семејства. Ова е секако резултат на познатите економски карактеристики на овие семејства кои - се одликуваат со посложена семејна структура, затоа што освен на земјоделското стопанство, одреден број на членови на семејството постојано се вработени надвор од индивидуалното стопанството, со што, во извесна смисла, старата роднинска организација останува без позабележителни промени. Меѓутоа, според сознанијата на д-р Анѓелка Милиќ, мешаните семејства се

најголеми токму поради сложениот семеен состав, а не заради нивниот зголемен наталитет.[19]

## б) Промени во роднинскиот состав на семејството

Натамошната трансформација на семејството во смисла на напуштање на традиционалната роднинска структура, може да се посматра и преку настанати промените во семејниот состав на домаќинствата. Брзите промени во глобалниот општествен систем доведуваат и до длабоки промени во роднинската сфера на семејниот живот. Перманентниот пораст на едносемејните домаќинства, со што домаќинството и содржински се изедначува со семејството, како и порастот на самечките и повеќечлените несемејни домаќинства, претставуваат мошне сигурни индикатори за крупните преобразби на семејството како човечка заедница.

Табела бр.4: Домаќинствата во Македонија според видот и составот во 1981 година

| Вид на домаќинство | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Семејно | Не семејно самечко | Повеќе члено | Вкупно | Број на семеј.на едно домаќин. | Број на семејства |
| Вкупно | 408691 | 24555 | 2126 | 435372 | 1,22 | 496678 |
| Градски | 242363 | 16305 | 1607 | 260278 | 1,06 | 276959 |
| Други | 166325 | 8250 | 519 | 175094 | 1,25 | 219719 |

Извор: Статистички преглед, 129, РСЗ, Скопје, 1982

Освен семејните домаќинства, кои според очекувањата се и најбројни, во Македонија, особено во градовите, што е и основен предмет на овој труд, сé поприсутна е категоријата на самечки, како и

[19]Види ; Анѓелка Милиќ и др., порано цитираниот труд, стр.140

на несемејни повеќечлени домаќинства, што доволно зборува за интензитетот на промените во урбаните семејства.

Што се однесува до бројот на семејствата во домаќинството, од горните податоци се гледа дека процесот на нуклеаризација на семејната група во градските средини е мошне интензивен, при што убедливо доминираат нуклеарните семејства.[20]

Досегашните научни истражувања од оваа област потврдија дека роднинската организација на семејството во голема мера зависи од неговата етничка припадност. Меѓутоа, овие истражувања се однесуваат главно за руралните средини, така што состојбата на семејството во градските подрачја, во научен поглед, во Македонија речиси воопшто не е истражувана.

Во таа смисла, за поуспешно согледување на настанатата трансформација на семејството во урбаните средини, расположивите емпириски податоци ќе ги анализираме со оглед на етничката припадност на семејството, имајќи ја притоа предвид релацијата село-град, односно видот на населбата.

Според наведените податоци од анкетното истражување спроведено во 1991 година, процесот на нуклеаризација на семејството во урбаните средини во Македонија е значително понапреднат во компарација со семејството во селските подрачја. Всушност, до слични сознанија дојдовме и при анализата на статистичките податоци прикажани во табела бр.4 . Меѓутоа, податоците од истражувањето откриваат една мошне интересна состојба на семејството во урбаните средини, која досега, колку што ни е познато, научно беше непроверена и непотврдена. Имено, станува збор за евидентниот процес на хомогенизација на семејството во урбаните подрачја на Македонија во поглед на неговиот семеен состав, кој се однесува на сите семејства, без разлика на етничката припадност. Притоа, присутна диференцијација е само на релација село-град, додека во поглед на етничката припадност на семејството, според изнесените податоци,таква диференцијација не е присутна. Така, процентот на проширените семејства во вкупниот број, со оглед на етничката припадност на домаќинот, кај сите категории на семејства е приближно ист - околу една петина. Ваквите резултати, односно сознанија донекаде се и неочекувани, посебно во однос на албанските семејства. Имено, претпоставувавме дека и во градските средини, слично како и во селските, проширените семејства процентуално се

[20]Во врска со оваа проблематика види: Јовановиќ Амалија; Демографските движења во Македонија, развој на домаќинствата; Годишник на ИСППИ,бр.1 Скопје, 1987, стр.183-198.

Табела бр.5 Семејниот состав на домаќинството, според националноста на домаќинот и местото на живеење во 1991 г.

| СЕМЕЕН СОСТАВ | Националност на домаќинот | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | Македонец | | Албанец | | Турчин | | Србин | | Друго | |
| | село | град | село | град | село | град | село | град | село | град | село | град |
| Сам семејство | 1,6 | 1,6 | 1,4 | 1,1 | - | - | 33,3 | 25,0 | 3,9 | 4,5 | - | 3,6 |
| Брачна двојка без деца | 8,4 | 10,3 | 9,3 | 11,5 | 1,4 | 7,6 | - | - | 15,7 | - | - | 10,7 |
| Брачна двојка со деца | 52,1 | 61,0 | 51,9 | 58,8 | 52,9 | 68,6 | 33,3 | 50,0 | 47,1 | 72,7 | 66,7 | 60,7 |
| Проширено семејство | 32,8 | 23,1 | 31,5 | 23,9 | 42,5 | 20 | 33,3 | - | 29,1 | 22,7 | 33,3 | 25,0 |
| Семејство со деца без еден родител | 2,8 | 2,9 | 3,5 | 1,4 | 2,9 | - | - | - | - | - | - | - |
| Друго | 2,4 | 1,5 | 2,5 | 1,5 | 1,4 | 1,0 | - | 25,0 | 3,9 | - | - | - |
| ВКУПНО | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

најзастапени кај албанската популација. Меѓутоа, очигледно процесите на индустријализација доведоа до радикални преобразби на семејството во урбаните средини, без разлика на неговите етнички обележја.

Според тоа, промените во семејниот состав на домаќинствата во урбаните средини на Македонија се очигледни. Иако во останатите средини тие промени, меѓу другото, се резултат и на хетерогениот етнички состав на населението во Македонија, нашето истражување во градските подрачја не ја потврди таквата врска. Имплицитно можеме да констатираме дека економските фактори имаат значително влијание врз роднинската структура, при што доведуваат до забрзана трансформација на повеќесемејните домаќинства во едносемејни, односно нуклеарни, но од друга страна тие, исто така, ја овозможуваат, иако во релативно помал процент во однос на нуклеарните семејства, натамошната егзистенција на семејствата со посложена семејна структура. Притоа, влијание на етничките компоненти врз промените на семејството во урбаните подрачја на Македонија е незабележително.[21]

### в) Промени во семејното јадро

Освен стеснувањето на семејството со оглед на бројот на членовите, како и со оглед на бројот на семејствата во домаќинството, односно неговиот роднински состав, кои меѓусебно тесно се поврзани, за поцелосно согледување на настанатите промени во современото семејство во урбаните подрачја на Македонија, неопходно е да се согледаат и промените настанати во врска со стеснувањето на семејното јадро. Под поимот "семејно јадро" го подразбираме најтесниот семеен роднински состав. Во таа смисла, овде ќе ги посматраме глобалните промени во семејствата составени само од брачни двојки, како основа за крвнороднинските односи во семејството, потоа семејствата составени од брачни двојки и нивните деца, како и непотполните семејства.

И покрај тоа што во современите услови семејната група најчесто се состои од брачна двојка и нивните деца (нуклеарно семејство), под влијание на разни фактори кои произлегуваат од брзиот општествено-економски развиток, доаѓа до стеснување и на нуклеарната форма на семејството и тоа посебно во урбаните средини, односно до "декомпозиција" на семејното јадро и семејството.[22]

---

[21]Напоменуваме дека во истражувањето беа анкетирани само 4 градски и 3 селски семејства од турска националност, така што од статистичко-методолошки причини нив ги изоставивме од анализата.

[22]Види: Анѓелка Милиќ, порано цитираното издание, стр.144.

Притоа, стеснувањето на нуклеарното семејство, односно декомпозицијата на семејното јадро, често доведува до низа нарушувања во нормалното извршување на семејните функции. Сепак, имајќи го предвид брзиот општествено-економски прогрес, кој им овозможува и на непотполните семејства одвојување од поширокото домаќинство и независна егзистенција, би требало да очекуваме извесни разлики во структурата на семејните јадра со оглед на видот на населбата.

Табела бр.6 Структура на семејните јадра во Македонија според видот на населбата во 1981

| | | Семејства според составот | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вид на населбата | Вкупно | Брачна двојка без деца | Брачна двојка со деца | Мајка со деца | Татко со деца |
| Вкупно | 100 | 20,35 | 73,32 | 5,17 | 1,14 |
| Градски | 100 | 18,22 | 74,52 | 6,15 | 1,09 |
| Други | 100 | 23,02 | 71,74 | 4,01 | 1,21 |

Извор: Статистички преглед, 129, РСЗ, 1982, стр.11

Структурата "брачни двојки без деца" повеќе е присутна во другите населби одколку во градските, што секако е резултат на преовладувањето на одредени демографски структури во различни видови населби.

Учеството на непотполните семејства "мајки со деца", заради сите погодности што ги овозможуваат урбаните средини, поголемо е во градските подрачја, додека учеството на непотполното семејство "татко со деца", помалку неочекувано, иако незначително, сепак е поголемо во другите видови на населби. Ова се должи на фактот што во мешаните и селските населби доминира земјоделското население, така што во случај на развод во земјоделското семејство, децата најчесто остануваат кај таткото - заради имотот.[23]

[23]Види: д-р Ангелка Милиќ, исто, стр.146

Табела бр.7 Типот на семејните јадра во Македонија, според економската основа на семејноството,1981 год.

| Посед.на земј.имот | Вкупно | Семејства според составот | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Брачна двојка без деца | Брачна двојка со деца | Мајка со дете | Татко со дете |
| Вкупно | 100 | 20,35 | 73,32 | 5,17 | 1,14 |
| Поседува | 100 | 24,49 | 70,44 | 3,84 | 1,21 |
| Не посед. | 100 | 16,85 | 75,70 | 6,38 | 1,08 |

Извор: Исто како и претходниот

Во пописот од 1981 год. домаќинствата се посматраат и според поседувањето на стопанство. Во таа смисла, се располага за податоци на домаќинства кои имаат земјоделски имот (најмалку 10 ари) и домаќинства кои немаат земјоделски имот. Иако во споменатиот Попис не постојат подетални методолошки објаснувања, во оваа анализа домаќинствата кои поседуваат земјоделски имот ги сметаме за земјоделски и мешани, односно селски, додека ќе ги третираме како неземјоделски, односно градски.

Ниското учество на непотполните семејства (мајка со деца и татко со деца), како што споменавме, се должи на општествено-економската неразвиеност на Македонија, така што општествената заедница објективно не е во можност да им овозможи нормална независна егзистенција на непотполните семејства надвор од поширокото домаќинство. Од друга страна, и традиционализмот се јавува како сериозна пречка која го оневозможува економското осамостојување на овие семејства.

Ако направиме еден структурен преглед ќе констатираме дека семејствата кои не поседуваат земјоделски имот, воглавно градските семејства, имаат повисок процент на непотполни семејства-мајки со деца, во споредба со другата група на семејства. Поради истите причини, за кои погоре стана збор, процентот на непотполните семејства-татко со деца е нешто повисок кај семејствата кои поседуваат земјоделски имот.

Од податоците, исто така, се гледа дека семејствата кои имаат земјоделски имот во помал процент од останатите се составени од

“брачна двојка со деца“, додека структурата “брачни двојки без деца“, кај нив, во споредба со градските семејства (наземјоделски), е позастапена. Секако, овие податоци се еден од индикаторите за започнатиот процес на сенилизација на земјоделското население. Освен тоа, помалата застапеност на семејствата составени од “брачна двојка со деца“ во категоријата на семејства кои поседуваат земјоделски имот (селски семејства), се објаснува и со природат а на економската основа на земјоделските и мешаните семејства, кои по правило, го попречуваат започнатиот процес на нуклеаризација, односно излегувањето и осамостојувањето на семејното јадро од пошироката роднинска организација.

*

*     *

Преобразбата на патријархалната човечка заедница во Македонија, во современа, мошне илустративно и рељефно може да се согледа и преку промените во роднинскиот состав на семејната група. основна карактеристика на патријархалната човечка заедница во поглед на роднинската организација претставува проширениот роднински состав, како и одржувањето на мошне интензивни односи и со подалечните роднини.

Внатрешните односи помеѓу членовите на семејството се одликуваат со општа взаемна наклоност и блискост, со доминацијата на чувството на заедничка припадност.

Меѓутоа, процесите на индустријализација и урбанизација кои во Македонија се јавија со големо задоцнување (дури после Втората светска војна), помеѓу другото, нужно доведоа и до појавата на нов модел на роднински состав на семејството, карактеристичен за современата човечка заедница. Од наведениот емпириски материјал можеме да констатираме дека овој нов модел на роднински состав се карактеризира со стеснување на семејната група и тоа, пред се, како резултат на интензивниот процес на нуклеаризација, како и на започнатиот процес на декомпозија на семејното јадро. Понатаму, новиот модел на роднинскиот состав на современата човечка заедница се одликува со слабеење во односите со подалечните роднини, така што единствено поинтензивни се односите помеѓу најблиските крвни роднини, посебно помеѓу родителите и децата, иако и тие покажуваат тенденција на постепено слабеење.

Во поглед на внатрешните семејни односи помеѓу членовите на семејната група, освен чувството на заедничка припадност, сé повеќе

до израз доаѓаат и посебните индивидуалности на членовите, со што се создаваат предуслови за афирмација на личноста на конкретниот поединец, за што повеќе ќе стане збор во натамошното излагање.

Сите овие промени во роднинскиот состав на семејството сé повеќе ја приближуваат современата човечка заедница во Македонија кон пошироката општествена заедница. Во таа смисла, современата човечка заедница може да се посматра како еден вид на преодна форма помеѓу семејството како човечка заедница и семејството како институција. Додека во патријархалната човечка заедница доминираат елементите на “заедница“ во современата човечка заедница сé поприсутни се и елементите на “институција“ така, што дихатомниот карактер на семејството, во овој случај, доаѓа до полн израз.

## 2. Промени во семејните односи

Семејните односи претставуваат една од најзначајните, а истовремено и најсложените сфери на семејството како интимна човечка заедница.

Во предвоениот период, како и во периодот непосредно по ослободувањето, на подрачјето на Македонија доминирале патријархалните семејни односи. Проучувајќи го семејството во Македонија во овој период, Вера Ерлих, помеѓу другото, истакнува: “Македонија била последна област која се прилагодила на паричното стопанство и модерната цивилизација... Стариот ред и поредок не бил нарушен, промените во семејниот живот биле мали. Строгата патријархална регулатива останала задолжителна за сите членови на семејството, но донекаде ублажена со хумана нота, со сосема специфична обоеност. Патријархалниот систем останал доминантен и покрај влијанието и тешкотиите во новата држава. Специфичната атмосфера се покажува во смиреноста и дисциплинираноста на семејните односи и во посебната позиција на жената која има елементи на старата принципиелна потчинетост, како и на фактичката побарувачка.”[24]

Настанатите промени во семејните односи во урбаните средини на Македонија, како што споменавме во теоретскиот дел, во овој труд ги доведуваме во врска со севкупните општествени промени настанати под влијание на процесите на индустријализација и урбанизација. Притоа, поаѓаме од претпоставката дека промените во глобалниот општествен систем имаат своевидно влијание на менувањето на семејните односи, така што авторитативните односи се повеќе се губат

[24]Види: Вера Ерлих, исто, стр.430.

и им отстапуваат место на односите на рамноправнот помеѓу членовите на семејството.

Со оглед на карактерот на расположивите емпириски податоци, во анализата што претстои,освен квантитативниот ќе го промениме и квалитативниот, односно содржинскиот пристап, кој овозможува - покрај структурната димензија, согледување и на содржинската страна на семејните односи, во овој случај односите помеѓу сопрузите, како и помеѓу родителите и децата.

Како индикатори за согледување на настанатите промени во семејните односи ќе ни послужат одговорите на испитаниците во врска со однесувањето на мажот и жената во моментите на несогласување, учеството на членовите на семејството во извршувањето на домашните работи, како и авторитетот на сопрузите.

а) Односот на мажот кон жената во моментите на несогласување

Овој однос претставува многу значаен индикатор од кој експлицитно може да се согледа карактерот на семејните односи. Во овој случај, влијанието на процесите на индустријализација, како и во останатите сегменти од семејниот живот, треба да се посматра посредно. Тоа влијание се одвива низ неколку етапи. Најизложена, односно најнеотпорна на промените, како што можеше да се согледа и од претходните поглавја, е економската основа на семејството, на која процесот на индустријализација има најдиректно влијание. Настанатите крупни промени во оваа сфера, од своја страна, имаат сукцесивно влијание во останатите сфери на семејната структура на семејниот живот.

Познато е дека, според патријархалните семејни норми, грубиот однос на мажот кон жената кој најчесто преминувал и во физичко пресметување, се сметал за сосем нормално однесување, затоа што единствено на тој начин може да се согледа кој е “газда“ во семејството.

Иако бевме свесни дека човекот по својата генеричка суштина, помеѓу другото е и “семејно суштество“ односно одредени интимни прашања настојува по секоја цена да ги задржи во семејните рамки, сепак, со цел да ги утврдиме евентуалните промени и во оваа, можеби најчувствителна и најскриена област од семејните односи, на испитаниците им го поставивме следното прашање: “Што правите кога жената многу ќе ве налути?“ Прашањето беше отворено, така

што респондентите беа во можност да даваат непосреден опис на конкретниот семеен однос. Притоа, податоците што ги изнесуваме се посебно интересни, дотолку повеќе ако се има предвид дека досегашните социолошки истражувања во Македонија воопшто не го допреле ова исклучително значајно подрачје на семејниот живот, кое во краен случај, го одредува и самиот тип на семејството.

Според резултатите од спроведеното истражување, состојбата во оваа област е следната:

| | Н | % |
|---|---|---|
| Се кара, вика | 136 | 21,9 |
| Излегува од дома | 63 | 10,2 |
| Молчи,пуши,пие | 34 | 5,5 |
| Ја тепа жената,пцуе | 27 | 4,4 |
| Друго | 59 | 9,5 |
| Не се лути | 103 | 16,6 |
| Без одговор | 198 | 31,9 |
| Вкупно: | 620 | 100 |

Веднаш да напоменеме дека ова истражување нема амбиција целосно да ја расветли оваа област од семејниот живот. Наша основна цел е да согледаме дали и во оваа мошне интимна сфера, која е составен дел на семејното опстојување, под влијание на споменатите глобални општествени процеси се случиле некакви промени во застарените, традиционални семејни односи. Податоците ни откриваат дека таквите промени се евидентни. Имено, директното агресивно однесување на мажот, што во вакви случаи била нормална и вообичаена практика во патријархалните средини, во семејствата во урбаните подрачја на Македонија е незначително застапена, така што може да се посматра како рецидив на минатите времиња. Од друга страна, мошне висок е процентот на мирољубиво однесување на мажот кон жената (при постоење на одредена конфликтна состојба), со што во извесна смисла се означени и правците во кои во иднина ќе се развиваат современите семејни односи.

Сепак, од податоците произлегува дека во урбаните средини на Македонија доминира индиректното агресивно однесување на мажот кон жената, што во секој случај значи дека семејните односи се наоѓаат во преодна форма - од патријархални кон современи.

За утврдување на интензитетот на промените интересна е компарацијата со состојбата во оваа област во руралните средини на Македонија.

Табела бр.8 Однесување на мажот кон жената во моментите на несогласување, според видот на населбата

| Вид на однесување | Село | | Град | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % |
| Се кара, вика | 174 | 30,0 | 136 | 21,9 |
| Излегува од дома | 63 | 10,9 | 63 | 10,2 |
| Молчи,пуши,пие | 24 | 4,1 | 34 | 5,5 |
| Ја тепа жената,пцуе | 21 | 3,6 | 27 | 4,4 |
| Друго | 69 | 11,9 | 59 | 9,5 |
| Не се лути | 41 | 7,1 | 103 | 16,6 |
| Без одговор | 188 | 32,4 | 198 | 31,9 |
| Вкупно: | 580 | 100 | 620 | 100 |

Процесот на трансформација на патријархалните семејни односи во современи, присутен е и во градските и во селските средини на Македонија. Особено драстично се опаднати екстремните однесувања на мажот кон жената (тепање, пцуење), што беа доминантни форми на однесување во традиционалното патријархално семејство. Сепак, според очекувањата, податоците покажуваат дека современите струења во оваа област од семејните односи се значително поизразени во градските семејства, во споредба со селските. Имено, индиректното агресивно однесување на мажот кон жената процентуално повеќе е застапено кај селските семејства, додека од друга страна, пак, миролубивото однесување на мажот, како индикатор за попрогресивни семејни односи, поприсутно е во урбаните семејства.

За добивање на поцелосна слика на оваа проблематика, сметаме дека посебно е значајно одговорите на ова прашање да ги доведеме во врска со семејниот статус на испитаниците.

Дескриптивниот преглед на табелата бр.9 ни овозможува да констатираме дека старите патријархални семејни односи, ако се земе како индикатор прашањето што е предмет на нашава анализа, релативно најприсутни се кај семејствата со проширена семејна структура, за разлика од нуклеарните семејства, кај кои преовладуваат односите на поголемо почитување на жената, односно современите семејни односи. Имено, проширените семејства на некој начин како да го избегнале влијанието на процесите на индустријализација, кои доведуваат до нуклеаризација на семејната група. Во семејната

структура на овие семејства, освен брачните другари и децата влегуваат најчесто и родителите на мажот. Иако прифаќањето на старите лица во основа е хуман чин, сепак тоа е одлика на патрихарјалните средини, која за жал, сè повеќе исчезнува кај современото семејство. Меѓутоа, горните податоци ја прикажуваат негативната страна на патријархалните семејни односи која е типична за проширените семејства.

Табела бр.9 Однесувањето на мажот кон жената во моментите на несогласување, според семејниот статус

| Вид на однесув. | Вкупно | Самец | Со бр. другар | Со бр. друг ар и деца | Со бр. другар без деца и др. | Само со деца | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се кара, вика | 21,9 | - | 18,7 | 20,1 | 32,9 | - | 11,1 |
| Излегува од дома | 10,2 | - | 12,5 | 12,4 | 5,6 | - | - |
| Молчи, пуши,пие | 5,5 | - | 3,1 | 6,9 | 3,5 | 5,6 | - |
| Ја тепа жената,пцуе | 4,4 | - | 4,7 | 3,7 | 6,3 | 5,6 | - |
| Друго | 9,5 | - | 10,9 | 9,0 | 10,5 | 11,1 | 11,1 |
| Без одговор | 31,9 | 100 | 28,1 | 29,9 | 28,7 | 61,1 | 77,8 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Од друга страна, кај одговорите на ова прашање, воочлив е високиот процент на испитаниците коишто не сакале да дадат одговор на ова прашање. Поголемиот број од нив одговориле дека постојат одредени семејни "работи" за кои е пожелно да останат внатре во семејството, односно "не е препорачливо" сè она што се случува во семејството да излегува и во јавноста. Ова, на прв поглед, може да значи дека во македонските урбани средини доминираат автархичните семејни организации, затворени и изолирани од збиднувањата во надворешниот свет, што во секој случај не е сосема точно. Имено, познато е дека, семејството како општествена група со дихотемен карактер освен "институција" претставува и човечка заедница во чија основа лежат интимните и емоционалните врски, како нејзино

универзално обележје. Овие врски се специфични за семејството воопшто, според тоа и за современото семејство. За разлика од останатите семејни функции кои се, повеќе или помалку, склони кон “поопштествување“, емоционалната функција на семејството во целост не може да ја превземе никаква друга институција, затоа што, со други зборови, тоа би значело и крај на семејството - како и крај на човечкото општество.

*

* *

Досегашното излагање ни овозможува да констатираме, во глобална смисла, дека промените во глобалниот општествен систем имаат одредено влијание врз промените во семејните односи во смисла на постепено преобразување на старите авторитативни патријархални семејни односи, во односи во кои доминира рамноправноста помеѓу членовите на семејството, како и нивното взаемно почитување.

И покрај се поголемата хомогенизација на семејните односи на релацијата село-град, што секако е мошне значаен индикатор за согледување на степенот на трансфомираност на тие односи, сепак емпириските податоци покажуваат дека тој процес кај урбаните семејства е понапреднат.

Тоа, секако, не значи дека во потполност се присутни современите рамноправни семејни односи, затоа што сепак денешната човекова заедница во Македонија сеуште е доста далеку од вистинска рамноправност во односите во кои и натаму се присутни патрихарјалните рецидиви. Меѓутоа, дека процесот на трансформација на старите семејни односи е започнат и дека се движи во правец на организација на тие односи, сметаме дека е евидентно од досегашното излагање.

Истражувањето покажа дека семејните односи во голема мера се детерминирани и од националните обележја на семејството. Притоа, можеме да констатираме дека старите патријархални семејни односи со изразита доминација на мажот најмногу се задржале кај семејствата од албанска националност. Силното влијание на традиционалните сфаќања и норми, како и влијанието на религијата, во голема мера придонесуваат кај овие семејства жената сеуште да се наоѓа во потчинета и незавидна положба.

Сите овие сознанија ја потврдуваат констатацијата според која, при разгледувањето на семејните односи во човечката заедница во Македонија, очигледна е присутноста на старите и новите елементи. Во тие рамки, разрешувањето на нивната спротивставеност

неминовно води кон модернизација на семејните односи. Оттука, се наметнува заклучокот дека сегашниот степен на трансформираност на семејните односи во Македонија претставува своевидна преодна форма која се карактеризира со сé поинтензивно распаѓање на патријархалните семејни односи и нивно заменување со егалитарни, што воедно значи и приближување кон современата човекова заедница.

### 3. Некои аспекти на промените на семејниот систем на вредности и норми

Во социолошката наука е познато дека семејниот вредносен систем е под силно влијание на поширокиот општествен вредностен систем. Меѓутоа, за општествените вредности да постанат персонални, претходно треба да бидат прифатени од конкретните поединци. Тоа прифаќање во голема мера е детерминирано од карактерот на семејната средина. Така, во услови на патријархална семејна средина, при доминација на авторитарните семејни односи кај младите личности најчесто се формира хетерономен вредносен систем, односно се прифаќаат вредносните ставови и норми кои што се наменети од други авторитетни личности, при што самостојноста во определувањето на поединецот не доаѓа до израз. Од друга страна, кај преодните типови на семејства, како што е нашиот, како и кај современите, во кои вредносните определби не се наметнуваат однадвор како готова работа која мора да се прифати, кај поединецот се создава автономен вредносен систем во кој доминира автономноста на поединецот. Во таа смисла, семејството не треба да се фаќа како обичен посредник помеѓу општеството и поединецот, затоа што, тоа, пренесувајќи ги општествените вредности и стандарди на своите членови, води сметка и за предиспозициите на поединецот, поради што нив ги пренесува "алтернативно" оставајќи и широки можности на личноста за самостојно определување. Судирот помеѓу автономните и хетерономните вредносни системи што често е присутен кај родителите во семејствата во "преодниот" период, ако е засниван на принципиелна основа има позитивно влијание на помладата генерација која по својата природа е наклонета кон автономниот тип на вредносен систем.[25]

Како индикатори за откривање на промените во вредносниот систем во семејството, во истражувањето ни послужија ставовите на

[25]Види поопиширно: Зага Пешиќ-Голубовиќ: Породица као људска заједница.- Напријед,Загреб,1981.

поединците за одредени прашања од витално значење. Имено, испитаниците вршеа рангирање на одредени традиционални критериуми во врска со нивната значајност околу изборот на брачен другар.

Во таа смисла, од испитаниците во градските средини на Македонија беше побарано да се произнесат за тоа, колку за нив лично при изборот на брачен другар се важни степенот на образованието, националната припадност, богатството и вероисповедта на брачниот другар. Како и во досегашното излагање, најнапред ќе извршиме компарација со резултатите од руралните средини;

| | Степен на образование | | Национална припадност | | Богатство | | Вероисповед | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | село | град | село | град | село | град | село | град |
| Не е важно | 64,5 | 54,2 | 19,7 | 28,2 | 48,3 | 53,9 | 12,9 | 23,5 |
| Малку е важно | 16,5 | 15,8 | 6,0 | 6,8 | 25,5 | 20,2 | 4,8 | 7,4 |
| Средно е важно | 12,8 | 21,1 | 16,7 | 12,6 | 16,2 | 17,9 | 17,1 | 13,7 |
| Многу е важно | 5,3 | 7,6 | 56,7 | 51,6 | 9,0 | 6,8 | 64,5 | 54,5 |
| Без одговор | 1,0 | 1,3 | 0,9 | 0,8 | 1,0 | 1,3 | 0,7 | 0,8 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Познато е дека во патријархалните средини браковите, по правило, се склучуваат помеѓу мажите и жените кои се припадници на иста класа народност, стлој, религија и сл. Во таа смисла, степенот на образование, националната припадност и други слични компоненти, биле од пресудно значење при склучувањето на бракот. Меѓутоа, наведените податоци покажуваат дека во современи услови склопувањето на брак сé повеќе преминува во лична работа на конкретниот поединец, што воедно значи и напуштање на стариот

вредносен систем каде што богатството, образованието и други слични фактори биле решавачки при склучувањето на бракот.

Во тој поглед, степенот на образование има нешто поголемо значење во градовите отколку во селските средини. Овој податок, иако е можеби помалку неочекуван, сепак е логичен. Имено, ако се имаат предвид поголемите можности што ги имаат градските средини, за разлика од селските, за вработување во општествениот или приватниот сектор и каде што, помеѓу другото, степенот на образование има значајна улога, донекаде станува поразбирлив релативно повисокиот ранг што го има овој фактор при склучувањето на брак кај урбаните семејства.

Сепак, резултатите од истражувањето покажуваат дека факторите "степен на образование" и "богатство" не се одлучувачки и најзначајни елементи при склучувањето на бракот. Иако се работи за декларативни ставови на испитаниците, сепак, опаѓањето на значењето на образованието при склучувањето на брак покажува дека "општествените разлики помеѓу половите стануваат почетен услов за отвореност на општествените слоеви и групи кон хетерогамијата".[26]

Со други зборови, тоа значи дека, основна вредност при склопувањето на бракот кај современото семејство, кон кое тежнее македонската човечка заедница, претставува взаемната наклонетост и симпатиите меѓу партнерите, што, во извесна смисла, претпоставува напуштање на стариот патријархален вредносен систем и негово сé поголемо приближување кон современиот.

Сепак, ако се земат предвид етничките карактеристики на семејствата, може да се констатира дека ваквите современи струења не се во подеднаква мера присутни во сите семејства. Во оваа прилика ќе ги прикажеме и ќе ги споредиме емпириските податоци што се однесуваат на семејствата со оглед на нивната етничка припадност, при што мошне илустративно може да се согледа расчекорот на македонската човечка заедница помеѓу патријархалниот и современиот вредносен систем.

---

[26]Види : Ружа Петровиќ; Брак и друштвена стратификација.- Социологија, бр.1-2, Београд,1991, стр.234.

Значење на образованието при изборот на брачен другар

| | Македонец | Албанец | Турчин | Србин | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Не е важно | 57,5 | 38,1 | 50,0 | 40,9 | 71,4 |
| Малку е важно | 14,5 | 21,0 | 25,0 | 27,3 | 7,1 |
| Средно е важно | 21,5 | 22,9 | 25,0 | 18,2 | 10,7 |
| Многу е важно | 5,2 | 18,1 | - | 9,1 | 7,1 |
| Без одговор | 1,3 | - | - | 4,5 | 3,6 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Значењето на националната припадност при изборот на брачен друга

| | Македонец | Албанец | Турчин | Србин | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Не е важно | 32,1 | 2,9 | 50,0 | 36,4 | 50,0 |
| Малку е важно | 8,5 | - | - | 13,6 | - |
| Средно е важно | 15,0 | 1,9 | - | 4,5 | 21,4 |
| Многу е важно | 43,6 | 95,2 | 50,0 | 45,4 | 23,6 |
| Без одговор | 0,9 | - | - | - | 3,6 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Значењето на богатството при изборот на брачен другар

| | Македонец | Албанец | Турчин | Србин | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Не е важно | 59,7 | 21,9 | 25,0 | 59,1 | 78,6 |
| Малку е важно | 19,3 | 25,7 | 25,0 | 22,7 | 10,7 |
| Средно е важно | 16,3 | 29,5 | 25,0 | 13,6 | 3,6 |
| Многу е важно | 3,3 | 22,9 | 25,0 | 4,5 | 3,6 |
| Без одговор | 1,5 | - | - | - | 3,6 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Значењето на вероисповедта при изборот на брачен другар

| | Македонец | Албанец | Турчин | Србин | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Не е важно | 28,6 | - | 25,0 | 18,2 | 32,1 |
| Малку е важно | 9,3 | 1,0 | - | 4,5 | 3,6 |
| Средно е важно | 15,6 | 3,8 | - | 18,2 | 17,9 |
| Многу е важно | 45,6 | 95.2 | 75,0 | 59,1 | 42,9 |
| Без одговор | 0,9 | - | - | - | 3,6 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

И во овие случаи среќаваме големи отстапувања од општата дистрибуција кои се во директна зависност од етничката припадност на семејната група. Иако сите типови на семејства, без разлика на етничката припадност, покажуваат тенденција на приближување кон современиот вредносен систем, сепак таквите промени кај албанските семејства се одвиваат со најслаб интензитет. Имено, самиот факт што

образованието и богатството сеуште се важни чинители при склопувањето на бракот, недвосмислено го потврдува присуството на традиционалните сфаќања кои во голема мера, кај овие семејства, се присутни и денес. Од друга страна, посебно кај македонските семејства се среќаваме со далеку порадикално напуштање на овие сфаќања, што воедно значи и поголемо приближување кон современите вредности и норми. Всушност, анализата на наведените резултати упатува на глобалната констатација според која, урбаното семејство во Македонија се наоѓа во преоден период во кој сé поинтензивно се напуштаат старите вредности и норми на семејството и се прифаќаат новите, што воедно значи и чекор поблиску до современата човечка заедница.

Сепак, големото значење, што се придава на етничката припадност, како и на вероисповедта, при склучувањето на бракот, зборува дека сеуште во семејството во голема мера се задржани старите патрихарјални вредности.

Разновидниот етнички состав на населението во Македонија овозможува, во зависност од интензитетот на општествената комуникација помеѓу етничките групи, во поголема или помала мера, склучување на етнички мешани бракови, кои од друга страна се важен индикатор за отвореноста односно затвореноста на конкретната општествена средина. Во Македонија после Втората светска војна, бројот на етнички мешаните бракови во вкупниот број склучени бракови изнесувал 10%[27], што значи дека во 90% случаи присутна е етничката хомогамија. Ваквата состојба, на некој начин, во практиката се смета за "нормална", ако се има предвид дека при склучувањето на брак еден од вообичаените предуслови е и постоењето на одредена општествена блискост помеѓу мажот и жената.

Емпирискиот материјал од нашето истражување потврдува дека глобалната состојба во однос на оваа проблематика е без поголеми промени. Речиси кај сите типови на семејства доминираат сфаќањата според кои етничката припадност и вероисповедта се многу важни, а кај одредени етнички групи дури и пресудни фактори при склучувањето на бракот. Со оглед на детерминираноста на вредносниот систем од актуелните општествено економски и политички прилики во пошироката општествена средина, ваквите декларативни ставови на испитаниците се очекувани и се одраз на постојната состојба. Појавата на национализмот нужно имаше силно

[27]Види; Ружа Петровиќ; "Одлика брака у Југославији", во цитираната книга; Домаќинство, породица и брак у Југославији, стр.236.

влијание и врз семејниот вредносен систем, во смисла на натамошно егзистирање и јакнење на елементите кои ја овозможуваа етничката хомогеност и затвореност, со што во секој случај се оневозможува позабрзаниот општествен просперитет во сите сфери.

За пореално согледување на состојбата на урбаните семејства, испитаниците одговараа на прашањето: "Од која националност би избрале сопруга?", Дистрибуцијата на одговорите со оглед на националната припадност на главата на семејството е следната:

Табела бр.10 Избор на брачен другар, според националноста на главата на семејството

| | Националност на домаќинот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Национал. од која би избрал брачен другар | Македонец | Албанец | Турчин | Србин | Друго |
| Македонец-ка | 59,9 | 1,0 | - | - | 7,1 |
| Албанец-ка | 0,4 | 94,3 | - | - | - |
| Турчин-ка | 0,7 | 1,0 | 75,0 | - | - |
| Ром-ка | - | 1,0 | - | - | 10,7 |
| Србин-ка | - | - | - | 4,5 | - |
| Хрват-ка | - | - | - | - | - |
| Словенец-ка | - | - | - | - | - |
| Друга | 0,2 | - | - | - | 17,9 |
| Макед.Србин, Хрват,Словен. | 5,0 | - | - | 4,5 | 10,7 |
| Македонец-ка,и Србин-ка | 4,6 | - | - | 45,5 | - |
| Албанец-ка и Турчин-ка | - | 1,0 | - | - | - |
| Други комбинации | 1,3 | 1,0 | - | 4,5 | 7,1 |
| Не е важна национал.припадност | 27,1 | 1,0 | 25,0 | 40,9 | 46,4 |
| Без одговор | 0,9 | - | - | 40,9 | 46,4 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

Од изнесените податоци може да се заклучи дека убедливо највисок степен на етноцентизам се среќава кај Албанците, додека кај Македонците во овој поглед толеранцијата е значително поголема. Отвореноста по ова прашање е најголема кај Србите, што е и разбирливо ако се има предвид фактичката состојба т.е. високиот процент на мешани бракови кај српското население (најчесто Србин-ка со Македонец-ка).

Иако овие ставови, како што напомнавме, се декларативни, сепак искуството, како и другите сознанија, ни покажуваат дека и фактичката состојба во ова подрачје е приближно иста, што значи дека етничката дистанцираност на населението во урбаните средини во Македонија е мошне голема. Основна причина за ваквата состојба секако се историско-културните традиции на одделните етнички групи кои на овој начин настојуваат да го зачуваат националниот идентитет. Во овој контекст, некои автори (Д.Пантиќ) посебно го истакнуваат јазикот како една од причините за етничкото дистанцирање.

Сепак, емпириските податоци покажуваат дека не треба да се занемари и процентот на одговорите според кои националната припадност не претставува никаква пречка за стапување во брак.Ваквите ставови, во секој случај, се одраз на промените што ја зафатиле и оваа мошне чувствителна сфера на семејниот живот.

*

* *

Промените што ги предизвикаа процесите на индустријализацијата и урбанизацијата во глобалниот општествен систем ја зафатија и вредносно-нормативната сфера на семејниот живот. Овие процеси во семејството доведуваат до судир помеѓу старите и новите сфаќања, што од своја страна доведуваат до сѐ поголемо напуштање на традиционалните семејни норми, како и до прифаќање на современо ориентираните семејни вредности. Притоа, овие промени треба да се сфатат само како прв чекор кон современата човечка заедница, затоа што, барем засега, во нашиот општествен систем се уште не се созреани сите предуслови за прифаќање на новиот семеен вредносен систем.

*

* *

Во досегашното излагање зборувавме за промените на семејството како “заедница“, при што се обидовме да укажеме на промените, пред

се, во конкретниот заеднички живот на поединците во рамките на семејната група. Меѓутоа, воопштувањето на елементите на тој конкретен заеднички живот, нивната универзализација како и нивното поопштување, ни го откриваат постоењето и на другата страна на семејството, неговата формална страна, во која семејството се посматра како институција. Треба да се напомене дека овие поими имаат релативно значење, затоа што во стварноста семејството, повеќе или помалку отстапува од овие форми, при што доминацијата на едните или другите елементи во семејството во различни временски периоди е различна.

## II. ПРОМЕНИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО КАКО ИНСТИТУЦИЈА
### (поопштествување на семејните функции)

Анализата на процесот на институционализација на семејството во овој труд, значи утврдување на степенот и карактерот на поопштестувањето на семејството.

Во новонастанатите општествено-економски прилики, како што напоменавме и во теорискиот дел од трудов, семејството повеќе не е во можност самостојно да извршува низа свои функции, така што во тој поглед, соработката со другите специјализирани општествени институции, се наметнува како објективна нужност. При воспоставувањето на овој однос семејството во никој случај нема, односно не би требало да има подредена улога која би ја загрозила неговата општествена положба . Напротив, само со воспоставување на рамноправни односи на соработка помеѓу семејството и општеството, како и со активно настапување и поставување на барања пред општествената заедница за што поадекватно воведување на нараснатите потреби кои од ден на ден се сé поразновидни и помногубројни, пред семејството се отвараат широки можности за остварување на својата автономија.

Семејството и општеството не треба да ги посматраме во својата спротивставена положба, затоа што нивните интереси и потреби најчесто се поклопуваат, односно би требало да се поклопуваат. Процесот на институционализација, односно поопштествување на семејните функции, во никој случај не претставува нивно целосно пренесување на општеството. Имено, семејството и натаму ги задржува своите функции, но во новонастанатата ситуација нив ги извршува во заедница и во соработка со општествените институции.

Додека во патријархалната човечка заедница, како што покажавме во претходните разгледувања, доминираа елемементите на “заедница“, така што поголемиот број на функции семејството ги извршува самостојно, без поголема соработка со општествената заедница, во современата човечка заедница сé подоминантни се

елементите на институција. Имено, и сега семејните функции се извршуваат во рамките на семејните групи, меѓутоа современата човечка заедница повеќе не е во можност, самостојно и без помош од поширокатa општествена заедница, целосно и квалитетно да ги задоволи своите сé поразновидни потреби. Заради тоа, семејството е објективно принудено да се отвори кон општеството, така што семејните функции освен во семејството сега се извршуваат и во институциите на општествената заедница.

Во сообразност со расположивите емпириски податоци од истражувањето, надополнети со одредени статистички показатели, во натамошното излагање најнапред ќе се обидеме да го утврдиме степенот на институционализација на дел од економската функција на семејството, односно нејзиниот производен дел. Во научната литература, ваквите истражувања се означуваат како истражувања за семејната поделба на работата, или како истражувања за домашните работи.

Економската функција на семејството, особено во патријархалната човечка заедница, претставува една од нејзините основни функции, која речиси без исклучок се извршува во рамките на семејната група. Во услови на патријархални семејни односи, материјалната основа на која што се базира семејството најчесто е приватната сопственост на средствата за производство. Сите членови на семејството способни за стопанисување непосредно се вклучени во производниот процес, при што дел од производите служат за задоволување на потребите на семејството, а дел од нив се нудат и на пазарот. На тој начин, кај патријархалната човечка заедница во Македонија, производниот и потрошувачкиот дел од економската функција се уште слабо е издиференциран, така што и во денешни услови тие ги задржале карактеристиките и на производствена и на потрошувачка заедница. Сепак, под влијание на процесит ена индустријализација и урбанизација, производниот дел од економската функција покажува тенденција на сé поголема институционализација, за разлика од потрошувачкиот дел кој и натаму останува во семејството, со тенденција на натамошно затворање. Ваквите сознанија произлегуваат од поранешните анализи во врска со раководењето со семејниот буџет, донесувањето на одлуки во семејството за купување на повредни работи и сл.

Иако потрошувачкиот дел од економската функција останува во семејните рамки како основна материјална претпоставка и основен предуслов за нормална егзистенција на семејната група, сепак и кај овој аспект од економската функција се среќаваме со значајни

промени. Додека кај патријархалната човечка заедница потрошувачката функција целосно се извршувања во тесните семејни рамки, за нејзино поуспешно извршување во современата човечка заеница, неопходно е отварање кон пошироката општествена средина. Така на пример, при трошењето на прехранбените и другите основни производи, современата човечка заедница нужно е насочена кон општествените институции кои нив ги произведуваат, што не е случај со патријархалнта човечка заедница. Сепак, самиот чин на трошење се врши во рамките на семејството како човечка заедница и како таков мошне тешко е склон кон институционализација.

Бидејќи во ова поглавје основен предмет на нашиот интерес претставува семејството како институција, односно поопштествувањето на неговите функции, накратко ќе се задржиме само на производниот дел на економската функција на семејството, кој, за разлика од потрошувачкиот, е повеќе склон кон институционализација, односно многу повеќе се пренесува на општествените институции.

Во таа смисла, најнапред ќе се обидеме, во најопшти црти да согледаме какво е влијанието на општеството во оваа сфера од семејниот живот, која што сé до најново време останала затворена и отпорна на сите надворешни влијанија.

Познато е дека, во поразвиените општествени средини за задоволување на потребите на семејството во врска со производните домашни работи, кои порано ги обработивме (подготвување на храна во семејството, одржување на хигиената), како и за задоволување на потребите кои произлегуваат од повисокиот стандард на живеење (одржување на разни современи технички апарати во семејството), постојат специјализирани општествени институции, што воедно значи и повисока институционализација во оваа област. За Македонија неможе да се каже дека поседува развиен систем на вакви институции. Всушност, влијанието на општеството во оваа сфера највоочливо може да се согледа преку општествената исхрана во работните организации, како и преку организираниот превоз на вработените до нивните работни места. Во таа смисла, бројот на работничките ресторани во Македонија е во пораст. Така, додека во 1981 г.- бројот на работничките ресторани изнесувал 235. во 1987 год., нивниот број се зголемил на 301, додека во 1990 год., како резултат на глобалната општествено-економска криза, нивниот број се намалил на 279. Од друга страна, бројот на класичните ресторани, исто така под влијание, пред се, на глобалните општествено-економски прилики, е во

перманентен пораст. Така, нивниот број се зголемил од 104 во 1981 г., на 246 во 1990 г.[28]

На овој начин, општествената заедница вложува напори за растоварување на семејството од производниот начин на задоволување на своите егзистенцијални потреби од храна. Имено, реална е претпоставката дека овие ресторани , а особено работничките, во голема мера придонесуваат за поинтензивно поопштествување на овој дел на економската функција на семејството.

Меѓутоа, во училиштата проблемот на општествената исхрана на учениците е мошне актуелен. Имено, главно поради слабиот квалитет на храна, учениците пројавуваат сосема слаб интерес за ваквиот начин на исхрана. Затоа, и покрај тоа што значителен дел од вработените родители имаат организирана исхрана во работните организации, сепак заради децата, мораат дома да приготвуваат храна. На тој начин се намалуваат и ефектите од поопштествувањето на оваа семејна функција. И покрај тоа што општествените институции овозможуваат одредени услови за позабрзано поопштествување на ова поле, сепак во конкретниов случај, семејството (преку децата) се јавува како фактор кој го оневожможува поопштествувањето.

Во поранешното излагање можевме да констатираме дека, според наведените емпириски податоци, основните домашни работи во урбаните семејства во Македонија се извршуваат исклучиво во рамките на семејството. Тоа значи дека, според податоците што се добиени врз основа на одговорите што непосредно го давале анкетираните членови на семејството, процесот на поопштествување на оваа семејна функција се наоѓа на самиот почеток, така што тој во семејството практично и не се чувствува. Поопштествувањето на основните домашни работи речиси и не е започнато, така што тие највеојатно уште долго време ќе се извршуваат исклучиво во семејството.

Во таа смисла, барем засега, вработувањето надвор од семејството, кое не е наш непосреден интерес, претставува основен и единствен индикатор за степенот на поопштествување на економската функција на семејството. Се разбира, притоа не може да се исклучи и постоењето на помал број специјализирани установи за задоволување на одредени потреби на семејството, најчесто од повисок стандард, кои на некој начин укажуваат на присутноста на процесот на поопштествување на оваа семејна функција. Останува на општествената заедница што поскоро да преземе поконкретни акции за забрзување на овој присутен процес.

---

[28]Извор на наведените податоци: СГМ, 1988, стр.309 и СРМ, 1991, стр.340.

Промените на глобалниот општествен систем доведуваат до сериозно несовпаѓање помеѓу потребите на семејството од поинтензивно поопштествување и реалните можности на општествената заедница. Имено, познато е дека "по правило", потребите секогаш одат пред фактичката состојба. Во тој контекст, во натамошната анализа ќе се обидеме да го утврдиме степенот на потребите од поопштествување на одредени позначајни семејни функции и тоа врз основа на декларативните ставови и очекувања на испитаниците.

На поставеното прашање:"Без разлика на постојната состојба, кој би требало да е одговорен за следните потреби и проблеми на семејството? ја добивме следната дистрибуција на одговори:

| | Стан | Заштита на стари лица | Здрав. заштита | Школување на деца |
|---|---|---|---|---|
| Семејство | 47,3 | 38,7 | 14,1 | 37,1 |
| Работна орг. | 23,9 | 0,8 | 9,0 | 1.3 |
| Месн. заедн. | 1,1 | 2,1 | 1,1 | 0.5 |
| Општина | 17,3 | 26,1 | 27,3 | 29,2 |
| Посебн. инст. | 8,5 | 31,0 | 46,6 | 30,6 |
| Без одговор | 1,9 | 1,3 | 1.3 | 1,3 |
| ВКУПНО | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Овие ставови на испитаниците, иако не ја одразуваат актичката состојба, на специфичен начин ги презентираат нараснатите потреби од поголемо поопштествување на одредени клучни подрачја од семејниот живот. Кај сите наведени области мошне илустративно можат да се согледаат барањата на испитаниците за поинтензивно отварање на семејството кон општествените институции,при што мора да се нагласи дека ваквите барања се објективно условени. Изминатите општествено-економски прилики не дозволуваат вршење на семејните функции исклучиво во рамките на семејната група. Иако слабата економска основа на нашето општество објективно не е во состојба да овозможи поинтензивно поопштествување, сепак , таквите потреби се присутни, така што и на ова подрачје семејствата во Македонија очекуваат приклучување кон европските текови и

тенденции, се разбира откако ќе бидат надминати сегашните хаотични општествено-економски прилики.

И покрај преоптовареноста на семејството, посебно на жената, со извршување на домашните работи, податоците во ова поглавје, донекаде спротивно на очекувањата, покажаа дека при вршењето на основните семејни функции, современата човечка заедница во Македонија во голема мера е препуштена самата на себеси.

Сметаме дека целосно излегување на економската функција од семејството, барем во сегашни услови е невозможно, а со оглед на релативниот карактер на доминацијата на елементите на "заедница" и "институција" во рамките на семејството како примарна општествена група, таквото поопштествување не е ни нужно. Иако настанатите промени во глобалниот општествен систем имаат соодветно влијание и на поопштестувањето на семејните функции во смисла на нивна позабрзана институционализација, сепак, спротивно на очекувањата, брзиот индустриски развиток не доведе до позначајно отварање на семејството кон општеството во поглед на извршувањето на одредени аспекти од својата економска функција. Напротив, сведоци сме дека, современиот индустриско-технички развиток доведува до одредено затворање на семејството во сопствените рамки, така што со помош на современите технички апарати, кај современото семејство се јавува поизразена склоност за извршување на одредени семејни функции во рамките на сопственото семејство, што често се смета за повисок личен животен стандард, со призвук на престиж. Меѓутоа, нараснатите потреби во одредени подрачја на современата човечка заедница бараат, во секој случај, далеку поангажиран однос - како од општеството, така и од самото семејство - во поглед на иницирање и забрување на поопштествувањето на семејните функции.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Во обидот за поцелосно утврдување на социолошките импликации од влијанието на процесот на индустријализацијата врз урбаното семејство во Македонија, се наметна потребата за сфаќање на семејството како комплетна појава. Досегашните социолошки проучувања што ја обработувале оваа проблематика главно се однесувале само на едната страна на семејството, без да го земат предвид неговиот дихотомен карактер. Имено, иако дихотомијата на општествените групи во социологијата била позната уште од првите нејзини почетоци, сепак досегашниот пристап кон проучувањето на семејството, колку што ни е познато, бил едностран: семејството се сфаќало и се обработувало или само како “човечка заедница“ или само како “институција“. Се разбира, во овие истражувања се дошло до драгоцени сознанија кои се однесувале за еден од неговите два аспекта, меѓутоа, бидејки во стварноста семејството секогаш се јавува како целина, во која истовремено се присутни нејзините две страни, недостасуваат сознанија за семејството како комплетна појава.

Со ова истражување направивме обид, колку што ни дозволуваа расположивите емпириски податоци од кои, од објективни причини, посебно се чувствуваше дефицит при разработката на делот за семејството како институција, (користејки и наши поранешни научни сознанија), за утврдување на промените на семејството имајќи го предвид неговиот “мешовит карактер“ во Веберова смисла на зборот, со истовремена присутност на двете негови компоненти.

Иако положбата на семејството, во целина, без разлика на тоа дали се посматра претежно како човечка заедница или пак како институција, секогаш е детерминирана од одредени вредности и норми, сепак од досегашните сознанија се наметнува впечатокот дека промените на семејството како човечка заедница се значително поизразени и порадикални, во споредба со промените на семејството посматрано од неговиот институционален аспект. На прв поглед, се чини дека во првиот случај и покрај големиот број на фактори кои го ограничуваат непречениот и самостоен развиток на семејството, сепак тоа е послободно во практичното задоволување на своите

реални потреби. Во таа смисла, правното санкционирање на семејството од страна на општествениот систем, во склад со неговите потреби и интереси, на некој начин како да го ограничува семејството во неговото слободно делување, со што практично општеството ги утврдува насоките по кои ќе се движи семејството во своето натамошно делување. Меѓутоа, барем во начело, институционализацијата на семејните потреби треба да биде од взаемен интерес и на семејството и на општеството. Во краен случај, јасно е дека општеството го сочинуваат поединци кои растеле и се развиле како личности најнапред во некоја конкретна семејна група, односно во семејството како човечка заедница. Затоа, општеството треба да го насочува делувањето на семејството во правец на задоволување на потребите и интересите на членовите на семејството, но и во правец на задоволување на пошироките општествени интереси.

Како резултат на взаемната соработка на општеството и семејството до полн израз доаѓа индивидуалноста на поединците, со што семејството воедно ја губи својата посредничка улога помеѓу поединецот и општеството. Во денешното општество на "личности". членовите на семејството, односно поединците, неприфаќајќи ги улогите кои на некој начин се јавуваат како "наметнати" од страна на општеството, активно се вклучуваат во општествените текови, со што имаат директно влијание во насочувањето на општествените процеси.

На тој начин, се создаваат реални можности за остварувањето на автономијата на семејството. Таа не треба да се бара во нејзината привидна слобода, како што е случајот со патријархалната човечка заедница, изолирана од поширокиот општествен систем, туку само во взаемната соработка со општеството, каде што современата човечка заедница единствено може целосно да ги задоволи своите потреби.

Во општествениот однос што се создава при процесот на поопштествување на семејните функции се вклучени два субјективитета: семејството и општеството, чии интереси, притоа, може но и не мора да се поклопуваат. Сметаме дека во случаите кога семејните и општествените интереси се кохерентни, семејството ја остварило својата автономност, затоа што во соодветниот општествен однос влегува како активен учесник и општествена сила, при што во соработка со општеството - остварувајќи ги своите интереси и цели успева да одговори на барањата што притоа ги поставува општеството.

Меѓутоа, во случаите кога не постои совпаѓање помеѓу семејните и општествените интереси, автономијата на семејството, сметаме дека се состои во тоа, во која мера семејството, како еден од субјектите во дадениот општествен однос, може да му ги наметне на

општеството сопствените интереси. Од друга страна, може да се случи, во тој однос, настапувајќи во името на глобалните општествени интереси кои би требало да се однесуваат и на семејните, општеството да му ги наметне на семејството своите сопствени, специфични интереси, кои помалку или повеќе отстапуваат од семејните, при што семејството се доведува во подредена положба, односно се загрозува и се доведува во прашање неговата автономија.

На крајот, сметаме дека досегашното излагање ја потврди основната претпоставка, според која се раководевме во ова истражување. Имено, под влијание на процесот на индустријализација, преобразбата на современото македонско урбано семејство од патријархален во современ тип е во тек.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Буриќ, Оливера: Утицај запослености жене на породицу,- Социологија, бр.2,1962.
2. Буриќ, Оливера: Теориско-методолошки модел за истраживање породичне трансформације и његова емпириска провера,- Социологија, Београд, бр.3-4,1970.
3. Буриќ, Оливера: Институционални приступ породице-Научна основа политике према породици,- Социологија, бр.3-4, Београд, 1973.ќ
4. Ерлих, Вера: Породица у трансформацији,- Напријед, Загреб,1964.
5. Фирст-Дилиќ, Ружа; Циклуси породичног живота,- Социологија, Београд, бр.3-4,1973.
6. Голубовиќ, Загорка: Теоријско-методолошки проблеми и искуства у истраживању породице као тоталитета,- Социологија села, бр.40-45,1973.
7. Голубовиќ-Пешиќ,Зага: Теоријско-хипотетички окрив за истраживање промена у структури породице,- Социологија, бр.3,1966.
8. Голубовиќ, Загорка: Породица као људска зајединица,- Напријед, Загреб, 1981.
9. Јовановиќ, Амалија: Демографските движења во СР Македонија-развој на домаќинствата,- Годишник на ИСППИ,бр.1,Скопје,1987,
10. Каљевиќ, Марија: Промена типа домаќинстава у три приградска насеља велеградског подручја.- Социологија, бр.3. Београд, 1966.
11. Кујунџиќ, Риста: Суседство као облик породичног живота,- Социолошки преглед,бр.1, Београд,1971.
12.Матилов, Наум: Социјалната сигурност на семејството во Македонија од аспект на неговата институционализација,- Дијалог, Скопје, бр.2, 1992.
13. Мачек, Олга: Индустријализација и породица,- Социјални рад, бр.2, Београд, 19547.
14. Милиќ, Анѓелка и др.: Домаќинство, породица и брак у Југославији.- Институт за социолошка истраживања, Филозофски факултета у Београду, Београд, 1987.
15.Милиќ, Анѓелка, Теоријски приступи у проучавању породице жена бр.5, Загреб,1968.

16.Милиќ, Анѓелка: Задовољавање потреба и процес подруштвљавања породичних функција.- Социологија, бр.2-3, 1977.
17. Милиќ, Анѓелка: Аутономија породице као циљ друштвене политике.- Социологија,Београд,бр.3-4,1973.
18.Младеновиќ, Марко: Породица измеѓу усамљености и друштвености.- Савремена администрација,Београд, 1976
19.Младеновиќ, Марко: Социологија породице, Књига,1,- Просвета, Београд,1968.
20.Парсонс, Талкот и др.: Теорије о друштву, прва књига, - Вук Караџиќ, Београд,1969.
21.Пешиќ-Голубовиќ,Зага: Теоријско-методолошки проблеми и искуства у истраживању породице као тоталитета.- Социологија села, бр.40- 41,1973.
22.Петроска,Блага: Облици на семејството во Полог.- Годишен зборник на Филозовскиот факултет,Скопје,1967.
23.Петроска, Блага: Типологии на семејството во Југоалсвија,- Институт за политичке студије,Београд,1968.
24.Петровиќ, Ружа: Брак и породица у скоријој будуќности, во книгата: Положај и проблеми породице, Београд, 1968.
25.Петровиќ,Ружа: Брак и друштвена стратификација.- Социологија,бр.1-2, Београд,1991.

## СПИСОК НА ТАБЕЛИ

Табела бр.

1. Семејствата во Македонија според бројот на членовите во 1948.1953, 1961, 1971, 1981 ....102
2. Просечен број на членови на едно семејство во Македонија во 1953, 1961, 1971 и 1981 г. ....102
3. Просечна големина на семејството, според изворот на приходот за Македонија и Југославија ....104
4. Домаќинствата во Македонија според видот и составот во 1981 ....105
5. Семејниот состав на домаќинството, според националноста на домаќинството и местото на живеење во 1991 год ....107
6. Структура на семејните јадра во Македонија според видот на населбата, 1981 год ....109
7. Типот на семејните јадра во Македонија, според економската основа на семејствата, 1981 ....110
8. Однесување на мажот и жената во моментите на несогласување, според видот на населбите ....115
9. Однесување на мажот кон жената во моментите на несогласување, спрема семејниот статус ....116
10. Избор на брачен другар, според националноста на главата на семејството ....124

CONTENTS

DEVELOPMENT OF URBAN CENTRES IN MACEDONIA
- Theoretical and empirical researches

I. URBAN DISCREPANCY IN THE DEVELOPMENT OF MODERN SOCIETY ....... 7

II. THE CRISIS, THE TOWN AND POSITION OF THE HUMAN BEING INSOCIETY ....... 19

III. SOME SOCIAL, ECONOMICAL, SPACIAL AND SOCIOLOGICAL ASPECTS OF URBANISATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ....... 29

IV. SOCIOLOGICAL ASPECTS OF LIFE IN TOWNS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA ....... 45
- results derived from the analysis of empirical research -

A. Quality of life, town size and type of settlements ....... 47
B. Free time and cultural needs of the town population ....... 64
C. Informal groups (neighbourhoods and friendship) and life-stills ....... 69
D. Changes in the place of living and the town size ....... 76
E. Social and ethnic segregation of the town population ....... 78
F. The town as a pleasant place for living ....... 80
G. Ecological consciousness at the town population ....... 83

GENERAL CONCLUSIONS ....... 89

SOCIOLOGICAL IMPLICATIONS OF THE INDUSTRIALISATION UPON THE FAMILY IN THE URBAN ENVIRONMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

I. CHANGES OF THE FAMILY AS A HUMAN COMMUNITY

1. Changes in the relatives structure of the family....99
   a) Changes in the size of the family....101
   b) Changes in the relatives structure of the family....105
   c) Changes in the family core....108

2. Changes in the family relationships....112
   a) The conduct of the man toward women at the moments of disagreement....113

3. Some aspects of changes in the family system of values and norms....118

II. CHANGES OF THE FAMILY AS AN INSTITUTIONS....127

INSTEAD OF CONCLUSION....133